**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**22.02.2023 год.**<br>**БРОЈ 1 ГОДИНА 58** |

**С О Д Р Ж И Н А**


| **Реден број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2023 година | **8** |
| **2.** | Одлука за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈП „Водовод“ - Охрид | **10** |
| **3.** | Заклучок за усвојување на информацијата за постапката за измена и дополна на ГУП на град Охрид за УЗ 2-УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ 17.1 | **11** |
| **4.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **12** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **28** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2022 година. | **47** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **52** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **63** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **67** |
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **70** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **76** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на основното | **93** |

| | | |
|---|---|---|
| | образование за 2022 година (Н1) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 година (НА) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **98** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **102** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 година (НБ) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **106** |
| **16** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **110** |
| **17.** | длука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 година (ВА) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **114** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за здравствена и социјална заштита за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **116** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **121** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **132** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **145** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **151** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година. | **153** |
| **24.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **155** |
| **25.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2022-2024 за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **159** |
| **26.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за јавно | **162** |

| | | |
|---|---|---|
| | осветлување за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | |
| **27.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **165** |
| **28.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **170** |
| **29.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Развојната Програма за други комунални услуги за 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **176** |
| **30.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **179** |
| **31.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **188** |
| **32.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **191** |
| **33.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **202** |
| **34.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **212** |
| **35.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај и завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Општина Охрид за 2022 година и извештајот за годишниот попис за 2022 година. | **214** |
| **36.** | Одлука за усвојување на Годишната сметка за работата на ЈП„Билјанини извори“ Охрид за 2022 година. | **264** |
| **37.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЈП„Водовод“ - Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **265** |
| **38.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **266** |
| **39.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски Пазар“ Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2022 година. | **267** |
| **40.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2022 година. | **268** |
| **41.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година. | **269** |
| **42.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Христо Узунов“ - Охрид. | **270** |

| | | |
|---|---|---|
| **43.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Григор Прличев“ - Охрид. | **271** |
| **44.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид. | **272** |
| **45.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Братство - единство“ - Охрид. | **273** |
| **46.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид. | **274** |
| **47.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти. | **275** |
| **48.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец. | **276** |
| **49.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОУ„Св.Наум Охридски“ с. Пештани. | **277** |
| **50.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОМУ„Методи Патче“ - Охрид. | **278** |
| **51.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОСУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид. | **279** |
| **52.** | длука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ - Охрид. | **280** |
| **53.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ - Охрид. | **281** |
| **54.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за финансиското работење на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид за периодот 01.01.-31.12.2022 година. | **282** |
| **55.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2021/2022 година. | **283** |
| **56.** | Решение за именување член во Комисијата за заштита на животната средина. | **284** |
| **57.** | Решение за именување член во Статутарно - правна комисија. | **285** |
| **58.** | Одлука за давање согласност на Правилникот за користење финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на регистрирани занаетчии на подрачјето на општина Охрид. | **286** |
| **59.** | Одлука за донесување Правилник за критериумите и постапка за доделување еднократна парична помош на физички лица. | **287** |
| **60.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на ЈП Водовод Охрид за 2022 година. | **292** |
| **61.** | Одлука за примање на донација од ОКТА АД Скопје во проектирање и инсталација на фотонапонска централа во општина Охрид. | **293** |
| **62.** | Одлука за давање согласност за просторно преместување на | **294** |

| | | |
|---|---|---|
| | дисперзираните паралелки по фудбал при ДСУ „Спортска академија“ - Скопје во рамки на ОСУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид. | |
| **63.** | Одлука за утврдување локација за градба на спомен - обележје на Стојан Шутев, Тасе Васев и Коле Јанев, загинати за време на Илинденското востание. | **296** |
| **64.** | Програма за дополнување на програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од пет години (септември 2019 - септември 2024). | **297** |
| **65.** | Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2023 година. | **298** |
| **66.** | Програма за измени и дополнувања на годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2023 година. | **305** |
| **67.** | Одлука за утврдување локации за собирање и селектирање на комунален отпад на подрачјето на општина Охрид. | **307** |
| **68.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 80/1 КО Долно Лакочереј. | **310** |
| **69.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 181/4 КО Љубаништа. | **311** |
| **70.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 182, кп.бр.183 и кп.бр.184/1 КО Косел. | **312** |
| **71.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1141/1 и кп.бр.1341/1 КО Долно Лакочереј. | **313** |
| **72.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1303 КО Лескоец. | **314** |
| **73.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1374 КО Лескоец. | **315** |
| **74.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1914 и кп.бр.1915 КО Горно Лакочереј. | **317** |
| **75.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1937/4 и кп.бр.1936/1 КО Лескоец. | **318** |
| **76.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1950/1 КО Горно Лакочереј. | **319** |
| **77.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1953 КО Горно Лакочереј. | **320** |

| | | |
|---|---|---|
| **78.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1965 КО Лескоец. | **321** |
| **79.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2004/1 КО Лескоец. | **323** |
| **80.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2042/1 КО Пештани. | **324** |
| **81.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2310/1 КО Долно Лакочереј. | **325** |
| **82.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2346/1 КО Лескоец. | **326** |
| **83.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2866 КО Охрид 4. | **327** |
| **84.** | длука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2929 КО Коњско. | **329** |
| **85.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 3246 КО Елшани. | **330** |
| **86.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 142 КО Вапила. | **331** |
| **87.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 804 КО Љубаништа. | **332** |
| **88.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1698 КО Лескоец. | **333** |
| **89.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1843/1 КО Лескоец. | **335** |
| **90.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 1956 КО Лескоец. | **336** |
| **91.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на кп.бр. 2458 КО Лескоец. | **337** |
| **92.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр. 8726 КО Охрид 2 | **338** |

| | | |
|---|---|---|
| **93.** | Јавна објава | **338** |
| **94.** | Јавна објава | **339** |
| **95.** | Јавна објава | **339** |
| **96.** | Јавна објава | **340** |
| **97.** | Јавна објава | **340** |
| **98.** | Јавна објава | **341** |
| **99.** | Јавна објава | **342** |
| **100.** | Јавна објава | **342** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Охрид за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/129**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид за 2023 година на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН.. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТ. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| **461130** | **Субвенции за јавни комунални претпријатија** | **3.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Е00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| **426990** | **Други оперативни расходи** | **-100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **464990 Други трансфери** | **-2.900.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Предлог измените и дополнувањата во наведените програми стануваат составен дел на буџетот на општина Охрид за 2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Охрид"

**Број 08 - 3254/3**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ТРОШОЦИ ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за субвенционирање трошоци за потрошена електрична енергија на ЈП „Водовод“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/130**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ТРОШОЦИ ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука, од страна на Општина Охрид се обезбедуваат средства од буџетот на општината за субвенционирање на ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД со цел надминување на тешката финансиска состојба, односно исплата на дел од трошоците за потрошена електрична енергија.

**Член 2**

Средствата за субвенционирање на дел од трошоците за потрошена електрична енергија на ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД ќе бидат обезбедени од конто 461130 - Субвенции за јавни комунални претпријатија, програма А0 - Совет на општина Охрид, на износ од 3.000.000,оо денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”

**Број 08- 3254/4**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП НА ГРАД ОХРИД ЗА УЗ 2-УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ9.1,9.3; УЗ 12-УБ12.2; УЗ 13-УБ13.2; УЗ 17-УБ17.1**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на информацијата за постапката за измена и дополна на ГУП на град Охрид за уз 2-УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17- УБ 17.1, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/131** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ГУП НА ГРАД ОХРИД ЗА УЗ 2-УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ9.1,9.3; УЗ 12-УБ12.2; УЗ 13-УБ13.2; УЗ 17-УБ17.1**

1. Се усвојува Информацијата за постапката за измена и дополна на ГУП на град Охрид за УЗ 2-УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ9.1,9.3; УЗ 12-УБ12.2; УЗ 13-УБ13.2; УЗ 17-УБ17.1.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**Охрид** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/132**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/6**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ
### ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2022 – 31.12. 2022 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Развој на туристичка инфраструктура**
2. **Туристичка промоција на Охрид**
3. **Стандардизација и развој на туристички услуги и производи**
4. **Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2421 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Поставување на ХотСпот интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид за туристи,
- Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”
- Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020.

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година.

1. Развој на туристичка инфраструктура

2. Туристичка промоција на Охрид

3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи

4. Управување со туристички дејности за стимулирање на развој на туризмот

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2022 год. во однос на 2021 год.), според записници од општински инспекторат

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2022 – 31.12.2022 год.**

**1. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декемв ри 2022 | Изградба на адреналински парк | Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители. Паркот ќе зафаќа површина од околу 400 м2 и ќе биде направен според ЕУ стандарди. | Со оглед на економската криза и поскапувањата, направена е нова анализа на пазарот, утврдена е сумата која поради инфлацијата е неопходна да се надополни, во тек е изработка на модификација на буџет кој ќе биде доставен до донаторот на одобрување, по што ќе се продолжи со постапката за јавна набавка. Во овој период исто така се започна постапка за изработка на нов основен проект и урбанистичко решение за просторот. | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Не се потрошени финансиски средства. |
| **1.2 Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декемв ри 2022 | Изградба на PUMP TRACK полигон | Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од | Со оглед на економската криза и поскапувањата, направена е нова анализа на пазарот, утврдена е сумата која поради инфлацијата е неопходна да се надополни, во тек е изработка на модификација на буџет кој ќе биде доставен до донаторот на одобрување, по што ќе се продолжи со постапката | Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”. Не се потрошени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. | за јавна набавка.<br>Во овој период исто така се започна постапка за урбанистичко решение за просторот. | |
| **1.3.** | **Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”** | | | | |
| **1.** | Јануари – Декемв ри 2022 | Бесплатен hot spot интернет | Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид. | Спроведена постапка за ТРЕТА објава за јавна набавка за Хот Спот интернет, по предходните две објави за избор на економски оператор кои не беа успешни. Избран е економски оператор. Склучен е договорот на ден 25.11.2022 год во време траење од 1 год. | Реализирани се 12.520,00 денари врз основа на предходниот договор за 2021 година. |

2. **ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на прогр. цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Промоција на туристичкиот потенцијал | Промоција на туристичкиот потенцијал се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство. | Учество на саем за туризам во Белград – Р. Србија 24-25.03.2022. Општина Охрид зеде активно учество на штандот на АППТ на Р Македонија како и учество на промоцијата на Охрид пред српски туристички работници, која се одржа во рамки на саемот.<br>Доставени промотивни материјали до АППТ при нивните учества на одржаните саеми за промоција на туризмот. | Исплатени се финансиски средства во износ од 13.200,00 мкд. |
| **2.2. Изготвување на промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Изготвување на промотивен материјал за Охрид | Оваа активност вклучува изготвување на печатен или електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е репринт на постоечкиот промотивен материјал, но и изготвување на нов промотивен материјал согласно потребите на туристичкиот пазар, односно дизајнирање на нов промотивен материјал, изработка и откуп на високо квалитетни фотографии и видеа кои ќе бидат откупени. | Објавен е јавен повик за избор на фотографии. Повикот е завршен во текот на првиот квартал, извршен е избор на фотографии, изготвено е решение за избор и потпишани се договори со 12 апликанти на кои им се исплатени средства во износ од 283.600,00 мкд.Во однос на делот од активноста кој се однесува на печатење на промотивниот материјал, во текот на вториот квартал е склучен договор со избраниот економски оператор на кој му беше доставен и налог за печатење на целокупната количина од истиот. Материјалот е доставен до општина Охрид и истиот се користи за промотивни цели на | Реализирани се средства во износ од 283.600,00 мкд по однос на јавнуиот повик за избор на фотографии.<br>Реализирани се средства во износ од 683.102,00 мкд. за печатење на рекламен материјал.<br>Вкупно реализирани средства за оваа активност се во износ од 966.702,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | градот. | |

## 3. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Воведување на концепт за поврзување на локалното производство со туристичката индустрија - ЛОКАВОРЕ** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Воведување на концепт за поврзување на локалното производство со туристичката индустрија - ЛОКАВОРЕ | Оваа активност предвидува серија советувања, обуки и трибини за концептите на ЛОКАВОРЕ и „На трпеза директно од на нива“ – идеја, главни концепти, правилници. | По спроведената постапка за јавна набавка, избран е економски оператор со кого е потпишан договор во Декември 2022. Согласно договорот, изработени се правилник за воведување на концептот Локаворе и користење на истиот концепт, изготвена е брошура за процесот на воведување на локално произведена храна во угостителството, дизајнирано е заштитно ЛОГО за процесот Локаворе. Дел од активностите поради обемот на процесот на подготовка ќе биат имплементирани во 2023. | Согласно договорот, средствата во износ од 230.100,00 мкд ќе бидат исплатени во 2023 |
| **3.2. Родова инклузивност и вклучување на жените во руралниот туризам** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Родова инклузивност и вклучување на жените во руралниот туризам | Во рамките на оваа активност, преку серија обуки беше опфатенио делувањето на секторот за туризам и локален развој кон подобрување на условите за постигнување поголема економска независност на руралните жени, при што целта беше поголема информираност и вклученост на руралните жени во искористување на мерките за поддршка на руралниот развој преку програмата за поддршка на туризмот и локалниот развој, можностите за искористување на мерките за рурален развој и ИПАРД фондовите и | По спроведена постапка за јавна набавка, избран е економски операторт ЕУРО ВИСТА КОНСАЛТИНГ СТРУМИЦА, со кого беше потпишан договор и започна спроведувањето на обуките и истражувањата. На теоретските обуки кои траеа 2 дена, и се одржаа во просториите на општина Охрид, присуствуваа 30 учеснички од охридскиот регион. Со присуството на обуките, учесничките се здобија со нови знаења, вештини и информации за процесот на родова инклузивност во процесите на рурален | Реализирани се 143.960,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | други фондови за ранливи категории. | развој. | |
| **3.3. Кампања „КУПУВАЈ ЛОКАЛНО (BUY LOCAL) - “OHRID GO local”** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Кампања купувај локално „КУПУВАЈ ЛОКАЛНО (BUY LOCAL) | Со оваа активност се спроведе кампања за промоција на локалните производи во насока на креирање на нови туристички производи и стимулирање на локалната економија. Одржани беа повеќе активности за промоција на локално произведени производи, изработка на дата база на локални производители која ќе биде достапна за сите заинтересирани страни (потрошувачи, туристички работници, угостители и сл), тематски кампањи за промоција на одредени производи во маркетите во градот и сл. | Спроведена беше постапка за јавна набавка и избран беше економски оператор – Идеја Плус Скопје. По склучениот договор, се започна со активности, при што беа изработени регистар на локални производители, изработено лого Buy Local – Купувај Локална, организиран промотивен настан (мала саемска промоција), која се одржа во просториите на ФТУ – Охрид и на која присуствуваа над 15 локални производители на храна, пијалоци и занаетчиски производи, дизајнирана и спроцедена промотивна кампања, испечатени промотивни флаери, постери, банери, налепници и спровеведена промотивна кампања во локалните супермаркети. | Реализирани се 400.000,00 мкд. |
| **3.4. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој** | | | | | |
| **1.** | Јули – Декември 2022 | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот | Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Предвидено е финансирање на микропроекти за ревитализација на традиционални рурални туристички атракции од заедничко значење за заедницата (ревитализација на стари фурни, чешми, воденици, занаетчиски простори, фото-документациски архиви, имплементација на програми за соработка и вмрежување, како и поддршка на идеи | Активноста се реализираше со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество. Комисијата донесе одлука за кофинансирање на 6 проектни предлози во делот од Туризам:<br>**1.** Здружение Св.Василиј - село Куратица - ревитализација и обележување на пешачки патеки, заштита на постоечката инфраструктура и вмрежување на локалните целни групи преку креирање на нови туристички производи и услуги – износ 148.210,00 мкд. | Реализирани се 435.500,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за промоција на локални производи и услуги и сл.). | **2.** Здружение за заштита и одржлив развој на животната средина Регионален зелен центар Охрид -Виртуелна реконструкција и изработка на макета на римската гробница од “Видобишта“ во Охрид – износ 112.000,00 мкд.<br>**3.** Туристичка асоцијација Билјана, Охрид -Архео-парк: Раица-Манастириште, фаза I, село Љубаништа, општина Охрид – проектот не се реализира.<br>**4.** Нуркачки Центар Амфора -Подводни културно историски знаменитости во Охридското Езеро – износ 93.790,00 мкд.<br>5. Здружение за поттикнување и промоција на информатиката “Асоцијација на студенти и информатичари” – Охрид – „Охрид – град на културата и традицијата преку модерниот свет“ - проектот не се реализира.<br>6. Институт за традиционални вредности – Здружение за култура и соживот со природата - Охрид-„Визуелно креативен град“ - износ: 81.500,00ден.<br>Од вкупно одобрени проекти реализирани се 4 проекти додека 2 проекти не се реализирани. | |
| **3.5.** | **Реализација на активности од „Анализата на визуелното оптеретување на градот“ - “OHRID GO authentic”** | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Реализација на активности од анализата на визуелното оптеретување на градот | Оваа активност предвидува имплементација на мерки согласно *Анализата на визуелното оптеретување на градот.* Изготвен беше Правилник за стандардизација и визуелна унификација на урбаната текстура, урбаниот мобилијар | Спроведена беше постапка за јавна набавка и избран економски оператор – Румен Инженеринг – Охрид со когобеше склучен договор. Согласно договорот изработени беа *Правилник за стандардизација и визуелна унификација* | Реализирани се 342.200,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | и утилитарните објекти и опрема и Каталог за типолошки серии на опрема, материјал за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на типолошки серии. | *на урбаната текстура, урбаниот мобилијар и утилитарните објекти и опрема* и *Каталог за типолошки серии на опрема, материјал за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на типолошки серии*. Истиот беше усвоен од страна на Советот на општина Охрид. | |
| **2.** | Јануари – Декемвр и 2022 | Поставување на нови излози во старата охридска чаршија | Оваа активност предвидува промена на излозите на 6 објекти лоцирани во охридската чаршија чии проекти предлози беа претходно доставени и одобрени од Министерството за економија. | Од страна на економскиот оператор не е испочитуван склучениот договор за изработка на излозите. Активноста не е реализирана од страна на избраниот економскиот оператор во времетраење на склучениот договор. | Не се потрошени финансиски средства. |

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Реализирани финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1 Усвојување на стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид за 2020-2025 година** | | | | | |
| **1.** | Јули – Септември 2022 | Усвојување на стратегијата за развој на туризмот | Оваа активност предвидува јавна презентација на Нацрт стратегијата за развој на туризмот 2020-2025 година пред целокупната јавност, изработка на стратешка оценка за влијанието врз животната средина и разгледување на стратешкиот документ од Советот на општина Охрид. По нејзиното усвојување истата ќе биде официјален стратешки документ на општина Охрид. Факултетот за туризам и угостителство – Охрид е изработувач на наведениот стратешки документ. | Министерството за животна средина и просторно планирање достави позитивно мислење по Финален извештај за стратегиска оцена на животна средина по однос на Нацрт Стратегијата за развој на туризмот во кое е наведено дека нема забелешки по однос на содржината и обемот на документот<br>Во меѓувреме, Нацрт верзијата на стратегијата беше побарана на увид од страна на Комисијата за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот Регион. За истата се добиени коментари за дел од предвидените активности | Не се реализирани финансиски средства. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | по однос на кои, во соработка со изработувачот, Факултетот за туризам и угостителство е доставен одговор. Истата е потребно да се преведе на англиски јазик и да се достави на одобрување во седиштето на Унеско во Женева. По нејзиното одобрување од страна на сите надлежни инстанци, истата ќе биде доставена на Советот на општина Охрид за усвојување. | |
| **4.2 Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2022 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2443 станоиздавачи од кои во текот на третиот квартал на 2022 се регистрирани 131 нови станоиздавачи. | Не се реализирани финансиски средства. |
| **2.** | Јануари – Декември 2022 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во периодот од Јануари -Декември поднесени се 186 барања за продолжување на решенијата за категоризација. | Не се реализирани финансиски средства |
| **3.** | Јануари – Декември 2022 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на периодот од Јануари-Декември од 2022 година заверени се 72 нормативи за храна и пијалоци. | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.** | Јануари – Декември 2022 | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го пријават своето работно време | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид во текот на периодот од Јануари-Декември од 2022 година поднесени се вкупно 84 пријави за утврдување на работно време од кај угостителските објекти | Не се реализирани финансиски средства |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | Јануари – Декември 2022 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Базата со податоци за вршители на угостителска дејност од мал обем се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |
| **6.** | Јануари – Декември 2022 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Базата со податоци за вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) се ажурира континуирано. | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.3.** | **Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем** | | | | |
| 1 | Јуни – Декември 2022 | Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем | Една од целите на оваа активност е да се стимулираат приватните станоиздавачи за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата, од една страна, како и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна. | По финализирање на Правилникот и Јавниот повик, истите се доставени на Совет на општина Охрид и усвоени. Објавени се два јавни повици за различен период на субвенционирање. Аплицирале во повикот 2 станоиздавчи и субвенционирани се 2 станоиздавачи во двата јавни повици. | Исплатени се во двата Јавни повици вкупно во износ од 5 600,00 мкд. |

## 5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.1.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| **1.** | Април – Декември 2022 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Проектот е имплементиран.<br><br>3-те извештаи поднесени во МИС Системот се одобрени. Проектот е завршен. | Извршен е поврат на средства во износ од 1,790,264.<br>Вкупно извршен поврат на средства кои ќе бидат вратени на општинската сметка се во износ од 3.462.209,00 мкд. |
| **5.2.** | **Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | |
| **1.** | Април – Декември 2022 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ - „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Проектот е имплементиран.<br><br>3те извештаи поднесени во МИС Системот се одобрени. Проектот е завршен. | Реализирани се 688.000 мкд. |

**II.Информација за наплата на таксата за привремен престој**
Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2022 до 31.12.2022** година е следна:
**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец септември)**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни становидавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | 181.192 | 68.408 | 249.600 |
| 2 | **Февруари** | 121.920 | 23.640 | 145.560 |
| 3 | **Март** | 256.912 | 17.024 | 273.936 |
| 4 | **Април** | 347.232 | 10.272 | 357.504 |
| 5 | **Мај** | 594.112 | 41.728 | 635.840 |
| 6 | **Јуни** | 1.862.990 | 82.160 | 1.945.150 |
| 7 | **Јули** | 2.218.008 | 121.824 | 2.339.832 |
| 8 | **Август** | 2.949.136 | 298.864 | 3.248.000 |
| 9 | **Септември** | 3.689.387 | 480.040 | 4.169.427 |
| 10 | **Октомври** | 1.749.312 | 499.952 | 2.249.264 |
| 11 | **Ноември** | 1.128.408 | 147.912 | 1.276.320 |
| 12 | **Декември** | 472.800 | 135.352 | 608.152 |
| | **ВКУПНО** | 15.571.409 | 1.927.176 | 17.498.585 |

**Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој наплатени се вкупно 17.498.585,00 денари, од кои вкупно 4.133.736,00 денари се наплатени во текот на четвртиот квартал од оваа година.**

**Споредба Јануари - Декември**

**За споредба, во 2021 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 12.250.198,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за период од Јануари 2022 – Декември 2022 година е зголемена за 43% во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2021 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на остварени ноќевања во сместувачки објекти за 2022 год. во однос на 2021 год.)**

| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр. Ноќевања** | | **Однос%** | **ВкупноНоќевања** | | **Однос %** |
| | | **2021** | **2022** | **2022/21** | **2021** | **2022** | **2022/21** | **2021** | **2022** | **2022/21** |
| 1 | Јануари | 6.351 | 8.590 | 135.3 | 1.842 | 3.146 | 170.8 | 8.193 | 11.736 | 143.2 |
| 2 | Февруари | 5.020 | 5.905 | 117.6 | 2.830 | 3.844 | 135.8 | 7.850 | 9.749 | 124.2 |
| 3 | Март | 4.358 | 6.999 | 160.6 | 2.525 | 7.253 | 287.2 | 6.883 | 14.252 | 207.1 |
| 4 | Април | 4.347 | 8.974 | 206.4 | 2.221 | 13.046 | 587.4 | 6.568 | 22.020 | 335.3 |
| 5 | Мај | 11.190 | 14.863 | 132.8 | 6.307 | 31.896 | 505.7 | 17.497 | 46.759 | 267.2 |
| 6 | Јуни | 20.148 | 22.810 | 113.2 | 15.441 | 41.863 | 271.1 | 35.589 | 64.673 | 181.7 |
| 7 | Јули | 246.952 | 250.808 | 101.6 | 40.477 | 69.425 | 171.5 | 287.429 | 320.233 | 111.4 |
| 8 | Август | 309.714 | 292.104 | 94.3 | 56.892 | 74.491 | 130.9 | 366.606 | 366.595 | 100.0 |
| 9 | Септември | 36.080 | 31.501 | 87.3 | 26.611 | 46.856 | 176.1 | 62.691 | 78.357 | 125.0 |
| 10 | Октомври | 13.307 | 28.509 | 214.2 | 9.540 | 26.126 | 273.9 | 22.847 | 54.635 | 239.1 |
| 11 | Ноември | 10.306 | 10.745 | 104.3 | 4.567 | 9.361 | 205.0 | 14.873 | 20.106 | 135.2 |
| 12 | Декември | 9.936 | 8.576 | 86.3 | 3.779 | 8.726 | 230.9 | 13.715 | 17.302 | 126.2 |
| **ВКУПНО** | | **677.709** | **690.384** | **101.9** | **173.032** | **336.033** | **194.2** | **850.741** | **1.026.417** | **120.6** |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на остварени ноќевањата во сместувачки капацитети за период од 01.01.2022 – 31.12.2022 година, во однос на 01.01.2021 – 31.12.2021 година, е зголемен за 20.6% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 1.9%, а кај странските има зголемување за 94.2%.**

**Број 08-3254/7**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/133** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р**

**Извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2022 до 31.12.2022 година.**

Во текот наовојпериод одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид. Општина Охрид оваа програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој. Овој период скоро сите мерки во програмата опфаќаат социјална инклузија на сите граѓани, се водеше сметка за социјалната димензија да биде инкорпорирана во повеќето мерки.

Активностите за реализација на годишната програма за 2022 се реализираат во следните области на делување:

1.Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата;

2.Зајакнување на локалниот економски развој преку подобрување на услугите на локалната самоуправа;

3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.;

4. Подготовка на проекти и проектно управување;

**Посебен акцент вопрограмските активности за текот на2022 годинаовој квартал од работењето на одделението за локален економски развој се даде на следните активности:**

- Субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните на општина Охрид;
- Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии;
- Фонд за иновации– издвојување финансиски средства за млади лица;
- Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд. (Кузман Шапкарев)
- Имплементација на проект „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)” од програмата EU for municipalities.
- Имплементација на Проект: "Cross4all“,одпрвиотповикзапроектнипредлозиод ИНТЕРРЕГ ИПА ПрограматазапрекуграничнасоработкапомеѓуРепубликаГрција – РепубликаМакедонија 2014-2020.

<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2022 – 31.12.2022год.**

1. **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

**1.1.** Одржување на едукативни сесии за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство.

**1.2.** Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии.

**1.3.** Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини.

**1.4.** ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид.

**1.5.** Фонд за иновации.

2. **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ**

2.1. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна.

2.2. Формирање на Smart Ideas Hub – Старт Ап центар.

2.3. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид.

2.4. Субвенционирање на набавка на велосипед.

**3. ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

**3.1.** Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој

4. **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ**

4.1.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти.

4.2.Средства од аплицирани и одобрени проекти

1. **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Одржување на едукативни сесии за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство.** | | | | | |
| 1. | Јануари - Декември2022 | Со оваа активност се предвидува поддршка на претприемништвото и отворање на нови работни места преку самовработување во областа на регистрирано занаетчиство. | Запознавање на заинтересираните целни групи со Законот за занаетчиство; вршење на дејност; занаетчиски регистар; упис во занаетчискиот регистар; фирма (натпис); упис на промена; седиште; начин на вршење на дејност; престанок на дејност; занаетчиска дозвола услови за издавање на занаетчиска дозвола; субвенционирање на вршители на занаетчиска дејност; мајсторска титула; организирање на чирачка работа; Занаетчиска комора на Република С. Македонија. Оваа комплексна активност е планирно да се реализира преку предавања и едукативни сесии во соработка со занаетчиска комора и други стручни лица, здруженија, организации. | Одржан е состанок со вработен во АВРСМ и Претседателот на Занаечиската комора – Охрид, а воедно е одржана и сесија со цел запознавање на заинтересираните целни групи со Законот за занаетчиство | Оваа активност се реализира во рамки на тековните активности на одделението. |
| **1.2. Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии** | | | | | |
| 1. | Јануари - Декемв | Мерката за субвенционирање на новорегистрирани и | Како надополнување на претходната активност, Секторот за ТЛЕР предвидува | Оваа активност предвидува субвенционирање на веќе регистрирани занаетчии, но и | Реализирани се 300.000,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ри 2022 | на веќе регистрирани занаетчии предвидува поддршка на веќе регистрираните занаетчии, но и на невработени лица кои ќе имаат можност за самовработување преку нивно регистрирање како вршители на занаетчиска дејност. | мерка преку која заинтересираните граѓани ќе можат и практично да ја искористат можноста за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство, односно искористување на предностите од регистрирањето како занаетчија во занаетчиски регистар. Преку оваа мерка ќе биде овозможено субвенционирање за започнување на сопствен занаетчиски бизнис во гастрономија, туризам, трговија, производство, дизајн, сликарство, автомеханичарство, и сл. Условите за добивање на субвенции ќе бидат дефинирани преку посебен правилник. | поддршка на лица кои би основале сопствен бизнис преку нивно регистрирање како вршители на занаетчиска дејност.<br>Во однос на субвенционирањето на оваа активност Секторот за ТЛЕР објави 2 Јавни повици за субвенционирање на регистрирани занаетчии и субвенционирање на новорегистрирани занаетчии по претходно изготвен Правилник кој е усвоен од Советот на општина Охрид. Што се однесува до субвенционирањето на новорегистираните занаетчиипо објавувањето на Јавниот повик, пристигнати беа 8 апликации од кои 1 не ги исполнуваше условите наведени во истиот (валајчар, фризерски салон и салон за разубавување, дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалоци, перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени производи), додека за субвенционирање на веќе регистрирани занаетчии пристигнати беа 11 апликации од кои условите ги исполнуваа 7 апликанти (свеќари, сервис за ел.апарати, поправка на обувки и изработка на хартија). За сите горенаведени апликанти кои ги исполнуваа условите, изготвен е записник, извештај и решение и истите се исплатении тоа:<br>- Субвенционирање на | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | новорегистрирани занаетчии 75.600,00 денари и<br>-Субвенционирање на веќе регистрирани занаетчии 216.000,00 денари | |
| **1.3.** | **Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини.** | | | | |
| **1.** | Јануари - Декемв ри 2022 | Оваа мерка вклучува запознавање на пошироката јавност со новите можности и правилници за производство и пласман на хранакако можност за зголемени приходи и економски развој во руралните средини. | Презентирањето и активното работење на терен со оваа категорија на луѓе, во контекст на искористување на можностите на ваквите мерки, ќе допринесе за зголемување на бројот на лица кои би можеле да ги користат бенефитите на овие мерки, а со тоа долгорочно да започнат свој бизнис во руралната средина преку:<br>1.3.1. Одржување на информативно едукативна обука за презентирање на можностите кои ги нудат новите правилници за производство на храна со традиционални карктеристики за анимални производи, за начин на регистрирање, потребни документи, меѓусебно вмрежување и сл.<br>1.3.2. Теренска обука | Беше спроведена јавна набавка и потпишани договори со економски оператори.<br>Прво иот дел се реализираа информативно-едукативни работилници а во Вториот дел од обуките се реализираа преку активна посета во руралните области на општина Охрид и Дебарца, и средби со руралните жители, претставници на месни заедници, здруженија на граѓани од руралните области рурални жени и млади, мали фармери, производители на агро и сточни производи, представници на месни заедници и други заинтересирани.<br>Обуките се реализирани од страна на ЕУРО КОНСАЛТИНГ СТРУМИЦА, во периодот на месец Декември 2022 година. Теоретските обуки се реализирани за 30 учеснички а теренските обуки и анализи на состојби, запознавање со можности со работа и со ЛИДЕР програмата на терен за фармерски семејства во;<br>- општина Охрид: Косел, Елшани, Куратица, Орман.<br>- општина Дебарца: Мешеишта млади фармери, Белчишта и Велмеј | Реализирани се 140.420,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.4. Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декемв ри 2022 | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид и формирање на ЛАГ | LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД.<br>За спроведување на оваа активност се предвидени серија на обуки. | Обуката е за имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид за членовите на Локалната Акциска Група и други заинтересирани страни. Обуките се реализирани од страна на ЕУРО КОНСАЛТИНГ СТРУМИЦА, во периодот на месец Декември 2022 г. Одржани се теоретските обуки на кој присуствуваа околу 30 лица а воедно и теренска обука и анализа на состојбите, при што лицата беа запознаени со можноста за работа со ЛИДЕР програмата и нејзината апликабилност. | Реализирани се 143.960,00 мкд. |
| **1.5. Фонд за иновации** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декемв ри 2022 | Формирање на Фонд за Иновации преку издвојување финансиски средства за поддршка на млади лица за иновативни идеи. | Целта на овој фонд е да се издвојат финансиски средства за поддршка и афирмација на млади лица кои имаат иновативни идеи, а во насока на потикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, како и заштитата на животната средина. | Во оваа година од страна на Комисијата е изготвен правилник кој е усвоен од Советот на општина Охрид, објавен е Јавен повик на кој се пријавени 5 апликации за иновативни идеи. 2 апликанти ги исполнуваа условите наведени во Јавниот повик. Изготвено е решение за исплата на одобрените парични средства. Се доделија 2 награди за проектите „Примарно и секундарно селектирање на отпад“ во бруто износ од 45.000,00 денари и проект „Изработка на прототип на бродче на електричен погон од соларни ќелии за собирање на отпад на водна површина во бруто износ 25.000,00 денари. | Реализирани се 70.000,00 мкд. |

## 2. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2022 | Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде функционално искористена. | Случајот со објектите кои се лоцирани таму, а кои веќе долго време не функционираат и се во прилично лоша состојба. Сепак, веќе реновираната една зграда, како и планираните содржини од рекреативен карактер, се показател дека истата може да прерасне во нов урбан центар на градот. Со цел, зачувување на функционалноста на локацијата, нејзиното транформирање во јавна површина со комбиниран карактер (технолошки и рекреативен), потребен е сериозен и сеопфатен пристап во планирањето на нејзиниот развој. Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Самиот концепт за нејзина трансформација ќе овозможи развој на голем број на незагадувачки дејности, дисперзија на | Оваа година спроведена е процедура за набавка на Студијата според правилата на ПРАГ по претходно направено истражување на пазарот. Избран е најповолен економски изведувач и потпишан е договор, со што е започнато со изработка на студијата. | Реализирани се 1.033.200,00 мкд. согласно договорот за авансно плаќање при почеток на реализација на активноста. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | гравитирањето на населението и посетителите надвор од градскиот центар, ќе овозможи отварање на работни места, а воедно ќе биде и место за разонода и рекреација на сите генерации. Преку оваа студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл. | | |
| **2.2.** | **Формирање на Smart Ideas Hub – Старт Ап центар** | | | | |
| **1.** | Јануар и - Декември 2022 | Целта на оваа активност е создавање на услови за развој на локалната економија базирана на знаење, како и придвижување на локалната економија преку воспоставување иновативен механизам за вклучување на граѓаните, граѓанските организации и бизнисите во развој на локалната економија. | Во рамки на една од зградите на поранешната касарна, на површина од 400 м2, е формиран старт ап центарот. Истиот е претворен во простор за работа со 4 засебни отворени канцеларии, целосно технички опремен, со посебен конференциски дел, мини кујна и сл. Стартап центарот како и пропратните содржини ќе овозможат основи услови за развој на претприемништвото во Охрид, поддршка за младите претприемачи од Охрид и регионот, како и развој на иновации. Дополнително проектот ќе привлече компании од ИТ сферата и дигиталната дејност кои секогаш бараат услови за работа кои ја поттикнуваат креативноста, но и директно ќе влијае за социо-економскиот развој на Охрид и регионот. | Касарна Хаб е целосно опремен и функционален. Редовно се одржуваат настани и едукативни средби. Во 2022 се одржани над 30 настани, со над 2000 посетители од различни сфери и области. Како дел од настаните се Отворен ден на претприемачи, преку кој околу 20 лица обезбедија вработување, Хакатон, натпревар Game Jam, разни презентации, тим билдинзи, менторшип програми и сл. Хабот редовно го користат и лица кои од тука ги извршуваат своите работни задачи. | Реализирани се 1.708.284,00 мкд. |
| **2.3.** | **Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануар и - Декември 2022 | Градскиот SMART систем за велосипеди ќе биде воспоставен со цел да ги реши предизвиците на урбаната микромобилност и да го подобри квалитетот на животот за жителите на градот. | Споделувањето велосипед ќе биде алтернативна транспортна опција, дополнување на јавниот превоз, фокусирана на жителите и посетителите / туристите. Ваквиот систем се предвидува да има повеќекратна вредност, како за луѓето, така и за животната средина.. Системите за споделување велосипеди имаат позитивни надворешни ефекти врз економијата, употребата на енергија, животната средина и јавното здравје. Споделувањето велосипед е исто така корисно за намалување на урбаниот метеж, загадувањето со бучава, намалување на CO2 емисиите и сл. Системот за споделување велосипеди ќе има особено големо значење за Охрид, каде што имаме голем прилив на туристи во летните месеци. | Во процес е подготовка за спроведување на тендерска процедура за реализација на градскиот Смарт систем за велосипеди и се очекува да биде реализиран во наредниот период. Со оглед на големата инфлација и поскапувања, се прави нова анилаза на пазарот за набавка на истите. Воедно за спроведување на набавката потребна е модификација на буџетот и Адендум на договорот со ДЕУ. Подготовките се во тек. | Во оваа година не се потрошени финансиски средства. |
| **Организација на ХАКАТОН “OHRID GO creative”** | | | | | |
| **1.** | Јануар и - Септември 2022 | Организација и одржување на „Хакатон – натпревар за изработка на софтверско решение“ | Оваа активност предвидува организирање и одржување на „Хакатон – натпревар за изработка на софтверско решение“ (мобилни апликации и веб апликација) за дигитализација на каталог за даватели на туристички услуги во руралните средини.Оваа алатка ќе претставува отворена платформа на која сите даватели на услуги во руралниот туризам ќе можат да ги промовираат своите услуги (сместување, домашна храна и производи, туристички услуги и сл), а од друга страна сите корисници на овие услуги (угостители, хотелиери, посетители и локално население) ќе можат да прибават податоци за тип на услуга и производ за кој се заинтересирани. | Оваа активност со измените на програмата е тргната, меѓутоа истата активност е реализирана во рамки на Смарт Хаб центарот. Темата на Хакатонот беше Чет Бот Лотери. Пријавените учесници се натпреваруваа за изработка на решение на апликација која беше 70% завршена а тие требаа да ја довршат и истата беше успешно спроведена. | Не се реализирани финасиски средства |
| **2.4.** | **Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануар и - Декем ври 2022 | Преку наведената активност општна Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. | Со оваа активност беше предвидено одржување на серија стручни обуки кои се реализираа во соработка со ОЈУ ОГУ Кузман Шапкарев со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Обуките се спроведуваа во различни сегменти. | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 07.03.2022 год.<br>Избрани беа курсевите за германски јазик А1/1 (34 лица) и сметководство (31 лице), а како дополнителен курс беше избран англиси јазик (17 лица). | Реализирани се 497.000,00 мкд. |
| **2.5.** | **Субвенционирање на набавка на велосипед** | | | | |
| **1.** | Јануар и - Декем ври 2022 | Преку наведената активност општина Охрид реализираше субвенционирање на набавка на велосипеди за граѓаните кои се жители на Охрид. | Активноста беше реализирана преку објавување на јавен повик за субвенционирање на набавка на велосипеди за сите заинтересирани граѓаните на територијата на општина Охрид.<br>Правилникот врз чија основа се објави повикот, каде јасно се дефиирани критериумите и постапката за субвенционирање на велосипеди беше составен и изгласан од страна на Советот на општина Охрид. | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 30.03.2022 год.<br>Право на користење на субвенцијата имаа сите жители на општина Охрид кои ги исполнуваа условите од Правилникот и Јавниот повик. Комисијата согласно критериумите и условите од Јавниот повик со изврши евалуација и селекција на пристигнатите барања и одлучи од вкупно 80 барања, се одбиваат 3, поради некомплетна документација и неисполнување на бараните услови согласно Јавниот повик, а 77 се одобрени. | Реализирани се 380.551,00 мкд. |

## 3.ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ 2019-2025

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој** | | | | | |
| **1.** | Јануари - Декември 2022 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува стимулирање на партиципативноста на локалното население за финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи . | Оваа програмска активност се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврдени критериуми за учество во Правилник.<br>Оваа активност е базирана на две тематски подактивности:<br>3.1.1. Финансирање на микропроекти за уредување на јавни селски површини, сокаци, одводни канали.<br>3.1.2.Финансирање на микропроекти за естетско и хортикултурно уредување на јавни површини и урбана опрема (цвеќиња, садници, паркови, детски игралишта, спортско-рекреативни површини...) | Реализирани и исплатени се следните проекти:<br>1.Здружение Добротољубие 2014 при црквата Св.Георгиј-Охрид – „Изработка на влезна врата во црквата Успение на Пресвета Богородица – Каменско“ - износ: 100.000,00ден.<br>2. Здружение на граѓани ”Нова порта”, Охрид –Е-брошура “Прекрасни, но помалку познати цркви во Охрид” – 30.000,00 мкд<br>3. Здружение за подобрување на квалитетот за живот во МЗ Коњско – с.Коњско – „Потребни материјали за водовод во с. Горно Коњско“ - износ: 115.000,00ден.<br>4. Здружение за промоција на хуманитарни, културни, образовни и еколошки вредности Синан Челеби Охрид – „Минатото е богатство на еден народ“ - износ: 106.700,00 ден | Исплатени се 351.700,00 ,00 ден. |
| **3.2. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари - Декември2022 | Проценка на имот, земјиште, насади и посеви за експропријација во корист на Општина Охрид | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **2.** | Јануари - Декември2022 | Изготвени Елаборати за проценка на штета од елементарни непогоди од обилни врнежи од дожд, поплави, град и земјотрес | Редовна процедура на вршење на проценка на штети од елементарни непогоди | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **3.** | Јануари - Декември2022 | Легализација на бесправно изградени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **4.** | Јануари - Декември2022 | Издавање на ИПАРД 1 и 2 потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | Развој на локалната економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | / | Не се реализирани финасиски средства |
| **5.** | Јануари - Декември2022 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Поднесени се 72 барања, обработени и издадени се 64 потврди. | Не се реализирани финасиски средства |
| **6.** | Јануари - Декември2022 | Информација од областа на земјоделството; Советодавни обуки | Тековни консултации со сите кои имаат потреба од информации во сверата на земјоделието | / | Не се реализирани финасиски средства |

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јануари – Декември 2022 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" акроним"CROSS4ALL" | Проектот беше имлементиран во соработка со водечкиот партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид.<br><br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите,<br>Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | Проектот е целосно реализиран на крајот на 2021 година.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Оваа година се изработуваше четвртиот финален извештај преку МИС системот за верификација на трошоци. | Реализирани средства во износ 2.000.000,00 мкд. |
| 2. | Јануари - Декември 2022 | Проект „Развој на спортски туризам – изградба на вежбалиште за голф“ | Проектот е аплициран до Министерството за локална самоуправа во рамки на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 | Со цел успешна реализација на планираните проектни активности беше објавен јавен повик за изборна економски оператор кој ќе ги спроведе | Реализирани 500.000,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | година | предвидените земјени зафати за подговотовка на теренот и ќе набави опрема за потребите на голф вежбалиштето. Предвидените активности се реалзирани, доставен е извештај до Министерсвото за локална самоуправа и по негово прифаќање се исплатени средства во износ од 5.358.462,00 денари. | |
| 3. | Јануари - Декември 2022 | Проект „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема“ | Проектот предвидува набавка на следните стоки:<br>- Камион кипер со двојна кабина за водоснабдителни интервенции<br>- Трактор со кабина и придружна опрема за шмукање на фекалии<br>- Трактор со кабина за чистење на снег<br>- Плуг за чистење снег со предна хидраулика за трактор<br>- Соларка N 065<br><br>Вкупната вредност на наведените возила изнесува 7.723.206,00 денари од кои 6.108.928,00 денари се ЦРЈПР ги обезбедува преку Бирото за регионален развој, а остатокот од 1.614.278,00 денари се средства обезбедени од буџетот на општина Охрид. | Преку Центарот за развој на југозападен пласки регион во тек е тендерска постапка за набавка на возилата. | Реализирани се 1.614.278,00 мкд. |
| **4.2.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| 1. | Јануари – Декември 2022 | Имплементација на Проект "Меѓугранична соработка и интегрирани | Проектот беше имлементиран во соработка со водечкиот партнер -Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот Аристотел во Солун и другите партнери: Општина Неаполис,Грчка Национална | Проектот е целосно реализиран на крајот на 2021 година.<br><br>Вкупен буџет на проектот е 1.130.290.00 евра. Ревидиран | Реализирани се средства во износ од 1.791.576,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним”CROSS4ALL” | Конфедерација на лица со попреченост,Факултет за Информатички и Комуникациски технологии ,Св.Климент Охридски “- Битола,Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар„Св.Стефан“ – Охрид.<br>Проектот е поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите, Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите. | вкупен буџет на проектот за општина Охрид изнесува 142.810.00 ЕУР.<br><br>Во овој период се изработува четврт извештај преку МИС системот за верификација на трошоци. | |
| 2. | Јануари – Декември 2022 | Имплементација на активности од проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO) | Целта на проектот е:<br>-Адаптација на просторот на поранешната воена касарна со претварање во технолошко- рекреативна зона (изготвување на сеопфатна физибилити студија за генерален развој на просторот и адаптација во технолошко-рекреативна зона),<br>- Подобрување на локалната микро-мобилност преку воведување на Smart City Bike System (набавка на 60 велосипеди и 10 докинг станици низ Охрид и околината),<br>- Создавање на услови за креирање на работни места со висока додадена вредност (формирање на Стартап Центар и организација на голем број на обуки и менторства),<br>- Иновативни рекреативни содржини во поранешната касарна (Адреналински парк и Памп полигон за велосипеди) | Во оваа годинасе изведуваат тековни активности во рамки на Касарна Хаб, се вршеше нова анализа на пазарот за повеќе проектни активности чиј буџет со економската криза го надмина одобрениот буџет во проектот, при што започната е постапка за модификација на буџетот и потпишување на Адендум на договорот. Поради измените во буџетските средства и економската криза и инфлација, реализацијата на овие активности се поместени во 2023 година. | Реализирани 376.102,00 мкд. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Јануари - Декемв ри2022 | Јапонска амбасада за Јапонска грантова помош (Japan's grant assisstance for grassroots human security projects ( the GGP/KUSANONE). | Апликацијата е поднесена во Јапонска амбасада за понатамошна евалуација. | Со оваа апликација се предвидува набавка на едно специјално комунално возило - Комбе Фургон со агрегат за чистење на канализација во товарен простор, за потребите на ЈП Нискоградба. Грантовите од оваа програма се во максимален износ во 80.000 евра без ДДВ. Добиено е известување од Јапонска амбасада за одобрување на грантот во висина од 3.714.812,00 МКД, и е избран економски оператор за набавка на возилото, како и овластен ревизор за проектот. Договорот е потпишан на 03.11.2022 година во просториите на општина Охрид. Процедурата за набавка е во тек, и исплатен е аванс од 1.840.195,00 МКД од вкупниот износ наменет за оваа активност. | Предвидени средства се 3.714.812, а ќе бидат исплатени во 2023 г. |
| 4. | Февруа ри- Декемв ри 2022 | Проект „Развој на спортски туризам – изградба на вежбалиште за голф“ | Проектот е аплициран до Министерството за локална самоуправа во рамки на Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година | Со цел успешна реализација на планираните проектни активности беше објавен јавен повик за изборна економски оператор кој ќе ги спроведе предвидените земјени зафати за подговотовка на теренот и ќе набави опрема за потребите на голф вежбалиштето. Предвидените активности се реалзирани, доставен е извештај до Министерсвото за локална | Од Министерство за локална самоуправа се добиени средства во износ од 5.358.462,00 денари од кои, од кои врз основа на доспеани завршни ситуации и фактури реализирани се 1.640.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | самоуправа и по негово прифаќање се исплатени средства во износ од 5.358.462,00 денари. | денари. Останатите средства ќе бидат реализирани во 2023. |
| 5. | Февруари-Декември 2022 | Проект „Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема“ | Проектот предвидува набавка на следните стоки:<br>- Камион кипер со двојна кабина за водоснабдителни интервенции<br>- Трактор со кабина и придружна опрема за шмукање на фекалии<br>- Трактор со кабина за чистење на снег<br>- Плуг за чистење снег со предна хидраулика за трактор<br>- Соларка N 065<br>Вкупната вредност на наведените возила изнесува 7.723.206,00 денари од кои 6.108.928,00 денари се ЦРЈПР ги обезбедува преку Бирото за регионален развој, а остатокот од 1.614.278,00 денари се средства обезбедени од буџетот на општина Охрид. | Преку Центарот за развој на југозападен пласки регион во тек е тендерска постапка за набавка на возилата. | Не се потрошени финансиски средства |
| 6. | Јануари – Декември 2022 | Проект „Изработка на проектно-техничка документација за пат од с.Лескоец до с. Горно и Долно Лакочереј“ | Општина Охрид достави проектна апликација за изработка на проектно-техничка документација за пат од с.Лескоец до с. Горно и Долно Лакочереј“ во вкупна должина од 5860 метри.<br>Проценета вредност е 2.480.000,00 денари, од кои 50 % се обезбедени од Бирото за регионален развој во рамки на Повикот за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на селата за 2022/2023 година. Останатите финансиски средства, во износ од 1.240.000,00 денари се обезбедени од буџетот на општина Охрид врз основа на Одлука донесена од Советот | Постапката за подготовка на проектната апликација домоментот на потпишување на договорот помеѓу општина Охрид и Бирото за регионален развој ја водеше Сектор за ТЛЕР, а имплементацијата на проектните активности се одвива преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици. | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на оштина Охрид. | | |
| 7. | Јануари – Декември 2022 | Проект „Подобрување на јавна инфраструктура во општина Охрид преку реконструкција на улицата Марко Цепенков“ | Општина Охрид достави проектна апликација за реконтрукција на улицата Марко Цепенков до Бирото за регионален развој. Проектната апликација беше позитивно оценета и беа одобрени средства во износ до 6.200.000,00 денари. | Постапката за подготовка на проектната апликација до моментот на потпишување на договорот помеѓу општина Охрид и Бирото за регионален развој ја водеше Сектор за ТЛЕР, а имплементацијата на проектните активности се одвива преку Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици. | Не се потрошени финансиски средства |

**Број 08-3254/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТППЕ ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/134** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТППЕ ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА – ОХРИД(ТППЕ) И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТППЕ ЗА 2022 ГОДИНА,ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

Заради гаснење на пожари,спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии,укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации,како и извршување на други работи при незгоди и несреќи воедно и извршување на задолженија,наредби и услуги,ТППЕ Охрид во 2022 година изврши и превзеде за решавање 526 (434 во 2021) интервенции и тоа:

| Вид на пожар | Општина Охрид | | Општина Дебрца | | Општина Струга | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 |
| Пожари на објекти | 128 | 122 | 2 | 7 | 1 | 1 | 131 | 130 |
| Пожари на отворен простор | 74 | 95 | 20 | 17 | / | / | 94 | 112 |
| Пожари на сообраќајни средства | 16 | 22 | 2 | 6 | / | / | 18 | 28 |
| Вкупно | 218 | 239 | 24 | 30 | 1 | 1 | 243 | 270 |



| Начин на предизвикување на пожарите според интерна проценка | |
|---|---|
| Намерно палење | 45 |
| Невнимание | 105 |
| Неутврдено | 92 |
| Детска игра | / |
| Природно | 1 |

| Причина за појава на пожарите | |
|---|---|
| Отворен пламен | 36 |
| Ложиште/огниште | 77 |
| Догорче од цигара | 1 |
| Електрични проводници | 4 |
| Електрични уреди и апарати | 5 |
| Проводници загреани со оптеретување | 7 |
| Брусење | 1 |
| Самозапалување | 4 |
| Удар од гром | 1 |
| Останати причини | 2 |
| Неутврдено | 105 |

| Видови на опожарени објекти | |
|---|---|
| Станбена зграда | 26 |
| Куќа | 88 |
| Шупа | 2 |
| Паркинг/гаража | 1 |
| Трговски дуќан | 1 |
| Угостителски објект | 1 |
| Хотел/мотел/камп | 2 |
| Производен погон | 1 |
| Електрична централа | 1 |
| Трансформ-станица | 2 |
| Останати град.објекти | 6 |




Опожарена површина : Шуми = 203 Ха , Земјоделски површини : 6.4 Ха , Депонии и др.: 2.3 Ха



ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

| Технички интервенции | | |
|---|---|---|
| | 2022 | 2021 |
| Интервенции во услови на сообра.незгоди | 6 | 10 |
| Интервенции на испумпување на вода од поплавени простории | 22 | 1 |
| Спасување на луѓе и животни од височини и длабочини | 6 | 3 |
| Отварање на заклучени објекти | 43 | 25 |
| Обезбедување,санирање на состојби после несреќи | 10 | 1 |
| Несреќи со опасни материи | / | 1 |
| Осветлување на терени | / | 1 |
| Друго | 19 | 11 |

Во текот на 2022 година, ТППЕ – Охрид во ситуации од спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош пр незгоди и опасни ситуации изврши вкупно 106 интервенции ( 53 во 2021 )

----Техничките интервенции се извршени со 7 ПП возила,секое возило со своја специфична намена при употреба, со ангажирање на 285 пожарникари,вкупно за сите 106 технички интервенции.

Успешно завршени до 1 час – 82 , за време од 1-2 часа – 16 , над 2 часа – 8

ДРУГИ АКТИВНОСТИ И УСЛУГИ НА ТППЕ – ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето на Општина Охрид и Општина Дебрца , во одредени случаеви на итна потреба , задолженија , наредби и барања , ТППЕ – Охрид во текот на 2022 година изврши вкупно 177 активности и услуги ( 111 во 2021 ) и тоа:

| Други активности и услуги на ТППЕ - Охрид | | |
|---|---|---|
| | 2022 | 2021 |
| Обезбедување на спортски натпревари | 29 | 12 |
| Обезбедување на објекти и друго | 34 | 11 |
| Носење на вода | 85 | 63 |
| Други активности и услуги | 29 | 25 |

Согласно Правилникот за Дополнителни услуги, со пп опрема и техника, ТППЕ – Охрид, во 2022 година оствари приход од вкупно 501.300,оо денари. За сите претходно наведени пожари, технички интервенции, останати активности,одржување на објектот и возилата,набавки на лична и техничка опрема, во текот на истата реализирани се и потрошени 4.304.370,оо денари. Сите видови на интервенции ТППЕ – Охрид, ги извршуваше со 38 пожарникари .

**Број 08-3254/11**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2022-2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/135**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2022-2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 1.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/12**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Сашо Донев**

**Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА**
**ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
**НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**
**ЗА 2022-2024**

Во текот на 2022 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2022-2024. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сè уште не се отпочнати со работа.

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИИ И УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ КОИ СЕ ДОНЕСЕНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | |

**УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ КОИ СЕ ОДОБРЕНИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на кп 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | |

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИИ, УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| | **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | |
| **1** | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4;<br>УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2;<br>УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | |
| | ▪ **неиздавање на согласност** | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има несовпаѓање со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј (Ривиера) | |
| | ▪ **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има проблем со катастарот**<br>▪ **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 3.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Одобрена Планска програма** | |
| **4** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | |
| | ▪ **Планерот постапува по Мислењето од Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион**<br>▪ **Следи повторена јавна анкета** | |
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска програма** | |
| **6** | **Урбан Блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување за да се достави до Комисија за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма**<br>▪ **Планерот изработува Предлог план** | |
| **9** | **Урбан блок 10.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот нема активности поради измената на ГУП** | |
| **10** | **Урбан блок 12.4** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Чека мислењеод ЕВН** | |
| **11** | **Урбан блок 14.2** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза изработка на нацрт - план** | |
| **12** | **Урбан блок 15.1** | |
| 12.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | ▪ **Негативно мислење од Министерството за образование, пораи кое неможе да се испрати на согласност во МТВ** | |

| | | |
|---|---|---|
| **13** | **Урбан блок 15.4** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| **14** | **Урбан блок 16.3** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |

**I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 - "Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 - "Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7 - "Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9- "Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 – "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14 - "Чаршија" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - "Чинар" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од | |

| | | |
|---|---|---|
| | УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

| **I-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УП за село Велестово | |
| | ▪ **Изработени ажурирании подлоги** | |
| **2** | УП за село Пештани | |
| | **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |

| **I-6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Д.Лакочереј- вон град | |
| | **ЛУПД кај планерот да изврши корекции на истото и истовремено да постапи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство**<br>▪ **Изработен Финален извештај за влијание на животната средина** | |

| **II-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УП за село Љубаништа<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 2 | УП за село Трпејца<br>▪ **во фаза добивање на услови за планирање** | |
| 3 | УП за село Елшани<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 4 | УП за село Лагадин<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 5 | УП за село Долно Коњско<br>▪ **Корегирана граница по барање на АПП, се чекаат услови за планирање на просторот** | |
| 6 | УП за село Велгошти<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 7 | УП за село Лескоец<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 8 | УП за село Косел<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | УП за село Горно Лакочереј<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 11 | УП за село Подмоље<br>▪ **Се врши корекција на границата по добиените податоци од Агенција за патишта** | |
| 12 | УП за село Орман<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 13 | УП за село Горно Коњско<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 14 | УП за село Рамне<br>▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 15 | УП за село Опеница<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 16 | УП за село Вапила<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 17 | УП за село Сирула<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |
| 18 | УП за село Куратица<br>▪ **Одобрена Планска програма** | |

| **III-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина Охрид | |
| **2** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | |

| **III-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД ,,Купи куќа за млади,, | |
| | ▪ **Изработена стручна ревизија**<br>▪ **ЛУПД кај планер за корекција** | |

| **IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП на Охрид за<br>УЗ 8 УБ 8.3 УЗ 17 УБ 17.4; | |
| | ▪ **одобрена планска програма**<br>▪ **Донесена одлука за спроведување на стратегиска отцена** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Вратен до изработувач за постапување по забелешки, согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно мислење од Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Завод и музеј на Охрид – издаботува нови заштитно конзерваторски основи**<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Ох. регион** | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – | |

| | | |
|---|---|---|
| | Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците:<br>Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **6** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Постапено по забелешките од неиздавање согласност се спрема за Согласност во МТВ** | |
| **7** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 7.1 | ДУП за УЗ6 УЗ УБ 6.1, опфат ,,3,, | |
| | ▪ **кај планер за постапување по забелешките од Комисија за урбанизам** | |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за<br>6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 9.1 | **ДУП за УЗ 7 дел од БЛ 7.1 опфат 1(измени и дополнувања)** | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам за разгледување** | |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислењето добиено одд на коми за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување** | |
| 11.2 | ДУПза УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3 | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам за разгледување** | |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1(измена и дополнување) | |
| | ▪ **Нацрт Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување во Охридскиот регион** | |
| **13** | **Урбан блок 9.1** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - опфат 2 дел ,,1,, | |
| | **Добиена е Согласност од МТВ Скопје, треба да се достави на Совет** | |
| **14** | **Урбан блок 9.2** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.2 опфат,1,, | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **15** | **Урбан блок 9.4** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | |
| | ▪ **Кај комисија на разгледување** | |
| **16** | **Урбан блок 10.1** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | |
| | ▪ **По измена на ГУП ке се работи цел блок** | |
| **17** | **Урбан блок 10.2** | |
| 17.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот постапува по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| **18** | **Урбан блок 10.4** | |
| 18.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 18.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од комисија за управување** | |
| **19** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Вратен кај планер на корекции** | |
| **20** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам за разгледување** | |
| **21** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 21.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП УЗ 12 дел од УБ 12.1 – опфат1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од Планот за управување** | |
| 21.2 | ДУП во УЗ 12 , УБ 12.1 – опфат 2 ( измени и дополнувања ) | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам** | |
| **22** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 22.1 | ДУП УЗ 12 ,УБ 12.3 – опфат2 | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| **23** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана подлога и се вршат корекции по истата**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **24** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Поради непостапување на Панерот по забелешки планот ќе биде прекинат** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 13 УБ 13.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **25** | **Урбан Блок 15.5** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот нема доставено корегиран нацрт план за повторена јавна анкета и презентација**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **26** | **Урбан Блок 15.7** | |
| 26,1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | **Планот доставен на Согласност во МТВ** | |
| **27** | **Урбан блок 16.1** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | **Планот се преработува согласно Мислењето на Комисијата за Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| 27.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на планска програма** | |
| **28** | **Урбан блок 16.3** | |
| 28.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот зауправување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **29** | **Урбан блок 18** | |
| 29.1 | ДУП з аУЗ 18 дел од УБ 18.1 опфат 1 | |
| | • **Одобрена иницијатива** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |
| **2** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **3** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на планска програма** | |
| **4** | УПВНМ Горица Север | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Се подготвува Мислење до Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **5** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| **6** | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| **7** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| **8** | УПВНМ Грица Исток опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција на Предлог план по забелешки од комисија** | |
| **9** | УПВНМ Грица Исток опфат 2 | |
| | ▪ **Во фаза на одобрување на планска програма** | |

| **IV-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Се чека достава на документација за влијанието на мобилната станица** | |
| **2** | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам** | |
| **3** | ЛУПД за ГП 1(А4-времено сместување) на кп бр. 2751/4 и др. КО Конско, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај комисија за урбанизам на разгледување** | |
| **4** | ЛУПД за формирање на ГП на дел од кп 487/1 КО Д.Лакочереј бгр и кп 6483/10 КО Охрид 4 со намена В-5 верски институции, општина Охрид | |
| | ▪ **Планерот има доставено ЛУПД на разгледување** | |
| **5** | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Кај планер за корекции по мислење на Комисија за урбанизам** | |

**Број 08 -3254/13**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/136**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ - ОПШТИНА ОХРИД**
**ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

Одделението за даноци во рамки на надлежностите на локалната самоуправа ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

## ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година поднесени се **1609** даночни пријави за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети:

- За 1566 предмети изготвени се решенија;
- За 306 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2022 година изнесува 14.242.917,00 денари;
- За 1260 предмети изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 16 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 16 предмети се повлечени од процедура;
- 10 предмети се некомплетни.
- 1 предмет е отфрлен.

Во буџетот на Општина Охрид за 2022 година по основа на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 10.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 12.248.089,00 денари или буџетот е реализиран 122,48 %. Од нив 10.375.746,00 денари се по предмети од 2022 година, а 1.872.343,00 денари се по предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2022 година по оваа основа изнесува 14.242.917,00 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок од 2022 година изнесува 10.375.746,00 денари или процентуално наплатата изнесува 72,85 %, со состојба на 31.12.2022 година.

Од страна на даночните обврзници поведени се 3 управни спорови со тужби на решенија , чие решавање е во тек .

## ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година поднесени се 1477 даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети:

- За 1429 предмети изготвени се решенија;
- За 1367 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2022 година е во износ од 120.128.676,00 денари;
- За 62 предмети изготвени се решенија со даночно ослободување;

- 24 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 21 предмет е повлечен од процедура;
- 2 предмети се некомплетни;
- 1 предмет е пренасочен.

Во буџетот на Општина Охрид за 2022 година по основа на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 100.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 118.417.888,00 денари или буџетот е реализиран 118,42 %. Од нив 114.520.041,00 денар се по предмети од 2022 година, а 3.897.847,00 денари се по предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2022 година по оваа основа изнесува 120.128.676,00 денари, а наплатено по предмети од данок на промет на недвижности од 2022 година е 114.520.041,00 денар или процентуално наплатата изнесува 95,33% ,со состојба на 31.12.2022 год. Од страна на даночните обврзници не се поведени управни спорови со тужби на решенија.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година обработени се **4.366** даночни пријави за данок на имот од кои 116 даночни пријави се од страна на даночните обврзници и 4250 по службена должност, **2.510** даночни одјави за данок на имот и **29.333** пријави за промена на имот.

За 2022 година изготвени се **32.848** решенија за данок на имот од редовен облог (**32.198** решенија за данок на имот на физички лица и **650** решенија за данок на имот на правни лица).

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за данок на имот за 2022 година изнесува 189.071.232,00 денари (редовен облог за физички лица 156.559.499,00 денари + редовен облог за правни лица 32.511.733,00 денари).

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година по службена должност изготвено е **421** решение за данок на имот по припис за периодот 2018-2022 година, , со задолжение во износ 2.955.207,00 денари.

Во буџетот на Општина Охрид за 2022 година по основа на данок на имот планирани се приходи во износ од 110.000.000,00 денари (85.000.000,00 денари од физички лица и 25.000.000,00 денари од правни лица). Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година остварени се приходи во износ од 109.667.484,00 денари ( 84.314.663,00 денари од физички лица и 25.352.821,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 99,7 %.

Од страна на даночните обврзници поведени се 43 управни спорови со тужби на решенија до Управен суд Скопје, кои се во постапка. Исто така поднесени се 600 други барања по различни основи во врска со данокот на имот, од кои 540 се обработени со состојба 31.12.2022 година.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година изготвени се **14.247** опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на физички лица во постапка на присилна наплата, **430** опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на правни лица како и **22** опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и **2.065** решенија за присилна

наплата на данок на имот и **20** решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година изготвени се и 23 решенија за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата и 27 решенија за ништовност.

## ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година книжени се 247 изводи со 23.751 ставка, 360 задолженија по нетипични решенија за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок, 421 припис за данок на имот и 112 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување и поврат на парични средства.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затворање на 22.264 ставки.

Во истиот период донесени се и **79** решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства како и **19** решенија за поврат на паричен износ.

## ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година поднесени се вкупно **195** барања кои се однесуваат на: издавање потврди за даночни (не)обврзници на недвижен имот за комплетирање документи за аплицирање за социјални станови, социјална помош и закупнина, за комплетирање документи за виза за странство, за сместување во студентски дом, стипендија и постдипломски студии, за пред судови, извршители, јавно обвинителство, државно правобранителство, УЈП и МВР и барања од институции, органи и физички лица за утврдување пазарна вредност на недвижен имот, барања од управен суд и виш управен суд за доставување списи и барања по други основи.

Сите поднесени барања се обработени и на истите се доставени одговори.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година извршено е вреднување и ревреднување на 1050 индивидуални станбени згради (куќи), 939 станови, 339 гаражи, 307 помошни објекти, 102 деловни простори, 3 хотели, 11 административни згради и простори, 54 деловни згради ( производствени згради, магацини, хали и стоваришта) , 8 ресторани и 67 апартмани. За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се **2919** извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 965 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште (дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2022 ВО ОДНОС НА 2021 ГОДИНА

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно 240.333.461,00 денар. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од 220.000.000,00 денари односно буџетот е остварен 109,24 %.

Во 2022 година остварените приходи по основа на даноци изнесуваат 240.333.461,00 денар и се за 27.175.433,00 денари повеќе од 2021 година кога изнесувале 213.158.028,00 денари.

- Кај данокот на наследство и подарок има зголемување за 1.247.715,00 денари ;
- Кај данокот на промет на недвижности има зголемување за 10.139.891,00 денар;

- Кај данокот на имот на физички лица има зголемување за 12.600.870,00 денари и
- Кај данокот на имот на правни лица има зголемување за 3.186.957,00 денари.

Причините за повеќе остварените приходи по основа на даноците на имот произлегуваат од зголемениот број на даночни пријави за данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во 2022 година ( 217 повеќе од 2021 година), како и зголемената присилна наплата.

**Број 08-3254/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/137** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма (назив), изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма (назив), како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со законот за Комунални такси.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма (назив)**

За 2022 година заклучно со 27.01.2022 год изготвени и генерирани се **3359 решенија** за комунална такса за фирма (за правни лица -комунална такса за фирма – назив 3048 решенија и комунална такса за фирма на трговци поединци – 311 решенија). Решенијата оваа година за прв пат се доставуваа по електронски пат. Покрај електронската достава се воведе и можност за елекронско наплаќање на истите.

Бидејќи оваа година за прв пат се воведе дигитализација на доставата и наплатата на решенијата како процес ни одзеде повеќе време при спровдувањето, затоа доставата на решенијата започна дури во месец април. Во текот на месец април и мај се доставија сите решенија, периодот за наплата оваа година беше пролонгиран. Се воведе и модулот за електронска достава на **опомените** за заостанати долгови на обврзниците по однос на комунална такса за фирма – изготвени и доставени се вкупно 2174 опомени за заостанат долг од 2020- 2021 год. Треба да се земе во прдвид дека овој период од 2020 до 2021 год. беше еден од потешките периоди воопбшто за бизнис секторот како во светски размери така и во Општина Охрид – бизнисот се соочи со пандемија, принудно затворање на бизнисите, полициски часови и сл.

Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми на терен во врска со доставата на решенијата, поради големиот број регистрирани фирми кои не работат

повеќе од 5-6 години и подолго, честите промени на името на фирмата, седиштето на фирмата исл. кои обврзницие не ги пријауваат на време во одделението. Регистарот на фирми мора да се најде начин како да се прочисти, бидејќи моментално облогот е многу поголем од што реално е и реално може да се наплати, поради фирмите во миуривање. На фирмите во мирување нема можност да не им се пресметува фирмарина а нема ни начин како да им се наплати долгот бидејќи најчесто имаат не функционални трансакциски сметки. Ова е долго-годишен проблем на одделението за комунални такси.

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **8.851.816,00** денари.

Како за прва година од воведување на електронска достава и наплата на фирмарината, земајќи ги во предвид и другите потешкотии од непрочистен регистар и сл . наплатата во споредба со претходната година е подобра за скоро 2.000.000 ден. притоа неземајќи ги во предвид режиските трошоци за тонери, хартија, поштарина со препорачана пошта и сл.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2022 год до 31.12.2022 година по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам, изработени се **68** задолженија пред деловни простории и **10 задолженија** за пред хотели. Остварен е приход во вкупен износ од **5.887.319,00** денари. По склучувањето на договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до Одделението за комунални такси, обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса, која е еден од условите за добивање на одобрение за поставување урбана опрема.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштади и друг простор во градот (ТЕНДЕРИ), со цел изложување предмети, изложби и забавни приредби.**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп, во времетраење од 90 дена, за доделените локации во Секторот за урбанизам, по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **5** задолженија за сувенири, **6 задолженија** за сладолед, **10** задолженија за презентации на плоштади и **26** задолженија за кућарки чиј закуп го дава ЈП Градски пазар. Остварен е приход во износ од **165.203,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места.**

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 год, по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места во овој период **нема активни договори.** Врз основа на записник од инспектор поради затекнато користење на билбордите и покрај истечените договоир од страна на корисниците, изготвени задолженија за сите корисници вкупно 5 и наплатени се **46.000 ден.**

**5. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, остварени се приходи во износ од **6.516.687,00 денари.**

**6.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година изготвени се **90 решенија**. Остварен е приход од **254.100** ден.

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2022 до 30.06.2022 година, остварени се приходи во износ од **90.431.135.00 ден.**

**Број 08- 3254/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**Охрид** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/138** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/18**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. – 31.12.2022 ГОДИНА

Годишниот извештај ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад, во периодот од 01.01. - 31.12.2022 год. за реализација.

Согласно дефинираните содржини и активности усвоени од страна на Советот на Општина Охрид во предметниот период беа пратени сегментите за контунуирана проценка на состојбите со животната средина на локално ниво и соодветна реакција-интервенција при

- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Мерките и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината, се **извршуваа согласно законски дефинираните тематските области**:

1. **Заштита на водите,**
2. **Управување со отпад,**
3. **Заштита на биодиверзитетот,**
4. **Управување и користење на природните ресурси,**
5. **Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој,**
6. **Квалитет на воздухот,**

## Детални информации за активностите и резултатите

I..Информација за реализираните активности од ПРОГРАМАТА Р1 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА за период од 01.01. – 31.12.2022 год.

**1. Заштита на води**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **1** | Изработка на ГИС мониторинг на сливно подрачје на Коселска река | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 900.000,00 ден. | Со измените во Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022г.(ребаланс на буџет)овој проект е избришан од Програмата |

**2. Управување со отпад**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **2.1** | Набавка и доделување на пластични садови од 120 л за селекција на отпад од домаќинствата во општина Охрид | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.000.000,00 ден | **Завршен проект** Канти се доделени на граѓани на улиците„Марко Несторoски“, „Васил Главнов“ и „Крсте Мисирков“ |
| **2.2.** | Подготовка на мапа на локации на постојни и нови садови за отпад | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во тек на месец декември 2022 година |
| **2.3.** | Чистење на Охридското Езеро од цврст отпад | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000,00 ден | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во тек на месец септември 2022 година |

**3. Заштита на биодиверзитет**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **3.1** | План за управување со Студенчишко Блато - парк на природа | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | До прогласување на заштитено подрачје и носењето на Закон во врска со прогласувањето ќе се врши само подготовка на потребна техничка документација за Планот за управување |

**4. Управување и користење на природни ресурси**
**- Зголемување на процентот на зелени површини во општината**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **4.1** | Создавање на ГИС платформа | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 500.000,00 ден | Со измените во Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022г.(ребаланс на буџет)овој проект е избришан од Програмата |
| **4.2** | Изработка на зелен катастар II -ра фаза | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000,00 ден | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во тек на месец декември 2022 година |
| **4.3** | Изработка на Стратегија за развој на зеленило | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 600.000,00 ден | Избран е најповолен понудувач, Изработката на Стратегија за развој на зеленило продолжува во текот на 2023година |

**5. Подигање на јавната свест**
**- Јакнење на јавната свест за идентификување на проблемите во животната средина и справување со истите**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **5.1** | Организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата од селектирање на отпадот | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | **Завршен проект** Проектот беше реализиран на почеток на месец јуни, по повод одбележување на светскиот ден на животната средина - 5-ти јуни |
| **5.2** | Цветни балкони – цветен Охрид | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 100.000,00 ден. | **Завршен проект** Проектот беше реализиран на почеток на месец јуни, по повод одбележување на светскиот ден на животна средина - 5-ти јуни |
| **5.3** | Ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 30.000,00 ден. | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во текот на месец септември, по повод одбележување на есенската рамноденица – почеток на есента 23 септември |
| **5.4** | Поставување на информативни табли пред заштитените чинари и кочеџикот | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 150.000,00 ден. | **Завршен проект** Проектот беше реализиран во текот на месец јули, поставени се информативни табли пред заштитените чинари и кочеџикот |

**6. Подобрување на квалитет на медиуми во животната средина**
**- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **6.1** | Субвенционирање на граѓаните за купување на модерен систем за затоплување | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.000.000,00 ден. | **Завршен проект** |

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| | (инвертер клими ) | | |
| **6.2** | Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Во текот на декември 2019 год. стартуваа податоците од ЕУ проектот AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиенталниот воздух, која е самостојна платформа. По завршување на проектот станичните сензори остануваат во владение на општина Охрид и по потпишување на договор за примопредавање ќе се предвидат средства за годишно одржување |

**7. Законски процедури**
**- Согласно Закон за животна средина**

| Бр. | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Предвидени средства | Резултати |
|---|---|---|---|
| **7.1** | Услуга за изработка на стратегиска оцена на влијание врз животната средина на плански документи | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 700.000,00 ден. | Со измените во Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022г.(ребаланс на буџет)овој проект е избришан од Програмата |

II. Финансиски извештај за реализација на програмата Р1 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА на Општина Охрид за период од 01.01. – 31.12.2022 год.

Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 2.595 610,00 денари.

**Број 08 – 3254/19**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/139** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**
**2022 ГОД ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 ДО 31.12.2022**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката на Сојузот на училишен спорт Охрид е од особено значење за одржување на училишните лиги за основно и средно образование во повеќе спортови кои непречено се одржуваат во текот на целата учебна година.

Општина Охрид во континуиет дава подршка на сите спортски клубови и здруженија со посебен акцент на развој на масовниот спорт,кој е најдобра алатка за социјализација на децата,превенција од болести на зависност,развивање на натпреварувачкиот дух како и правилен физички развој.

Континуирана подршка на спортските манифестации,настани и проекти од обласа на спортот кој промовираат здрави животни навики,а од друга страна значат зголемување на туристичката понуда на Охрид и негово промовирање во светот како спортско туристичка дестинација.

Во извештајниот период направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема. Во овој период изготвен е и нов прочистен регистар за евиденција на спортските клубови и спортските здруженија од подрачјето на Општина Охрид кој покрај другите податоци содржи и комплетни информации за клубовите и здруженијата од обласа на спортот .

Во текот на годината од страна на Градоначалникот извршен е прием на повеќеспортисти индивидуалци,спортски клубови и здруженија кои постигнаа значајни резултати на државно ниво и меѓународно,а добиле и ќе добијат финансиска поддршка од Општина Охрид.

Интензивирана е соработката со МОК,АМС,како и повеќето Национални спортски федерации за вложување во спортската инфраструктура во општина Охрид и активност насочена кон подобрување на спортот и спортските манифестации во Општина Охрид.

Во текот месец ноември-декември по иницијатива на Градоначалникот на општина Охрид се иницира состанок со сите клубови кој се дел од водените спортови и се најави еден нов

проект(фестивал) кој ќе ги обединува сите спортови на вода,а воедно ќе го промовира Охрид во светот како спортско туристичка дестинација.Името на Фестивалот ќе биде ФЕСТИВАЛ НА ВОЕНИ СПОРТОВИ или на англиска транскрипција OHRID WATER FESTIVAL.Одреден е датумот на фестивалот од 18-27 август период во кој ќе се одржуваат сите спортски манифестации кој се поврзани со вода,а воедно покрај спортскиот дел ќе понуди и друга забавна,социјална и едукативна програма.

Согласно донесената програма за Спорт и рекреација за 2022 година донесена од советот на општина Охрид се реализира после повеќе години,а за прв пат во организација на општина Охрид спортската манифестација **„Најдобрите од спортот во општина Охрид”за 2021** година,за која претходно одделението за спорт распиша конкурс и по кој одлучуваше седум члена комисија формирана од страна на градоначалникот по правилник за избор на**„Најдобрите од спортот во општина Охрид”.**
Беа доделени награди во осум категории и тоа:

**1.Спортист на годината-Дејан Ангелоски(планинско трчање)**
**2.Охридска спортска надеж(мажи)-Симон Петрески(карате)**
**3.Охридска спортска надеж(жени)-Јана Димоска(атлетика)**
**4.Спортска екипа на годината(мажи)-ГРК Охрид(ракомет)**
**5.Спортист/ка странец кој настапува во екипа од Охрид**
**-Јован Стојоски(атлетика)**
**6.Спортист/ка од Охрид која настапува надвор од територијата на Охрид**
**-Петар Бошалески(кошарка)**
**-Габриела Модева(кошарка)**
**7.Спортска легенда-за посебни заслуги во спортот(постхумно)**
**-Алексо Огненовски(бокс)**
**8.Спортски подвиг на годината-Марко Пејчиновски(пливање)**

Општина Охрид добитниците парично ги награди и им додели плакети за постигнатиот успех.На овој начин им се дава на спористите признание за вложениот труд и афирмацијата на спортот,Охрид и Македонија.Предвидените финансиски средства во програмата за Спорт и рекреација за 2022 година се распределија преку преку распишување на два јавни повици во месец Јануари,првиот за субвенционирање за користење на терените на ЈП „Билјанини извори” и вториот за распоредување на финансиските средства од програмата за спорт и рекреација 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.

Со решение на градоначалникот беа формирани две комисии кои ги разгледуваа пристигнатите пријави и кои врз основа на **ПРАВИЛНИК за критериумите, условите и постапката за субвенционирање и доделување финансиски средства од програмата за спорт и рекреација спорт од буџетот на општина Охрид за програми на спортски клубови,спортски здруженија,спортски манифестации,настани, проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот.**

Врз основа на предлогот на комисијата,градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоците за користење на терените при ЈП ,,Билјанини извори’’ и решенија за распоредување на финансиските средства од програмата за спорт и рекреација 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија,

Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.

Во 2022 година се субвенционираат 23 спортски клубови кој ке ги користат спортските терени при ЈП Билјанини извори за одржување на тренинзи и натпревари и 12 спортски клубови и здруженија кои ке организираат спортски манифестации и настани.

За оваа намена од програмата за спорт и рекреација се распределени и реализирани 4.200.000,00 денари на спортски клубови и здруженија

| Бр. | Спортски клубови и здруженија | Паричен износ |
|---|---|---|
| 1 | **ГРК Охрид** | 800.000,00 |
| 2 | **ГФК Охрид Лихнидос** | 800.000.00 |
| 3 | **ГКК Охрид** | 500,000.00 |
| 4 | **ФК Воска** | 350,000.00 |
| 5 | **РК Лихнид** | 150.000,00 |
| 6 | **ФК ОСК Фер Плеј-Охрид** | 100.000,00 |
| 7 | **ФК Охрид Топ Тим Охрид** | 100.000,00 |
| 8 | **ФК Ламасиа** | 100.000,00 |
| 9 | **ФК Некс Левел** | 100.000,00 |
| 10 | **ФК Еврофудбал 2 Вардар** | 90,000.00 |
| 11 | **АК Охридтрчат** | 80.000,00 |
| 12 | **РК Сани 14** | 50.000,00 |
| 13 | **ФК Свети Тројца 2021** | 50.000,00 |
| 14 | **КК Колибри** | 50.000,00 |
| 15 | **ФК Копенхаген** | 50.000,00 |
| 16 | **Кик Бокс Голден тим** | 40.000,00 |
| 17 | **БК Фит Бедер** | 40.000,00 |
| 18 | **ТК Охрид** | 40.000,00 |
| 19 | **ОФС Охрид** | 30.000,00 |
| 20 | **ЖФК Билјанини Извори** | 30.000,00 |
| 21 | **ТК Адвантико** | 30.000,00 |
| 22 | **ПК Охридски Бранови** | 25.000,00 |
| 23 | **ПК Акваспирит** | 25.000,00 |

| Бр. | Спортски манифестации | Паричен износ |
|---|---|---|
| 1 | **ФК ОСК Фер Плеј-Охрид** | 70.000,00 |
| 2 | **ФК Копенхаген** | 60.000,00 |
| 3 | **ФК Еврофудбал 2 Вардар** | 50.000,00 |
| 4 | **ФК Охрид Топ Тим Охрид** | 50.000,00 |
| 5 | **ИЈК Като Клуб** | 50.000,00 |
| 6 | **ФК Некс Левел** | 50.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | **ФК Ламасиа** | 40.000,00 |
| 8 | **КК Чоле** | 30.000,00 |
| 9 | **ТК Хваранг Фист** | 30.000,00 |
| 10 | **ЖФК Бијанини Извори** | 20.000,00 |
| 11 | **ПК Акваспирит** | 10.000,00 |
| 12 | **ПК Охридски Бранови** | 10.000,00 |

Од програмата ЛО спорт и рекреација за 2022 година, **конто 463120(трансфери кон спортски клубови)** од Буџетот на општина Охрид во висина од 18.000.000,00 денари согласно решението на градоначалникот,а по предлог на комисијата беа распределени средствата на спортски клубови и здруженија,а дополнително со одлука на советот на општина Охрид се распределени уште 4.670.000,00 денари по ребаланс на буџетот.

**Од вкупно 22.670.000,00 денари предвидени во програмата за Спорт и Рекреација 2022 година конто 463120(трансфери кон спортски клубови) исплатени за реализација на програмите на спортските клубови и здруженија се 22.470.000,00 денари.**

Во табелата подолу е вкупната сума на искористени средства.

| **Бр.** | **Спортски клубови и здруженија** | **Паричен износ** |
|---|---|---|
| 1 | **ГРК Охрид** | 9.000,000.00 |
| 2 | **ГФК Охрид** | 6.000,000.00 |
| 3 | **ФК Воска** | 2,500,000.00 |
| 4 | **Градски кошаркарски клуб-Охрид** | 2.200,000.00 |
| 5 | **Боксерски клуб Алексо Огненоски** | 300,000.00 |
| 6 | **РК Лихнид** | 215,000.00 |
| 7 | **Акватика Јахтинг** | 150,000.00 |
| 8 | **РК Сани** | 115,000.00 |
| 9 | **ШК Ласкер** | 115,000.00 |
| 10 | **Кајак клуб Стрмец** | 115,000.00 |
| 11 | **Тениски Клуб Охрид** | 115,000.00 |
| 12 | **СК Охрид** | 110,000.00 |
| 13 | **Хваранг фист** | 90,000.00 |
| 14 | **ЖСК Лихнидос** | 90,000.00 |
| 15 | **АК Охрид трчат** | 100,000.00 |
| 16 | **ФК ЕвроФудбал** | 90,000.00 |
| 17 | **ЖФК Билјанини Извори** | 90,000.00 |
| 18 | **Риболовно друштво Св.Апостол Петар** | 90,000.00 |
| 19 | **ФК Фер Плеј Охрид** | 80,000.00 |
| 20 | **АК Охрид** | 60.000,00 |
| 21 | **Карате Клуб Кунсуто** | 65,000.00 |
| 22 | **Билјард Клуб 8-ка** | 60,000.00 |
| 23 | **ПК Акваспирит** | 80,000.00 |
| 24 | **ФК Охрид ТОП ТИМ** | 65,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **25** | **ФК Ламасиа** | 65,000.00 |
| **26** | **Карате Клуб Фудошин** | 50,000.00 |
| **27** | **ВК Шампион Систем** | 50.000,00 |
| **28** | **ОФС** | 50.000,00 |
| **29** | **ЕК Мечрејс** | 0,00 |
| **30** | **ФЦ Копенхаген** | 40.000,00 |
| **31** | **ФК Света Троица 2021** | 50,000.00 |
| **32** | **ФК Рудар** | 50,000.00 |
| **33** | **ФК Лескоец** | 50,000.00 |
| **34** | **ФК Куршум** | 50,000.00 |
| **35** | **ФК Вулкан** | 50,000.00 |
| **36** | **ФК Некст Левел 2020** | 20.000,00 |
| **37** | **ПК Охридски бранови 2008** | 20.000,00 |
| **38** | **ВК Горица Ремо** | 20.000,00 |
| **39** | **ФК Св.Тројца-Црногорци** | 10.000,00 |
| **40** | **ФК Вапила** | 0.00 |

Од програмата ЛО спорт и рекреација за 2022 година, **конто 464990 (други трансфери)** од Буџетот на општина Охрид со решение на градоначалникот,а по предлог на комисијата беа распределени 3.298.000,000 на спортски клубови и здруженија за организирање спортски настани, манифестации и проекти како и на спортисти индивидуалци. Со ребаланс на буџетот на општина Охрид,советот на општина Охрид дополнително предвиде и распредели уште 1.405.093,00 денари,од кој 1.313.093,00 беа наменети и искористени за организација на „Охридскиот Пливачки маратон 2022“.

**Од вкупно 6.355.093,00 денари конто 4649909(други трансфери) реализирани и исплатени заклучно со 31.12.2022 година се 6.021.093,00 денари.**

**Во табелата подолу е вкупната сума на искористени средства.**

| **Бр.** | **Спортски настани, манифестации и проекти** | **Паричен износ** |
|---|---|---|
| **1** | **Охрид Трчат 2022** | 445,000.00 |
| **2** | **Параглајдинг Европски Куп** | 395,000.00 |
| **3** | **Спорт за сите-Охрид Ултра Траил** | 0.00 |
| **4** | **Охрид нуркат-клуб за подводни дејности-Охрид „Охрид нуркаТ“** | 190,000.00 |
| **5** | **Планинско лудило** | 150,000.00 |
| **6** | **Мал Илинденски маратон** | 130,000.00 |
| **7** | **ФерПлеј Куп** | 120,000.00 |
| **8** | **Едриличарска Регата-Акватика јахтинг** | 55,000.00 |
| **9** | **ПК Акваспирит-Охрид опен 2022** | 100,000.00 |
| **10** | **Нуркачки клуб Амфора** | 115,000.00 |
| **11** | **Нуркачки клуб Акватек** | 115,000.00 |
| **12** | **Олимписки пливачки 5км и 10км Охридски бранови** | 90,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | **ККК Стрмец-Кајакарска Регата2022** | 90,000.00 |
| 14 | **Тенис за сите-ТК Адвантико** | 40,000.00 |
| 15 | **Акватлон-АК Охрид трчат** | 80,000.00 |
| 16 | **Трофеј Охрид Топ Тим-Фуд.турнир** | 40,000.00 |
| 17 | **Охрид Опен Хваранг Фист** | 38,000.00 |
| 18 | **Охрид Опен-Хваран ИТФ** | 105,000.00 |
| 19 | **Мечрејс Куп Регата** | 30,000.00 |
| 20 | **Аматер-едриличарска регата** | 25,000.00 |
| 21 | **Ијка-Като куп(карате)меѓ.турнир** | 50,000.00 |
| 22 | **Пливаме во Сино-Аква спирит** | 25,000.00 |
| 23 | **Петка за ракомет-РШ Седмерец** | 25,000.00 |
| 24 | **Балкански надежи-ФК Копенхаген** | 40,000.00 |
| 25 | **Новогодишен куп-ФК Копенхаген** | 30,000.00 |
| 26 | **Петка за ракомет-РК ВардарСедмерец** | 30,000.00 |
| 27 | **Ватерполо турнир** | 30,000.00 |
| 28 | **Аматер-ден на скејтери** | 15,000.00 |
| 29 | **ПК Охридски Бранови-„Охридски пливачки маратон 2022“** | 1.313.093,00 |
| 30 | **„Сојуз за училишен спорт Охрид“--„Училишни спортски лиги за основни и средни училишта“<br>-„Правилен раст и развој кај учениците од четврто и петто одделение во основните училишта во Општина Охрид“<br>-„Охридски фудбалски надежи“турнир во фудбал за млади категории** | 1.202.000,00 |
| 33 | **Спортска манифестација „Најдобрите од спортот во општина Охрид“за 2021г.** | 120.000,000 |
| 34 | **ГРК „Охрид“-Меморијален турнир во ракомет „Крсте Андоновски –Усташ”** | 300.000,00 |
| 35 | **„Е-Спорт Ентитети“(одлука на комисија за финасии)** | 30.000,00 |
| 36 | **Риболовно друштво „Св.Апостол Петар“(одлука на комисија за финасии)** | 30.000,00 |
| 37 | **Велгошка Гордост-турнир во мал фудбал„Велгошти 2022“(одлука на комисија за финасии)** | 150.000,00 |

Здружението Асоцијација на спортови „Спорт за Сите-Сите за Спорт“ - Охрид со допис ја извести општина Охрид со кој се откажа од организација на спортската манифестацијата„Охрид Ултра Траил 2022 ’’ со што здружението се откажа од доделените финансиски средства предвидени во буџетот на општина Охрид за 2022 година,а добиени по јавен повик.Воедно престанува да биде организатор на овој настан.

| Бр. | Спортист индивидуалец | Паричен износ 2022 |
|---|---|---|
| 1 | **Дејан Ангелоски** | 120,000.00 |
| 2 | **Ана Стојаноска** | 35,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Ива Кецкарова** | 37,000.00 |
| 4 | **Филип Јосифоски** | 26,000.00 |
| 5 | **Кристина Митреска“(одлука на комисија за финасии)** | 20.000,00 |
| 6 | **Катерина Петреска“(одлука на комисија за финасии)** | 10.000,00 |
| | **Марко Пејчиноски (одлука на комисија за финансии)** | 30.000,00 |

**За 2022 година во програмата за Спорт и рекреација од предвидени вкупно 33.295.093,00 денари, реализирани заклучно со 31.12.2023 година се 32.691.093,00 денари или 98%(проценти).**

Со сите добитници на субвенции за трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“Охрид,како и добитниците на финасиски средства од буџетот на општина Охрид од програмата за спорт и рекреација за 2022 година,за програми на спортски клубови,спортски здруженија,спортски манифестации,настани, проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот се потпишаа договори со кои се регулираа односите,правата и обврските,помеѓу корисникот(спортски клуб,здружение,спортист индивидуалец) и општината,претставувана од страна на градоначалникот на општина Охрид.

За искористените финансиски средства од буџетот на општина Охрид заклучно со 31.12.2021 година сите спортски клубови,здруженија и спортисти индивидуалци доставија финансиски и наративни извештаи согласно потпишаните договори.
Во поднесените финансиски и наративни извештаи се гледа дека добиените средства од буџетот на општина Охрид спортските клубови и здруженија,спортски манифестации,настани,проекти и спортисти индивидуалци ги искористиле наменски,односно во најголем дел се однесуваат на купување опрема ,патувања согласно поднесената програма,исплата на средства кон федерации за котизации,исплата средства за судии,хонорари за ангажирани лица,тренери,физио терапевти, медицински лица.

Краток опис по поднесениот наративен и финасиски извештај од секој спортски клуб,здружение,спортска манифестација,настан,проект и спортист индивидуалец кој е корисник на финасиски средства од програмата за спорт и рекреација за 2022 година.

**ГРК „Охрид“ – Охрид**

Континуирана подршка на најуспешниот клуб во градот,во склоп на клубот работат пионерско младинските школи кој се натпреваруваат во соодветните лиги.Клубот во тековната 2021-2022 година играше во плеј оф на ракометната супер лига на Македонија.Согласно поднесениот финансиски и наративен извештај средствата се искористени за патувања,храна,ресторански и хотелски услуги,хонорари за играчи,тренери,стручен штаб,физиотерапевт,медицински лица,сместување,опрема за клубот,средства за судии и котизации.

**ГКК „Охрид’’-Охрид**

Клубот континуирано се натпреварува во втората кошаркарска лига на Македонија,во рамките на клубот работи и кошаркарска школа во сите категории,за машки,женски над 200 деца.Пријавени и веќе се такмичат генерациите М-14,М-16,М-18 во машка конкуренција како и женската екипа.Согласно финасискиот извештај од сектор за финансии префрлени се средства кои согласно поднесениот извештај искористени за

спортска опрема,хонорари за играчи,тренери,котизации,храна,сместување,средства за исплата на судии и делегати,патувања.

**ГФК„Охрид-Лихнидос“ Охрид**

Клубот се натпреварува во втората македонска фудбалска лига,во рамките на клубот има пионерска,кадетска и младинска екипа кој се натпреваруваат со успех во соодветните лиги.Во 2022 по поднесениот извештај средствата се искористени за хонорари за играчи,стручен штаб,медицински лица,надоместоци за делегати и судии,трошоци за припреми,превоз,трошоци за сместување и храна,набавка на опрема,котизации и други расходи.

**ФК„Воска Спорт“ Охрид**

Клубот во втората македонска лига успешно се натпреварува ,оваа година е во врвот и на чекор пред влез во најелитното друштво – првата лига.Во рамките на клубот работи и фудбалска школа.По поднесениот извештај средствата се искористени за хонорари за играчи и стручен штаб ,превоз,котизации и лиценци за стручно усовршување на тренери,спортска опрема и други расходи.

**ШК„Ласкер“ Охрид**

Развој на шаховскиот спорт,учество на домашни и меѓународни турнири и остварени солидни резултати.Школата во континуитет работи со млади таленти,а е и организтор на неколку натпревари на локално и државно ниво.Средствата се искористени за превоз,котизации,набвка на медали,книговотствени услуги,награден фонд за првенство одржано во Охрид.

**БК„Алексо Огненовски“ Охрид**

Клубот успешно се натпреварува во македонската боксерска лига и има учество на меѓународни натпреварувања.Членови на клубот се дел од Македонската боксерска репрезентација.Вице шампиони на Македонија.Средствата се искористени за специфични подготовки во Охрид,учества на првенства,тренажен процес,котизации,храна,патни трошоци. Во организација на клубот за прв пат се одржа меморијален меѓународен боксрески турнир во чест на доајенот на Охридскиот и Македонски бокс Алексо Огненовски.Настанот се одржа на отворено пред хотел Нова Ривиера на 27.08.2022 година со почеток во 20 часот.На турнирот покрај боксери од Македонија,зедоа учество и боксери од Србија,Куба,Еритреја,Албанија и Бугарија.

**РД„Св.Апостол Павле“ Охрид**

Учества на државни натпревари и организација на риболовен државен натпревар во Охрид.Средствата се искористени за риболовна опрема,превоз,гориво,организација на државен натпревар во Охрид.

**„Охридски Бранови 2008“**

Средствата се искористени за организација на **„Олимписки Пливачки Маратон 5 и 10 км“.**Според доставениот извештај настанот се одржа на 26.08.2022 на потегот помеѓу хотел.Палас и хотел Милениум во должина од 5 и 10 км на кој учество зедоа 7 натпреварувачи од Македонија.Средства искористени за организација на **„Илинденски**

**Пливачки Маратон 2022”** кој се одржа на 02.08.2022 на патеката од 2,5 км од Горица до градското пристаниште со учество на преку 50 натпреварувачи од клубови во Македонија.Ова беше негово 43 издание.Средствата искористени за организација на **„Ревијален Ватерполо турнир за ветрани” с**поред доставениот извештај настанот се одржа на 14.09.2022 на плажа – пливалиште с.Пештани.На турнирот учествуваа клубови од Охрид ,Струга и Скопје.

Под покровителство на општина Охрид,а во техничка органиација на клубот се одржа 22-то издание на **„Охридскиот Пливачки Маратон“** патека **„Климе Савин“** со старт од брегот кај манастирот Св.Наум Охридски до градското пристаниште во Охрид.
Во рамките на клубот работи и пливачка школа,добините средства за клубот се искористени за набавка на реквизити и голови за ватерполо.

**Акватлон – Охрид ТрчаТ 2022**

Настан организиран од Атлетски Клуб „ Охрид ТрчаТ “ на ден 28.08.2022 година.Акватлон е мултиспортска дисциплина која се состои од елементи на континуирано трчање и пливање. Натпреварувачите завршуваат пливање веднаш по што следи трчање на различни растојанија. На првото издание од Охрид трчаТ АКВАТЛОН 2022 зедоа учество 130 натпреварувачи од нашата земја и околните држави,воедно натпреварите беа и официјално државно првенсто во Акватлон во рамките на Триатлон федерацијата на Македонија. Спортската манифестација се одржа на плажата Кампинг КЈ дивоно,каде што натпреварувачите пливаа и пешачката патека од хотел Парк до мостот кај езерската полиција и назад, се одржуваше натпреварот во трчање.

**„Пливачки клуб Акваспирит”-Охрид**

Во организација на клубот се одржа вториот по ред меѓународен пливачки митинг **„Охрид опен 2022’’.**На митингот зедоа учество 200 пливачи од Македонија,Албанија и Косово.Настанот се одржа во отворениот олимписки базен „Атина Бојаџи’’на 23.07.2022 год. при ЈП „Билјанини извори“Охрид.

Пливачкиот клуб **Акваспирит** оваа година беше и технички организатор и на дражавно првенство во пливањекое после 20 години повторно се одржа во Охрид на кој зедоа учество над 400 пливачи од пливачките клубови во Македонија.Настанот се одржа на 16-17.07.2022 година на отворениот пливачки базен„Атина Бојаџи”.

**ПК.„Акваспирит“** половично го реализира и проектот „**Пливаме во сино“**,наменет за деца со посебни потреби,затоа што немаа услови за негова целосна завршување,причина е не работење на затворениот базен во Коснозглобната болница „Св.Еразмо Охридски“Охрид.

**ФК ОФС Фер Плеј-„Фер Плеј Куп 2022“**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 120 деца.Средствата се искористени за превоз до Р.Србија за учество на фудбалски турнир и набавка на спортска опрема за потребите на школата.Во текот на годината се натпреваруваат во Детската фудбалска лига Југозападен регион при ФФМ.
Средствата за турнирот кој е за млади категории се искористени за негова организација на кој учествуваа над 1500 фудбалерчиња од 7 Балкански земји во времетраење од 25-28.08.2022.Ова е еден од поголемите фудбалски турнири кој се одржува во општина Охрид. Турнирот е во организација ФК ОСК Фер плеј Охрид и ова е негово 11-то издание.

**Меморијален Турнир во ракомет„ Крсте Андоноски – Усташ“**

Средства доделени на ГРК„Охрид“ како главен организатор на настанот на кој учествуваа екипите РК „Партизан“ – Белград,РК „Тиквеш“ – Кавадарци,РК „Пролет“ – Скопје и домаќинот ГРК „Охрид“ – Охрид.Турнирот е организиран во чест на легендарниот спортски работник Крсте Андоноски – Усташ кој остави длабок печат во охридскиот и македонскиот ракомет.

**ККК„Стрмец“ Охрид**

Кајак клубот Стрмец е еден постарите клубови во Охрид и во континуитет се натпреварува на првенствата на Македонија во кајак и кану и на многу меѓународни такмичења.Доделените средства се искористени за набавка на нови кајаци за потребите на клубот од Република Полска и дел за храна,сместување и превоз.Средствата се користат за организација на традиционалната 22-ра **Меѓународна Кајакарска Регата 2022** со учество на домашни и странски кајакари. Покрај кајакари од нашата земја,учество зедоа кајакари од Полска,Србија,Грција и Бугарија.Настанот се одржа од 19.08 до 21.08.2022 година.

**НАТГ„ Аматер“Охрид**

Средствата се наменети за реализација на спортскиот настан**„Sail O Clock”**Едриличарска регата која ќе се одржа на 12.08.2022.Регатата е од аматерски тип и за цел има запознавање со едрењето,а технички е помогната од Едриличарскиот Клуб„Пират“ – Охрид. Спортски настан организиран од НАТГ Аматер е и „**Ден на скејтери”(Free Spirit Day** )датум на одржување 23.07.2022 година. На скејт настанот учествуваа скејтери од цела Македонија.Настанот се одржа во Скејт паркот во Охрид.
Средствата за одржување на двете спортски манифестации се исплатени само една половина заради ненавремено поднесување барање на здружението за исплата на средства во календарската 2022 година согласно потпишаниот договор со општина Охрид.

**„ИЈКА Карате Куп“**

Настанот се одржа од 07.07.2022-10.07.2022 под име ИЈКА КАТО КУП-ОХРИД 2022.Учествуваа 120 каратисти од 10 земји во светот.Средствата се искористени за набавка на медали,пехари и техничка организција на истиот.

**ТК „Адвантико” Охрид**

Проектот „Тенис за сите” се одвиваше преку целата година.Директни корисници беа 70 деца,ученици во основните и средните училишта,проектот е насочен за едукација,запознавање и тренинг на млади од територијата на општина Охрид.

**ЕК„Акватика Јахтинг“ Охрид**

Во рамките на клубот работи школа за деца од 7 до 18 години во текот на целата година.Средствата се искористени за спортска опрема,рекламен матријал за школата,безбедносна опрема за функционирање на школата.

**„Едриличарска Регата Акватика Јахтинг 2022”**

Средствата кои ги доби од Општина Охрид според извештајот ги искористи за организација на Едриличарската Регата – „Акватика Јахтинг 2022“ на Охридското

езеро.Настанот се спроведе под името„Едриличарска Регата Акватика Јахтинг” во која покрај едриличари од Македонија зедоа учество и едриличари од околните Балкански држави.Средствата согласно договорот не беа целосно исплатени заради ненавремено доставување на барање за средства во календарската година.

**„Велгошка Гордост“ с.Велгошти Охрид**

По одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид доделени се средства за организација на турнир во мал фудбал „Велгошти 2022”.

**АК „Охрид трчаТ“ Охрид**

Средствата се исплатени за организација на 6-тото издание на спортската атлетска манифестација Охрид Трчат 2022 која се одржа од 3 до 5 јуни 2022 година.Во рамките на спортската манифестација Охрид трчаТ на 09-ти мај„Денот на Европа” се одржа Детска трка за сите деца од општина Охрид ученици во прво одделение,вкупно 504 деца.

Во рамките на клубот фунционира и школа за атлетика во која членуваат 80 атлетичариод 5 години до 30 годишна возраст. Клубот е вклучен во националното првенство при Атлетската федерација на Македонија и постигнува значајни резултати.Член на клубот е и актуелниот шампион на Македонија во планинско трчање Дејан Ангелоски.Добиените средства од општина Охрид искористени се за превоз и купување реквизити и опрема за подобрување на условите за тренинг на атлетичарите.

**Параглајдин клуб „Флај ОХ Охрид“**

Средствата се искористени за организација на **„Paragliding European Cup Ohrid 2022”.**Според доставениот извештај настанот се одржа од 28.04 до 01.05.2022. Општина Охрид за прв пат е домаќин на еден ваков настан на кој учество зедоа 55 натпреварувачи од 12 европски земји.

**Клуб за подводни активности „Охрид” Охрид**

Го реализира пректот „Охрид нуркаТ” кој е годишен ,односно 11 месеци и целта на овој проект е преку нуркањето едукација на најмладите за значењето на вода ,атмосфера,спасување од давење и сл. Исплатени се половина од средствата,остатокот од добиените средства ќе се исплатат после целосно завршување на проектот и поднесен финансиски и наративен извештај.

**Планинско езерски фестивал„Денот на Галичица”-АК„Планинско лудило“**

Планинарско велосипедски настан кој има за цел промоција на здрави животни навики, љубов кон природата,планината, како и подигнување на еколошката свест за зачувување на автентичноста на НП. Галичица.Главниот настан се организира на 19 до 20 јуни, на кој имаше над 600 учесници од земјата и странство,кој заеднички го искачија врвот Магаро на планината Галичица. На настанот им претходеа 10 еко акции за расчистување на Галичица,3 велосипедски тури од кој 2 планински и една околу Охридското езеро,како и за прв пат републичка акција МАГАРО,на кој зедоа учество планинари од цела Македонија. Согласно финансискиот и наративен извештај средствата се искористени за ангажирање на водичи во планина, медицински лица, обезбедување, теренски возила, хонорари за ангажирани лица за логистика, вода, сокови, енергетски пијалоци, житарки, овошје.

**НЦ „Амфора“ Охрид**

Средствата кои ги добија од Општина Охрид според извештајот ги искористи за организација на голем број еколошки акции за чистење на Охридското езеро на поголем број локации.Проектот се спроведе под името „Охрид Еко 2022” во кој покрај нуркачи од Македонија зедоа учество и нуркачи од околните Балкански држави.

**НК „Акватек” Охрид**

Како и останатите Нуркачки клубови и центри средствата кој ги добиваат ги користат за организација на голем број акции за чистење на дното на Охридското езеро.НК „Акватек” реализира Еко акции во текот а целата година.По завршување на проектот иподнесен е финансиски и наративен извештај.

**ФК.„Охрид Топ Тим’’**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 50 деца.Вкупно добиените средства се искористени за лекрски прегледи,котизации за турнири и учество на семинари како и за организација на традиционалниот фудбалски турнир за млади категории Охрид Трофеј топ Тим.

**„Трофеј Охрид’’-ФК Топ Тим-Охрид**

Турнир во фудбал за млади категории во организација на ФК Охрид Топ Тим-Охрид, во 2022 година е негово 7-то издание.Турнирот е од меѓународен карактер со вкупно учесници 400 во три генерации.Добиените средства согласно финасискиот извештај се искористени за хонорари,матријални трошоци,медали и пехари.

**Хваранг ИТФ -Теквондо турнир „Охрид Опен 2022“**

Турнирот се одржа на 25.06.2022 година на кој зедоа учество 210 натпреварувачи од 31 клуб од Европа.За добиените средства поднесен е финансиски и наративен извештај.

**ТК „Хваранг Фист“ Охрид „Охрид Опен 2022“**

Средствата се одобрени за организација на турнир „Охрид Опен 2022“ од 26.03 до 29.03.2022. Средствата за одржување на спортската манифестација се исплатени само една половина заради ненавремено поднесување на барање на клубот за исплата на средства во календарската 2022 година. За добиените средства поднесен е финансиски и наративен извештај.Средствата за клубот се искористени за патувања,храна и опрема за члеовите на клубот.Клубот е дел од Таеквондо федрацијата на Македонија.

**„Меч Рејс Куп’’-Меч Рејс клуб Охрид**

Дисциплина во спортско едрење во кој меѓусебе се натпреваруваат повеќе тимови во две идентични едрилици.На третото издание зедоа учество три клубови и тоа два клубови од Охрид и еден од Скопје како и клубови од Италија и Грција.Настанот се реализираше од 21ви до 24ти Октомври 2022 година.Согласно извештајот финсиските се искористени за трошоци на ангажирање на пловни објекти,хонорари за судии и организационен одбор,бензин за пловни објекти,награди,пехари,медали,коктел за завршна церемонија,персонален данок.Средствата за одржување на спортската манифестација се исплатени само една половина заради ненавремено поднесување на барање на клубот за

исплата на средства во календарската 2022 година.Средствата предвидени за клубот не се исплатени заради не поднесување на барање за исплата согласно потпишаните договори.

**РК „Седмерец“ Охрид**

За прв пат организира турнир за млади категории „5-ка за Ракомет”.На турнирот зедоа учество екипи од Македонија и според извештајот средствата се потрошени за организација на турнир за деца генерација 2010/11l,одржан на 07.05.2022.

**РШ „Вардар Седмерец“ Охрид**

На 28.05 се одржа вториот турнир 5-ка за ракомет во организација на РШ „Вардар Седмерец“.За добиените средства поднесен е финансиски и наративен извештај.

**ФЦ„Копенхаген“ Охрид-„Новогодишен куп 2022“**

Средствата наменети за турнирот во фудбал за млади категории „Новогодишен куп 2022“ во целост се искористени и поднесен е финансиски и наративен извештај.

**ФЦ„Копенхаген“Охрид-‘’Балкански надежи’’-детски фудбалски турнир**

Во организација на ФЦ„Копенхаген“–Охрид беше 3-тото издание на фудбалскиот турнир за млади категории.Учество зедоа екипи од Македонија,Албанија и Косово.Финасиските средства се искористени за хотелско сместување на екипи за турнирот,како и за тековни трошоци во организација на истиот.

**ФЦ„Копенхаген“ Охрид**

Средствата наменети за фудбалската школа не се искористени затоа што во 2022 година школата не отпочна со работа.

**Тениски клуб „Охрид“**

Клубот работи долги години и е двигател на тенисот во Охрид.Членови на клубот се дел од Македонската тениска репрезентација.Искористените средства ги има потрошено за покривање на тековни трошоци во клубот.

**СК„Охрид“ Охрид**

Редовни учесници на државни и меѓународни првенства.Членови од клубот се дел и од Македонската Стрелачка репрезентација. Средствата се искористени за котизации,набавка на стрелачка опрема,превоз и храна за стрелци,шпедитертски трошоци при набавка на оружје и трошоци за организација на меѓуароден турнир во стрелање ,,Илинден 2022”.

**ЖСК„Лихнидос“ Охрид**

Редовни учесници на државни и меѓународни првенства.Членови од клубот се дел и од Македонската Стрелачка репрезентација.Средствата се искористени за котизации,набавка на стрелачка опрема,превоз и храна за стрелци,шпедитертски трошоци при набавка на оружје.

**РК „Сани 14’’-Охрид**

Ракометна школа која работи со деца од 6 до 14 годишна возраст.Средствата се искористени за опрема и организација како и патувања на натпревари за млади категории.

**ФК„Ла Масиа“ Охрид**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 60 деца.Средствата се искористени за превоз до Р.Србија за учество на фудбалски турнир. Во текот на годината школата е дел од Детската фудбалска лига Југозападен регион при ФФМ.

**ФК „Рудар’’-с.Куратица**

**ФК „Лескоец 999“ с.Лескоец**

**ФК „Света Троица 2021“ Охрид**

**ФК„Света Троица-Црногорци“**

**ФК „Вулкан“ с.Косел**

Клубовите се натпреваруваат во општинската фудбалска лига.Средствата се искористени за купување спортска опрема за играчите од клубот и транспорт.

**ФК„Вапила“**

Согласно договорот потпишан со општина Охрид,не поднесе барање за исплата на добиените финансиски средства за подршка на клубот.

**ФК „Куршум’’-с.Д.Лакочереј**

Клубот се натпреварува во општинската фудбалска лига.Средствата се искористени за купување спортска опрема за играчите од клубот,а во склоп на клубот функционира и фудбалска школа под името Галактикос во кој тренираат деца од 6 до 14 години.

**„Општински Фудбалски сојуз-Охрид“**

Средставата се искористени за котизации и тековна исплата на средства за судии за непречено функционирање на клубовите од Охрид кои се натпреваруваат во општинската фудбалска лига**.**

**ФК„Еврофудбал-Вардар 2“Охрид**

Фудбалска школа со над 100 деца од 6 до 14 годишна возраст.Средствата се искористени за патување,опрема и реквизити за потребите на клубот.Во текот на годината клубот е дел од Детската фудбалска лига Југозападен регион при ФФМ.

**„Сојуз за училишен спорт Охрид“**

Средствата се наменети за реализација на проектот **„Правилен раст и развој кај учениците од четврто и петто одделение во основните училишта во Општина Охрид’’**кој го реализираат 8 проф.по Физичко и здравствено образование.Дел од средствата се искористени за одбележување На **10-ти мај „Светскиот Ден на Физичка активност”** на кој зедоа учество над 650 деца од основните и средните училишта. Во рамките на одбележувањето на овој ден учениците зедоа учество во повеќе спортови,фудбал,одбојка,пингпонг,баскет,аеробик,велосипедизам, планинарење и шах. Активностите се одвиваа на спортските терени при ЈП.Билјанини извори,спортските сали при ООУ Григор Прличев и ОЕМУЦСв.Наум Охридски,како и дворот на ООУ Братство Единство.Планинарската тура се одвиваше од пред спортската сала на ЈП „Билјанини

извори” до Крстец и назад,а велосипедската тура од пред спортската сала на ЈП „Билјанини извори”до Славија и назад.

Започнувајки од февруари 2022 година до декември 2022 година се реализираа **Училишните спортски лиги** во повеке спортови(футсал,баскет,одбојка,пинг-понг,шах) за основни и средни училишта.Најдобрите ученици зедоа учество на регионалните натпревари кој се во организација на **Федерацијата за училишен спорт на Македонија.** Во месец март се отпочна со реализација на проектот за унапредување на наставата во IV и V одделение **„Правилен раст и развој кај учениците од четврто и петто одделение во основните училишта во Општина Охрид’’**.Носител на проектот е Сојузот за училишен спорт Охрид,а во наставата како тандем наставник вклучени се 8 професори по физичка култура.За реализација на овој проект во кординација со одделението за образование на општина Охрид добиена е согласност од бирото за развој на образованието и од Министерство за образование и наука за реализација на истиот.

Во текот на месец септември под покровителство на градоначалникот на општина Охрид,а во организација на **„Сојуз за училишен спорт Охрид“** се одржа фудбалски турнир за млади категории за фудбалските школи од Охридскиот регион.На турнирот зедоа уцество над петстотини деца од генерации 2010 до 2016.Турнирот траеше 2 денови,а се играше на фудбалските терени при ЈП„Билјанини извори-Охрид“

**КК „Фудошин“ Охрид**

Одржувач на традицијата на карате спортот во Охрид.Од година во година со се повеќе успеси како на индивидуален така и на клубски план.Средствата ги користи за тековни активности на клубот како и за патувања на натпревари.Оваа 2022 година е значајна за клубот поради освојувањето на бронзениот медал на светското јуниорски првенство од страна на Наум Јаковлев.

**Мегународен Карате турнир „Охрид Опен”- КК „Чоле’’-Охрид**

Во соработка и партнерство со КК„Кун- Су -То“ Охрид традиционално го организира меѓународниот турнир „Охрид Опен 2022“.

**КК „Кун-Су-То“ Охрид**

Ги негува боречките вештини,традицијата за карате во Охрид.Во партнерство со КК„Чоле“го организира Меќународниот турнир „Охрид опен 2022“.Средствата се искористени за исплата на дневници и судиски такси на официјални лица,печатење на маици.

**АК„Охрид“ Охрид**

Клубот со своите членови редовно се натпреварува на државните и меѓународни натпреварувања.Членови од клубот се дел од Македонската Атлетска репрезентација.Средставата се искористени за патувања во странство и државата за натпревари како и тековни трошоци на клубот.

**РК„Лихнид“ Охрид**

Средствата се искористени за тековните активности на клубот и трошоци околу натреварувачката сезона.Клубот се такмичи во женското младинското првенство при РФМ.

**ЖФК„Билјанини извори“Охрид**

Клубот се натпреварува во втората македонска женска фудбалска лига.Средствата се искористени за патувања,храна,котизации,медицински услуги.

**ВК„Шампион систем“Охрид**

Ралативно нов велосипедски клуб кој уште првата година организираше Велосипдски натпревар од меѓународен карактер.Членовите од клубот учествуваат на сите трки организирани од Велосипедската федерација на Македонија.Средсвата се искористени за припреми на член на клубот кој се квалификува на светското првенство UCI GRAN FONDO WORLD CHAMPIONSHIP 2022 во Тренто,Италија.

**ВК„Горица Ремо“-Охрид**

После повеке од 8 години благодарение на ентузијазмот на поранешни членови на **ВК„Југ“** Охрид се врати веслањето како спорт на Охридското езеро.Амбициите на клубот се да отпочне со работа школата за веслање во рамките на клубот и да се организираат веслачки регати со што ќе го афирмираат веслањето како спорт на Охридското езеро,но и промоција на Охрид и Македонија.

**ФК„Некст Левел 2020“Охрид**

Фудбалска школа за млади категории.Во школата тренираат над 80 деца од 6 до 14 годишна возраст.Средствата се искористени за купување опрема и реквизити за клубот. Во текот на годината се нтпреваруваат во Детската фудбалска лига Југозападен регион при ФФМ.

**„Е-Спорт Ентитети“**

Клуб од Е-спортот,средстрвата се за подршка на член на клубот Алекандар Ќулукоски кој е дел од Македонската Е Спорт репрезентација која освои прво место на Европско и светско првенство во Е-спортот.

**Дејан Ангелоски-планинско трчање**

Најдобар тркач во Македонија за 2022 година во Планинско и Скај трчање,а воедно со одлична меѓународна кариера. Согласно финасискиот извештај средствата ги искористил за набавка на спортска опрема,превоз,котизации за трки,терапевтски услуги,сместување и храна.

**Ива Кецкарова-млад надежен тенисер од Охрид**

Доделени средства се искористени за купување спортска опрема и реквизити,патувања во земјата и странство каде што зеде учество на тениски турнири.

**Ана Стојановска-млад надежен тенисер од Охрид**

Доделените средства се искористени за тренинзи и учество на домашни и меѓународни натпревари,сместување,авионска карта како и купување на дел спортска опрема.

**Филип Јосифоски-Таеквондо**

Член на **ТК „Хваранг Фист“** од Охрид,бележи одлични резултати на државно и мегународно ниво.Средствата се исористени за припреми и опрема.

**Марко Пејчиноски-пливање**

Историски подвиг во препливување на Охридското езеро. Доделените средства се за подршка во текот на тренажниот процес.

**Број 08-3254/21**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД,**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/140**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година (Н1) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/22**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година - Н1 Програма, беа насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес во нормални и во вонредни услови (како што е моменталната ситуацијата предизвикана со Корона вирусот) ;
- Развој на образовниот процес;

Оттука, активностите на Општина Охрид во областа на основното образование во 2022 година беа насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на програмата, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

Финансирањето на активностите во областа на основното образование планирани за 2022 година, е преку Буџетот на МОН, Буџетот на општина Охрид, од блок дотација, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| Предвидена активност согласно програма | Степен на реализација со опис | Предвиден буџет согласно Програма | Потрошени средства |
|---|---|---|---|
| Продолжен престој | Активноста се реализира согласно предвидената динамика и барањата на основните училиште. Ангажирани беа вкупно 3 наставници во 2 училишта до јуни 2022 година. Во новата учебна година беше објавен и завршен тендер за избор на агенција за привремени вработувања и од оваа година сите ангажирани наставници во продолжен престој се со регулиран статус и платени придонеси. Ангажирани се вкупно 16 наставници во продолжен престој и наставата се одвиваше тековно и без проблеми | 1.500.000,00 Буџет на општина Охрид | 1.500,000,00 ден |
| Показна вежба за евакуација при пожар и земјотрес | Активноста не е реализирана | логистика | 0 |
| Безбедни училишта | Активноста беше реализирана | Логистика | 0 |
| „Реонскиот полицаец Ве советува“ | Активноста не се реализира (иницијатор за реализација на оваа активност е СВР Охрид) | Логистика | 0 |
| Училишни игри без граници | Активноста не е реализирана | логистика | 0 |
| Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | Активноста не се реализира | логистика | 0 |
| Доделување стипендии на ученици | Беше објавен конкурсот за доделување на стипендии, заврши евалуацијата на пристигнатите пријави по однос на истиот и беа склучени договори за стипендии со вкупно 137 ученици. За потребите на конкурсот беше извршен и ребаланс на буџетот при што беа обезбедени средства за исплата на сите одобрени стипендии | 1.850.000,00 Буџет на општина Охрид | 1.849.500,00 ден.општински средства |
| Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | Тековно,според потребите се обезбедуваше превоз на талентирани ученици | 300.000,00 Буџет на општина Охрид и основни училишта | 270.362,00 ден .општински средства : |
| Наградување на | Активноста е комплетно | 200.000,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревар | реализирана | Буџет на општина Охрид,блок дотација и основни училишта | 200.000,00 ден. блок дотација |
| Манифестации организирани по разни поводи (патронати,државни празници) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | Буџет на општина Охрид и основно училишта | 0 |
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се спроведуваше континуирано | 264.578.487,00 Блок дотација | 261.829.318,00 ден. од блок дотација |
| Режиски трошоци | Активноста се спроведува континуирано | 29.200.690,00 Општина Охрид, блок дотација, основни училишта | 12.725.650,00 ден. од блок дотација 16.168.907,00 ден општински средства, 74.261,00 ден. сопствени средства |
| Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км од Училиштето | Активноста се спроведуваше континуирано(законска обврска) | 3.919.570,00 Општина Охрид, блок дотација | 939.217,00 ден. од блок дотации и 2.980.353,00 ден. општински средства, |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведуваше континуирано | 1.368.000,00 Општина Охрид, блок дотација | 858.634,00 денари општински средства и 623.335,00 денари од блок дотација |
| Субвенционирање на превозот на наставниците кои држат настава во руралните средини (по Меморандум за соработка меѓу СОНК и Општина Охрид) | Активноста се сроведуваше во текот на учебната година | 270.000,00 Буџет на општина Охрид | 165.295,00 ден. општински средства |
| Превозни услуги во образованието | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 39.000,00 Сопствен буџет основни училишта | 3.000,00ден. сопствени средства |
| Канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 2.071.450,00 Блок дотација и сопстен буџет основни училишта | 1.257.603,00 од блок дотации,544.752,00 ден. сопствени и 74,020ден општински средства |
| Тековно одржување на објекти и опрема | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.632.000,00 Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 841.879,00 денари општински средства и 247.491,00 денари од блок дотација 305.454,00 ден од сопствени средства: |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 300.000,00 Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 92.354,00 денари од блок дотација и 150.650,00 ден општински средства |
| Санитарни и систематски прегледи | Активноста се спроведуваше континуирано согласно | 800.000,00 Општина Охрид, | 390.400,00 ден.општински средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на вработените во училиштата | потребите на основните училишта | блок дотација | 48.080,00 ден.блок дотација |
| Чистење оџаци и парни котли | Тековно | логистика | 0 |
| Објавување огласи и др оперативни расходи (семинари,обуки) | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 534.000,00 Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 297.617,00 денари од блок дотација 265.028,00ден.општински средства 171.001,00 денари сопствени средства |
| Стари долгови на ООУ„Григор Прличев“ кои се исплаќаат по склучени спогодби | Активноста се спроведуваше континуирано,според доспеаните рати согласно спогодбата Исплатени се сите долгови по тој основ | 4.065.000,00 Буџет на општина Охрид | 3.946.356,00 ден општински средства |
| Вонучилишни образовни и др.дополнителни услуги | Активности по оваа ставка се одвиваат согласно предвиденото а се работи и проект добиен преку Еразмус програмата | 9.520.594,00 Општина Охрид, сопствен буџет основни училишта, донации (проекти) | 1.027.784,00 денари блок дотација 3.816.812,00 денари од донации (проекти ) 347.155,00ден. сопствени средства |
| Наставен план и програма | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 133.000,00 блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 63.000,00 ден . |
| Договорни услуги | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 88.000,00 Општина Охрид, сопствен буџет основни училишта | 44.444,00 ден.општински средства , 34.172,00 блок дотација |
| Копирање и печатење | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 138.500,00 ден.блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 13.975,00 денари од блок дотација и 990 ден сопствени средства |
| Патни расходи(дневници) | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на основните училишта | 40.000,00ден сопствен буџет основни училишта | 13.443,00 ден сопствени средства |
| Наставни помагала, проектори и интерактивни табли | Активноста е комплетно завршена и програмски и финансиски | 1.871.000,000 Општина Охрид | 1.871.000,00ден. општински средства |
| Проект: „Нашите првачиња„ | Преку оваа активност секое запишано прваче во основните училишта на територија на општина Охрид доби на сметка на својот родител/старател по 3000 денари еднократен надомест со цел да се помогне на родителите за трошоците. Активноста е реализирана и исплатен е надомест на вкупно 542 првачиња. | 1.680.000,00 Општина Охрид | 1.626.000,00 Општина Охрид |
| **Вкупно:** | | **326.099.291,00** | **318.116.438,00** |
| | | | |

**Реализирано финансиски 97,55% од планирано**

**Број 08-3254/23**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 ГОДИНА (НА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката заусвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 година (НА) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/141**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 ГОДИНА (НА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 година (НА) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/24**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024

Активностите на Општина Охрид кои беа предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022 – 2024 година (НА Програма) беа бидат насочени кон реализација на капитални инвестиции во основните училишта на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники за одвивање на наставата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар образовен систем претставуваат предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа програма треба да овозможи современи услови за одвивање на наставата, пријатни услови за учениците и наставниците кои поголемиот дел од денот го поминуваат во образовните институции. Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои пристигнаа во рамки на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Со цел квалитетна изработка на програмата се оддржа и граѓанска трибина на која јавно, со присутните релевантни чинители, надополнети со граѓански организации и граѓани разговараа за потребите и можностите за капитални инвестиции во рамки на основните образови инситуции.

Активностите предвидени во програмата ќе се финансираат од МОН, од блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

Предмет на овој извештај се активностите реализирани согласно програмата во 2022 година.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Уредување на училишен двор во ООУ Христо Узунов Охрид | Активноста е реализирана. Прво се постави подлога за нивелирање на училишното игралиште, а потоа преку донација комплетно беше модерно уредено. Државна видоелотарија на | 300.000,00 Буџет на општина Охрид | 300.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Македонија беше донатор на ова игралиште. | | |
| Санирање на тоалети ООУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Активноста не е реализирана. Во рамки на проектот на МОН за нова фасада на ова училиште предвидена е и изградба на тоалети. Зависно од тоа општина Охрид ќе предвиди дополнителни средства доколку се потребни за комплетно завршување на тоалетите | 100.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Молерисување и санација на ѕидови ООУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Активноста е реализирана | 70.000,00 Буџет на општина Охрид | 70.000,00 ден.општински средства |
| Промена на внатрешна дограма ООУ „Св.Наум Охридски“ – ПУ Коњско | Активноста е реализирана | 50.000,00 Буџет на општина Охрид | 50.000,00 ден. општински средства |
| Оградување на училишниот парк со ограда и влезна врата ООУ Живко Чинго с. Велгошти | Активноста е реализирана | 215.000,00 | 215.000,00 |
| Оградување со жица за ограда (плетена) ООУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | Активноста е комплетно завршена | 40.000,00 Буџет на општина Охрид | 40.000,00 ден. општински средства |
| Нивелирање на подовите во тоалети ООУ„Кочо Рацин“-ПУ Д.Лакочереј | Активноста е реализирана | 100.000,00 Буџет на општина Охрид | 100.000,00 ден. општински средства |
| Санација на тоалети ООУ„Григор Прличев“ – ПУ Рача | Активноста е реализирана | 180.000,00 Буџет на општина Охрид | 180.000,00 ден општински средства |
| Изведба на нова електрична инсталација ООУ „Братство единство“ - Лескајца | Активноста е релизирана | 1.200.000,00 Буџет на општина Охрид | 824.188,00 ден.општински средства |
| Реконструкција на тоалети ООУ „Братство единство“ - Лескајца | Изработена е предмер пресметка и проект за електрика објавен е тендер за избор на економски оператор | 1.500.000,00 Буџет на општина Охрид | 1.313.600,00 ден општински средства |
| Санација на водоводна и одводна мрежа ООУ „Братство единство“ - Лескајца | Активноста е реализирана. | 624.123,00 Буџет на општина Охрид | 624.123,00 ден. општински средства |
| Изградба на нова надстрешница ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец – Косел | Активноста е релизирана | 50.000,00 Буџет на општина Охрид | 50.000,00 ден. општински средства |
| Реконструкција на олуци ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец – Куратица | Активноста е реализирана | 90.000,00 Буџет на општина Охрид | 90.000,00 ден општински средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на влезот на училиштето ООУ„Ванчо Николески“ Лескоец | Активноста е реализирана | 60.000,00 Буџет на општина Охрид | 60.000,00 ден. општински средства |
| Реконструкција на тоалети ООУ„Ванчо Николески“ ПУ Косел | Активноста е реализирана | 500.000,00 Буџет на општина Охрид | 461.052,00 ден. општински средства |
| Купување училишна опрема ООУ„Ванчо Николески“,ОУ„Григор Прличев“ | Активноста е реализирана согласно потребите | 174.000,00 Донаторски средства | 8.400,00 ден. донации |
| Купување училишна опрема и училишен мебел Основни училишта | Активноста се реализира согласно потребите | 1.234.050,00 Општински средства и сопствени средства | 173.418,00 ден.општински средства и 195.315,00 ден сопствени средства |
| Набавка и сервисирање на противпожарна опрема и хидранти,громобрани и др.опрема | Активноста се одвива континуирано,според потребите на училиштата | 400.000,00 Буџет на општина Охрид | 227.042,00 ден. општински средства |
| Изготвување основни проекти и елаборати за разни намени, спроведување на решенија за легализација во агенција за катастар Основни училишта | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 500.000,00 блок дотација, буџет на општина Охрид | 145.150,00 ден. општински средства |
| **Вкупно:** | | **7.387.173,00** | **5.432.539,00** |

**Забелешка:**Во вкупниот збир на реализирани с-ва се влезени и 305.251,00 ден . кои не се дел од годинешната Програма НА .Истите се исплатени со судска спогодба на фирмата „Чеменко“дооел за работи извршени во претходната година

**73,54 % финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-3254/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н2) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/142**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н2) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година (Н2) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/26**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година- Н2 програма, беа насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на средното образование;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес во нормални и во вонредни услови (како што е моменталната ситуацијата предизвикана со Корона вирусот) ;
- Развој на образовниот процес;

Оттука, активностите на Општина Охрид во областа на средното образование во 2022 година беа насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на програмата, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема, неопходни при реализирање на планираните активности.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Финансиско учество во проекти | Во овој период нема потреба од реализација на оваа активност | 1.200.000,00 Блок дотација | 0 |
| Безбедни училишта | Активноста е реализирана | Логистика | 0 |
| Образованието и полицијата против дрогата во заедницата | Активноста не беше реализирана | логистика | 0 |
| Доделување стипендии на ученици | Беше објавен конкурсот за доделување на стипендии, заврши евалуацијата на пристигнатите пријави по однос на истиот и беа склучени договори за стипендии со вкупно 92 ученици. Активноста е комплетно реализирана | 1.242.000,00 Буџет на општина Охрид | 1.242.000,00 ден.општински средства |
| Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите | 440.000,00 Блок дотација и средни училишта | 120.000,00ден. од блок дотација |
| Наградување на ученици кои освоиле први места на | Активноста е реализирана | 300.000,00 Блок дотација | 51.000,00 ден.од блок дотација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| државни и меѓународни натпревар | | | |
| Манифестации организирани по разни поводи (патронати,државни празници) | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите | 210.000,00<br>Буџет на средните училишта,спонзорства | 0 |
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се спроведуваше континуирано | 96.200.000,00<br>Блок дотација | 94.173.225,00 ден од блок дотација |
| Режиски трошоци | Активноста се спроведуваше континуирано | 13.177.000,00<br>блок дотација, средни училишта | 11.256.186,00 ден. блок дотација и 33.334,00 ден.сопствени средства |
| Канцелариски материјали,средства за хигиена, наставно-образовни помагала, | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните училишта | 1.341.000,00<br>Блок дотација и сопстен буџет на средните училишта | 947.132,00 ден. од блок дотација,222.217,00 ден. сопствени средства |
| Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2 км од училиштето | Активноста се спроведуваше континуирано | 15.300.000,00<br>Општина Охрид, блок дотација | 15.195.723,00 ден. блок дотација<br>24.000,00 ден.сопствени средства |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведуваше континуирано | 580.000,00<br>блок дотација | 578.696,00 ден од блок дотација |
| Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни | Активноста се сроведуваше континуирано | 6.579.069,00<br>Средства од проекти | 3.342.287,00 ден . од проекти |
| Патни расходи | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните училишта | 70.000,00<br>Сопствен буџет средни училишта | 10.680,00 ден сопствени средства |
| Тековно одржување на објекти и опрема | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните училишта | 8.387.897,00<br>блок дотација, сопствен буџет средни училишта | 3.255.421,00 денари од блок дотација и 41.314,00 ден.сопствени средства |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните | 330.000,00<br>блок дотација, сопствен буџет средни училишта | 50.636,00 ден блок дотација и 25.722,00 ден. сопствени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | училишта(законска обврска) | | средства |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните училишта(законска обврска) | 390.000,00 блок дотација, сопствен буџет средни училишта | 246.840,00 денари од блок дотација |
| Чистење оџаци и парни котли | Активноста се одвива согласно потребите во рамките на училиштата | логистика | 0 |
| Објавување огласи и др оперативни расходи (семинари,обуки) | Активноста се спроведуваше континуираносогласно потребите на средните училишта | 800.000,00 ден. блок дотација, сопствен буџет | 386.416,00 денари од блок дотација, 304.910,00 ден. сопствени средства |
| Работно ангажирање на потребен стручен кадар преку Агенција за привремени вработувања | Континуирано (ангажиран е благајник во ОСУ„Св.Климент Охридски“) | 500.000,00 Буџет на општина Охрид | 384.569,00 ден. општински средства |
| Договорни услуги | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните училишта | 395.500,00 Блок дотација,општински средства, сопствен буџет на средни училишта | 256.579,00 ден. блок дотација,133.895,00ден. сопствени средства |
| Копирање и печатење | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите на средните училишта | 100.000,00 блок дотација, сопствен буџет средни училишта | 66.845,00ден денари од блок дотација и 15.600,00 сопствени средства |
| Дератизација, дезинфекција дезинсекција | Активноста се спроведуваше континуирано согласно потребите средните училишта | 50.000,00 Блок дотација | 25.770,00 ден блок дотација |
| Вонучилишни и други образовни услуги | Активноста се спроведуваше континуирано | 483.700,000 Блок дотација сопствен буџет средни училишта | 333.958,00 денари од блок дотација 156.884,00 денари сопствени средства |
| Доделување на стипендии на студенти | Беше објавен конкурсот за доделување на стипендии, заврши евалуацијата на пристигнатите пријави по однос на истиот и беа склучени договори за стипендии со вкупно 15 студенти. Активноста е | 405.000,00 предвидени во програмата АО – Буџет на општина Охрид | 405.000,00 општински средства (Овие с-ва не влегуваат во вкупниот збир) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | комплетно реализирана | | |
| **Вкупно:** | | **148.076.166,00** | **132.732.693,00** |
| | | | |

**89,64% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-3254/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 ГОДИНА (НБ) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 година (НБ) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/143** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р,.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024 ГОДИНА (НБ) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 година (НБ) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/28**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2022-2024

Активностите на Општина Охрид кои беа предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022 – 2024 година (НБ Програма) беа насочени кон реализација на капитални инвестиции во средните училишта на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники за одвивање на наставата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар образовен систем претставуваат предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа програма треба да овозможи современи услови за одвивање на наставата, пријатни услови за учениците и наставниците кои поголемиот дел од денот го поминуваат во образовните институции. Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои пристигнаа во рамки на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Со цел квалитетна изработка на програмата се оддржа и граѓанска трибина на која јавно со присутните релевантни чинители надополнети со граѓански организации и граѓани разговараа за потребите и можностите за капитални инвестиции во рамки на средните образовни инситуции.

Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022 – 2024 година (НБ Програма) на Секторот за образование, детска,здравствена и социјална заштита поставена на овој начин за тригодишен период ќе овозможи услови за полесно работење, а ќе создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од МОН, од блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

Предмет на овој извештај се активностите реализирани во 2022 година

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Партерно и хортикултурно уредување на дворното место и нова ограда ОСУ „Св.Климент Охридски“ | Со оваа активност е предвидено комплетно преуредување на дворот од гимназијата. Планирано е и поставување на нова ограда. Со проектот предвидено е да се добијат следните соддржини: модерно мултифункционално спортско игралиште, трим патека околу зградата на гиманзијата, две училници на отворено, осветлување и хортикултурно уредување. Изработен е проектот за електрика, изработено е идејното решение и изработен е основниот проект за партерното уредување. Издадено е одобрение а тендерските постапки завршија неуспешно. Во 2023 година се предвидуваат повеќе средства за реализација на оваа активност и ќе отпочне нејзина реализација. По однос на оградата изработен е проектот, добиено е позитивно мислење од Завод и музеј Охрид, општина Охрид издаде одобрение за реконструкција. Избран е економски оператор и отпочнати се градежните активности | 10.009.000,00 Блок дотација | 0 |
| Реконструкција на училиштето – (термо фасада, кров и дел од дограмата) СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ | Оваа активност е комплетно завршена | 8.000.000,00 Блок дотација | 8.000.000,00 ден. од блок дотација |
| Реконструкција (пренамена на помошни простории во соблекувални), електрика, партерно уредување СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ | За реконструкцијата и електриката изработени се основните проекти и избран е економски оператор. Градежните активности се во тек. За партерното уредување изработен е проектот, завршена е тендерската постапка, градежните активности се завршени | 17.000.000,00 Блок дотација | 2.808.400,00 ден од блок дотација |
| Инсталација на нов | Активноста е реализирана | 11.500.000,00 | 11.499.999,00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| систем за греење СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ | | | од блок дотација |
| Набавка на смарт табли СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ | Активноста е завршена | 500.000,00 Блок дотација | 500.000,00 ден од блок дотација |
| Купување училишна опрема,мебел и книги за библиотека Средни училишта | набавени се книги, за училишните библиотеки (СОСУ Св. Кирил и Методиј), машини за чистење и училишна опрема за трите средни училишта | 1.863.000,00 Буџет на општина Охрид и блок дотација | 1.089.409,00 ден.блок дотација 135.700,00 ден. донации(проект) и 150.730,00ден сопствени средства |
| Тековно оддржување на училишни објекти ОСУ „Св.Климент Охридски“ | Активноста е реализирана. Реконструирани се тоалетите и е извршено уредување на простор во поткровјето на Гимназијата. Изведени се и мали реконструктивни зафати на кровот | 2.500.000,00 Блок дотација | 2.325.609,00 ден. од блок дотација |
| Набавка на клупи ОЕМУЦ„ Св. Наум Охридски„ | Активноста е комплетно завршена | 2.900.000,00 Блок дотација | 2.897.667,00 ден. од блок дотација |
| Набавка на компјутери ОЕМУЦ„ Св. Наум Охридски„ | Активноста е завршена | 600.000,00 Блок дотација | 570.177,00 ден од блок дотација |
| Набавка на клупи ОСУ „Св.Климент Охридски“ | Активноста е комплетно завршена | 2.000.000,00 Блок дотација | 1.998.210,00 ден. од блок дотација |
| Изработка на проекти Средни училишта | Изработени проекти: СОСУ „Св.Кирил и Методиј“: реконструкција и партерно уредување, систем за греење ОСУ „Св.Климент Охридски“: партерно уредување, ограда, електрика,противпожарна заштита, греење, хидрантска мрежа | 1.000.000,00 Блок дотација | 690.005,00 ден од блок дотација |
| **Вкупно:** | | **57.872.000,00** | **32.664.393,00** |

**56,44% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08 – 3254/29**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА (В1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Годишната Програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/144**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА (В1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Годишната Програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година (В1) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/30**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Основни цели на оваа програма се:**
- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на детската заштита и
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на процесот на згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст.

**Активностите** на општина Охрид во областа на детската заштита во 2022 година беа насочени кон поттикнување, поддржување и помагање при остварувањето на целите на Програмата пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните проекти за 2022 година.

**Финансирање:** Активностите од областа на детската заштита планирани за 2022 година се финансираа од средства на Министерството за труд и социјала, од сопствени приходи на градинката и од донации. Најголемиот дел од тековните обврски детската градинка ги покрива од сопствените приходи и блок дотацијата.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец | Активноста не е реализирана | логистика | 0 |
| Бон- тон за деца | Активноста не е реализирана | логистика | 0 |
| Поддршка на разни проекти | Активноста се одвива континуирано согласно потребите | логистика | 0 |
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се спроведува континуирано | 46.448.881,00 Блок дотација | 44.614.239,00 ден блок дотација |
| Режиски трошоци | Активноста се спроведува континуирано | 12.926.154,00 блок дотација, сопствен буџет | 7.135.785,00 ден. блок дотација и 69.303,00 ден сопствени средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | градинка и буџет на општина Охрид | дотација 3.810.248,00 блок дотација |
| Прехрамбени продукти | Активноста се спроведува континуирано | 10.271.062,00 Сопствен буџет градинка | 6.597.594,00 ден сопствени средства дотација |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано | 138.991,00 блок дотација | 138.991,00 ден. блок дотација |
| Дополнителен кадар ангажиран во градинката | Активноста се спроведува континуирано | 7.113.342,00 Сопствен буџет на градинка и блок дотација | 3.720.279,00 ден сопствени средства и 2.950.000,00ден од блок дотација |
| Тековно одржување на објекти и опрема | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 702.010,00 Сопствен буџет на градинката | 702.705.00 ден сопствени средства |
| Осигурување на објектите | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 75.000,00 Сопствен буџет на градинката | 56.640,00 ден сопствени средства |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 168.000,00 Сопствен буџет на градинката | 205.600,00 ден сопствени средства |
| Материјали и ситен инвентар | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 424.429,00 Сопствен буџет на градинката | 409.902,00 ден. сопствени средства |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 135.000,00 Сопствен буџет на градинката | 65.500,00 ден сопствени средства |
| Средства за хигиена | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 750.139,00 Сопствен буџет на градинката | 410.750,00 ден. сопствени средства |
| Канцелариски материјали | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 221.885,00 Сопствен буџет | 243.885,00 ден. сопствени средства |
| Списанија и весници | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 22.000,00 ден сопствен буџет | 96.819,00 ден. сопствени средства |
| Дератизација, дезинфекција, дезинсекција | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 88.000,00 Сопствен буџет на градинката | 34.024,00ден.сопствени средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закупнина за просториите од училиштата кои ги користи детската градинка | Активноста се спроведува континуирано | 252.000,00 Сопствен буџет на градинката | 378.000,00ден сопствени средства |
| Семинари,огласи и др.оперативни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 215.000,00 Сопствен буџет на градинката | 173.579,00ден. сопствени средства |
| Правни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 150.000,00 Сопствен буџет на градинката | 0 |
| Патни расходи | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите | 15.000,000 Сопствен буџет на градинката | 2.600,00 ден сопствени средства |
| **Вкупно:** | | **80.116.893,00** | **71.793.076,00** |

**89,61% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-3254/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2022-2024 ГОДИНА (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 година (ВА) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/145** **ОПШТИНА ОХРИД**

**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2022-2024 ГОДИНА (ВА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 година (ВА) за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА 2022-2024**

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022 – 2024 година (ВА Програма) беа насочени кон реализација на капитални инвестиции во објектите на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид („Централна“, „Развигорче“, „Лихнида“, „Росица“ и „Билјана“) и групите формирани во други просторни услови во ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец, ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти и ООУ „Кочо Рацин“, на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники во воспитување и згрижување на децата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар воспитно-образовен процес претставува предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа Програма треба да овозможи современи услови за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст, пријатни услови за децата и воспитувачите кои поголемиот дел од денот го поминуваат во градинката. Програмата е изработена во транспарентна и инклузивна постапка со вклучување на сите релевантни чинители и разгледување на сите предлози и идеи кои пристигнаа во рамки на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита. Со цел квалитетна изработка на Нацрт - програмата се оддржа и граѓанска трибина на која јавно со присутните релевантни чинители надополнети со граѓански организации и граѓани разговараа за потребите и можностите за капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“-Охрид.

Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022 – 2024 година (ВА Програма) на Секторот за образование, детска,здравствена и социјална заштита поставена на овој начин за тригодишен период овозможи услови за полесно работење а создаде и можности за бројни апликации пред меѓународни и домашни донатори. Активностите предвидени во оваа програма се финансираат од МТСП преку блок дотација, од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на градинката и од донации.

Предмет на овој извештај се активностите реализирани во 2022 година

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Промена на дограмата холовите и економскиот дел ЈОУДГ„Јасна Ристеска“-објект Лихнида | Активноста е реализирана | 452.000,00 Буџет на општина Охрид | 451.704,00 ден општински средства |
| Промена на подовите ЈОУДГ „Јасна Ристеска’’-објект –„Билјана“ | Активноста е комплетно реализирана | 800.000,00 Буџет на општина Охрид | 467.411,00 ден.општински средства |
| **Вкупно:** | | **1.252.000,00** | **919.115,00** |

**73,4 % финансиски реализирано од планирано**

**Број 08-3254/33**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за здравствена и социјална заштита за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/146** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за здравствена и социјална заштита за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Здравствената и социјалната заштита играат клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид. Основните цели на Годишната програма за здравствена и социјална заштита за 2022 година генерално се насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на здравствена и социјалната заштита и
- Изнаоѓање форми за утврдување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на здравствената и социјална заштита во 2022 година беа насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои се потребни за реализирање на активностите и проектите за 2022 година.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласноПрограма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Општинско корисна работа - „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца. | Преку оваа активност во соработка со УНДП се ангажирани 9 образовни асистенти во средните училишта. Проектот заврши и е успешно реализиран. (1 и 2 квартал). Со почетокот на новата учебна година општина Охрид поднесе апликација и повторно доби проект за реализација на оваа активност заедно со УНДП. За таа цел во рамки на средните училишта во општина Охрид се ангажирани 10 образовни асистенти кои работат со ученици со потешкотии во развојот. Проектот се одвива според зацртаната динамика и без проблеми. | 853.800,00 Буџет на општина Охрид и средства на УНДП | 243.000,00 (1 квартал) 432.000,00 (2 квартал) 0 (3 квартал) 92.400,00(4 квартал) Вкупно 2022: 767.400,00 |
| Субвенционирање на трошоци за комунални услуги | Објавен беше јавниот повик и извршена е евалуација на пристигнатите барања. Градоначалникот донесе решенија за субвенционирање на трошоци за комунални услуги по што следуваше | 2.750.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 (1 квартал) 871.441,00 (2 квартал) 1.206.680,00 (3 квартал) 663.135,00(4 квартал) Вкупно 2022: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | измена на ставката и обезбедување дополнителни средства со цел сите оние кои ги исполнуваат условите да може да ја користат мерката. | | 2.741.256,00 |
| Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Зраци’’, во програмата се планира хонорарно ангажирање на две лица и тековни трошоци | Активностите по проектот се реализирани. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 688.000,00 Буџет на општина Охрид | 200.000,00 (1 квартал) 200.000,00 (2 квартал) 0 (3 квартал) 287.500,00(4 квартал) Вкупно 2022: 687.500,00 |
| Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Св Ѓорѓија”,во програмата се планира покривање на тековни трошоци | Активностите по проектот се реализирани. Се спроведуваше врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 100.000,00 Буџет на општина Охрид | 50.000,00 (1 квартал) 0 (2 квартал) 50.000,00 (3 квартал) 0(4 квартал) Вкупно 2022: 100.000,00 |
| Проект „Ги запознаваме ретките болести’’ поддршка за подигнување на јавната свест за постоењето на ретките болести преку кампања | Се спроведуваше врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. Проектот е завршен и е доставен финален извештај | 150.000,00 Буџет на општина Охрид | 75.000,00 (1 квартал) 75.000,00 (2 квартал) Вкупно 2022: 150.000,00 |
| Здружение на слепи лица- „Активности на слепите лица на полето на спортот, културата и рекреацијата” финансирање на превоз на учесниците на активностите | Проектот е реализиран. Доставен е финален извештај | 35.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 (1 квартал) 35.000,00 (2 квартал) Вкупно 2022: 35.000,00 |
| Здружение на Глуви и Наглуви лица – Активности на Здружението, транспортни трошоци и други услуги | Проектот е реализиран. Доставен е финален извештај | 40.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 (1,2 и 3 квартал) 40.000,00(4 квартал) Вкупно 2022: 40.000,00 |
| Општинска организација | Проектот е реализиран. | 118.300,00 | 60.000,00 (1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на Црвен крст-подобрување на квалитетот на живеење на старите лица „Заедно активни и солидарни'' | Доставен е финален извештај | Буџет на општина Охрид | квартал)<br>0 (2 квартал)<br>0 (3 квартал)<br>58.300,00(4 квартал)<br>Вкупно 2022: 118.300,00 |
| СОС Балканмедиа – Охрид, лицата со посебни потреби да се запознаат со медиумите и работата со медиуми преку обука за работа | Реализацијата на проектот е завршена. Се спроведува врз основа на јавниот повик за пројавување на интерес за финансиска поддршка на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита | 200.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 200.000,00 (1 квартал)<br>Вкупно 2022: 200.000,00 |
| В.О.П.С. Поддршка Охрид, активности, помош, поддршка за децата со церебрална парализа и други психомоторни нарушувања | Проектот е реализиран. Доставен е финален извештај | 100.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 50.000,00 (1 квартал)<br>0 (2 квартал)<br>0 (3 квартал)<br>50.000,00(4 квартал)<br>Вкупно 2022: 100.000,00 |
| Финансиска поддршка за центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој. Мерката е наменета за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства | За реализација на оваа активност беше објавен јавен повик за финансиска поддршка на граѓанска организација која работи на територијата на општина Охрид и координира Центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој и аутистичен спектар. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на семејства од социјален ризик и теба да овозможуваат намалување на трошоците на овие семејства кон Центарот. Согласно јавниот повик беше избрано Здружение за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој. Проектот е реализиран | 192.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 192.000,00 (1 квартал) |
| Персонална асистенција за лица кои имаат потешка или најтешка физичка попреченост | За потребите на оваа активност Советот на општина Охрид донесе одлука по која | 240.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 (1 квартал)<br>0 (2 квартал)<br>0 (3 квартал)<br>240.000,00(4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -Обука на 10 лица кои ќе се стекнат со сертификат за личен асистент на лица со попреченост | градоначалникот објави јавен повик, донесе правилник и формира комисија за да ги разгледа пристигнатите пријави. По објавениот јавен повик беше склучен договор со ОО Црвен крст Охрид за реализација на оваа активност. Спроведена е обука, проектот е реализиран | | квартал) Вкупно 2022: 240.000,00 |
| Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби | Беше објавен конкурс за доделување на стипендии. Стручна комисија го разгледа пристигнатите пријави и му предложи а Градоначалникот да склучи договори со избраните лица. Стипендиите се комплетно исплатени | 500.000,00 Буџет на општина Охрид | 144.000,00 (1 квартал) 288.000,00 (2 квартал) Вкупно 2022: 432.000,00 |
| Образовен додаток за студенти | Согласно критериумите на јавниот повик вкупно 44 студенти ја искористија оваа мерка | 282.000,00 Буџет на општина Охрид | 264.000,00 (4 квартал) Вкупно 2022: 264.000,00 |
| **Вкупно:** | | **6.249.100,00** | **6.067.456,00** |

**97% финансиски реализирано од планирано**

**Број 08 – 3254/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/147** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен-обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2022 – 31.12.2022 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка„Јасна Ристеска“,основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани, беше реализирана верската манифестација **„Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.**
  И 2022 година поради пандемијата со Ковид 19 Бадниковата поворка за навестување на Христовото раѓање, го организира т.н „Црвен тепих на хуманоста“ на која учениците од основните и средните училишта како и најмладите од детската градинка беа ѕвезди на црвениот тепих, покажувајќи ја преку донирање на социјални пакети својата хуманост и солидарност кон социјално загрозените семејства за и тие да ја почувствуваат радоста за Христовото раѓање – Божиќ.
- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “**Василичарски карневал”.**
  Карневалот се одржа по сите протоколи за Ковид 19.
- Во очи на Богојавленските чествувања, а согласно протоколите за заштита од Ковид 19 се одржа меѓународна онлајн конференција:„Охридската школа на хуманизмот од среднио век до денес во Европа и Светот, посветена на годинешниот добитник на Светската награда за хуманизам академик Далимир Хајко од Словачка. Беседа за добитникот одржа и претседателот на Интернационалното жири, Јордан Плевнеш.
  На конференцијата присуствуваа и претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев, претседателот на Европската академија на науките и уметностите Жан –Патрик Конрад, амбасадорот на Р.Словачка во Р.Македонија, Хенрик Маркуш и останати преставници од светската научна фела.
  Со ова исклучително признание, Охридската академија на хуманизмот го слави името на Свети Климент Охридски на сите светски меридијани, додека професорот Хајко е шеснаесетти добитник по ред.
  Охрид, градот на УНЕСКО, веќе ги овечна нобеловците Александар Солжењицин, Херта Милер, светските легенди Даисаку Икеда, Рави Шанкар, Питер Брук, Маноел Де Оливеира, Романо Проди, будејќи ги изворите на духовната меморија од првата средновечовна школа на хуманизмот, основана од учениците на Св. Кирил и Методиј, заштитниците на Европа.

- Под целосно покровителство на Општина Охрид, а во соработка со МПЦ Охридска архиепископија, се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **“Богојавление – Водици“;**
  По завршувањето на Богојавленскиот водосвет, точно на пладне на градскиот плоштад се одржа концерт на етно составот „Љубојна“ кои во духот на празникот ги веселеа бројните туристи од Р.Македонија и регионот.
- Во соработка со НУ Центар за култура „Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ се одбележа годишнината од **смртта на ловороносецот Григор Прличев, во рамките на традиционалната културна манифестација “Прличеви беседи”.**

Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување.Со доделувањето на наградата за најдобра поема на лауреатот Трајче Кацаров и претставување на поемата „Цветко“ на малата сцена во НУЦК Григор Прличев, како и со промоција на монографијата „Прличеви беседи (1952-2022) Хроника на еден културен настан“ од авторите Гордана Змејкоска и Милчо Јованоски започнаа свеченостите на годинешните „.Прличеви беседи“.

Во големата сала на општина Охрид беше промовирана книгата „Охридски раскажувачи“ од проф. д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски.

Промотор на книгата беше м-р Перчо Божиновски.

Пред спомен-обележјето на Прличев се одржа манифестацијата „Стихови и звуци за Прличев“, на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа познатиот режисер и драматург, член на друштвото на писатели на Македонија, Зоран Пејкоски.

На свеченоста беа доделни и пофалниците за првонаградените на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“.

- Во соработка со Историскиот архив и основните училишта, одбележана е **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија – Марко Бошњаков.**
- Со пригодна свеченост беше одбележан Јубилејот**: 120 години од смртта на војводата Методи Патчев. Пред неговото спомен – обележје во градскиот парк беше одржан историски час** и пригодна културно – уметничка програма.
- Под покровителство на општина Охрид, а во соработка со Исламската верска заедница од Охрид, во хотелот Мизо, во духот на меѓусебното разбирање, толеранција и соживот, се одржа традиционалната манифестација **„Ифтарска вечер“.**
- На иницијатива на Ансамбл „Билјана“ и КУД „Ѓердан од бисери“, а со поддршка на Општина Охрид, на мини амфитеатарот кај ТЦ Амам се одржа деведесетминутен концерт со охридска староградска музика и песна и изворни охридски и македонски ора во пресрет на најголемиот христијански празник **Воскресение Христово – Велигден.**
- Со полагање цвеќе и пригодна свечена програма беше одбележана годишнината од смртта на војводата, учителот и револуционерот **Христо Узунов.**
- Со концерт на етно – состанов „Монистра“, оваа година, за прв пат, во организација на здружението на граѓани „Арт пријатели“, а под покровителство на општина Охрид се одржа **првиот ЕТНО ФЕСТИВАЛ**“.Втората фестивалска вечер беше во духот на традиционалната македонска народна песна и концерт на учениците од Државниот училишен балетски центар „Илија Николовски – Луј“. На втората фестивалска вечер беше одржана и ревија на традиционални македонски носии од сите краишта на Македонија од сопствената збирка на колекционерот Антонио Стојчески.
- На 4 мај, во големата сала на општина Охрид, беше **промовирана книгата за Лев Огненов,** прв претседател на македонската револуционерна организација во охрид и секретар на македонската православна црква од авторите: проф.д-р Павле Митрески и м-р Димитар Смилески, а со финансиска поддршка на општина Охрид.
- Под покровителство на Општина Охрид на 19-ти мај во НУЦК „Григор Прличев“ се одржа 23-то издание на **традиционалниот детски – музички фестивал Распеано рибарче.**

- На 23 мај во големата сала на општина Охрид беше промовирана **книтата за светите браќа Кирил и Методиј** од авторите: проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски, во издание на општина Охрид. Промотор на книгата беше д-р Бобан Карапејовски.
- Со пригодна културно – уметнчка програма, полагање свежо цвеќе и доделување награди на учениците кои освоиле први места на регионални, државни и меѓународни натпревари се одбележа 24-ти мај – **Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј.**
- Медиумски беше одбележана **годишнината од смртта на големиот македонски писател Ванчо Николески.**
- Под покровителство на општина Охрид, во катедралната црква Св. Софија се одржа традиционалниот меѓународен фестивал **„Охридски бисери“.** Фестивалот траеше 10 дена со натпревари од сите видови инструменти.
- Со поддршка на општина Охрид охриѓани имаа можност да уживаат во музиката на светски познатиот пијанист, маестро Александар Јаковлев.
- Во знак на соработката помеѓу општина Охрид и Лескоевац, Република Србија, на 01.07.2022 година во НУЦК „Григор Прличев“, со поддршка на општина Охрид беше одржана изложба на фотографии под наслов Блиски средби – Охрид 2022 година на која беа поставени над 40 фотографии од автори од просториите на поранешна Југославија.
- Со настапот на Ансамблот „Танец“Акдемското во период од 05.07 до 11.07 започна **61-то о издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри.**

Шеесет и едногодишната културна манифестација, препознаена и призната од УНЕСКО, на која продефилирале над 60 илјади уметници во четирите фестивалски вечери, низ игра и песна ги раширија универзалните вредности на фолклорот и интеркултурното разбирање на различните балкански народи.

На ова шеесет и прво издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри настапија културно – уметничките друштва и ансамбли од Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина.

- Со финансиска и логистичка поддршка на Општина Охрид, а во организација на НУ “Охридско лето”, на сцената на Античкиот театар се одржа **61-тото издание на реномираниот меѓународен фестивал “Охридско лето”.**

Во рамки на фестивалските денови на сцените настапија повеќе од 500 уметници д 18 земји. Со врвни концерти на светски имиња, со македонски уметници, театри, беше донесена магијата на уметноста. Градот Охрид до 20-ти август беше спој на еминентни изведувачи од сите страни на светот

- Под покровителсто на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, во период од 22-ри до 29-ти јули, се одржа **единаесетото издание на културно – забавната манифестација “На зајдисонце во Трпејца**” кое понуди низа содржини со кои го привлече вниманието на гостите и домаќините кои летува во Трпејца како што се настапите на младите од ОО на Црвен крст – Охрид, поетесите, сестрите Вера М Самарџанин, Марика Тапанџиева, познатиот пејач Драган Мијалковски, гитаристот Горан Кичеец и многу други еминентни охридски и македонски уметници.

- Во црквата Св. Софија со поддршка на Општина Охрид се одржа дваесетото јубилејно издание на традиционалниот **фестивал „Охридски бисер“.**
- Со полагање свежо цвеќе оред спомен – бистите на хероите од двата Илиндена, општина Охрид, достојно го одбележа **2-ти Август – Денот на Републиката.**

Делегација на Општина Охрид се поклони и положи свежо цвеќе пред спомен – обележјето на илинденците во градскиот парк во Охрид, спомен-обележјето кај Прентов мост и спомен – обележјето во с.Велгошти каде се одржа целовечерен концерт на КУД Филиграни од Велгошти.

Во организација на Општина Охрид и МЗ Велгошти и ООУ „Живко Чинго“ се одржа традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”,** на која беше доделена наградата за најдобар кус расказ.

Лауреат на културната манифестација во чест на Чинго беше Анета Велкоска – ОДА. Беседа за великанот оджа еминентниот археолог Паско Кузман, додека творечкиот опус за живото на Живко Чинго како инспирација држеше Гоце Џуклески. Манифестацијата беше збогатена со културно – уметничка програма.

- На 55-та по ред Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, беа промовирани книгите: Охридските раскажувачи и Книга за Свети Кирил и Методиј во издание на Општина Охрид.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани„Поетска ноќ во Велестово”, се одржа годинешното 34-то издание на **културната манифестација” Поетска ноќ во Велестово”.**
- Во месец август под покровтелство на општина Охрид беше домаќин на четвртиот по ред **Балканско – детски поетски камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“ .**
- Под покровителство на општина Охрид, а во организација на Здружението Охридски хор, во период од 26ти до 29ти август се одржа тринаесетото издание на **Охридскиот хорски фестивал** на кој зедоја учество на над 20 хорови од Македонија и регионот.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, од 2 до 6 септември, во Трпејца, се одржа второто издание на **Меѓународната уметничка колонија “Трпејца 2022” г.**
- Со поддршка на Општина Охрид, во предворјето на Св. Софија се одржа **традиционалниот осмосептемвриски концерт на Ансамблот „Билјана“.**
- Во период од 08-ми до 10-ти септември Охрид беше покровител на првиот Фестивал на виното и музиката, кој имаше за цел промоција на македонската музика и негување на винската традиција. На трите фестивалски вечери настапија познатите хитови на групата Ареа, групата Фолтин, Суперхикс, Ѓоко Танески, Наум Петрески, Нина Јанева, Александар Јосифоски и мн други**.**
- Пред спомен-обележјето т.н Солзата на Роза, лоцирано на пешачката патека кај каналот Студенчишта**, беше одбележана тринаесет годишнината од потонувањето на бродот Илинден**.
- Во организација на НУ Центар за култура „Григор Прличев”, а со поддршка на Општина Охрид, се одржа годинешното 34-то издание на културната манифестација **“Охридски староградски средби”.**

- Со полагање свежо цвеќе пред спомен-обележјата од НОБ и пригодна свеченост одржана во големата сала на општина Охрид беше одбележан **11 Октомври – Денот на народното востание.**
- Со полагање цвеќе пред спомен-обележјата на револуционерите и пригодна свеченост проследена со културно – уметничка програма во спомен куќата на Христо Узунов, Општина Охрид го одбележа **23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба.**
- Со полагање цвеќе пред спомен-обележјата на паднатите борци од НОБ и свеченост посветена на 78 годишнина од ослободувањето на Охрид, Општина Охрид го одбележа **7 Ноември – Денот на ослободувањето на Охрид.**
- Со финансиска и логистичка поддршка на Општина Охрид по две години пауза се одржа традиционалниот концерт организиран од Здружението на граѓани Пирамида – ЗЕМ, под мотото: „Музиката на еѓипќаните“.
- Со повечедневни чествувања Охрид го одбележа својот Патрон и Заштитник Св.Климент Охридски.

Во чест на Св. Климент беше отворена изложбата од младата и талентирана фотографка Нина Ангелоска под наслов: Охрид –природен и културен раскош. Изложбата се одржа во просториите на ОСУ „Св. Климент Охридски“.

Во рамките на чествувањата посветени на Св. Климент – Патрон на градот, во НУЦК Григор Прличев беа отворени традиционалните изложбина Фото клубот од Охрид и на учениците од гимназијата ОСУ Св. Климент Охридски. Во очи на празникот на големата сцена во НУЦК Григор Прличев во присуство на голем број посетители, граѓани, преставници на културни и образовни институции, претставници на збратимените градови со општина Охрид, претставници на амбасади и конзуларни претставништва во Република Македонија се одржа свечена академија по повод 8-ми Декември – Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид.

На свечената академија се доделија Наградата Св. Климент Охридски – Патрон на градот и повелбите – Св. Климент Охридски – Патрон на градот.

На 08.12.2022 година Охриѓани се поклонаа пред моштите на својот заштитник Св. Климент Охридски кои се наоѓаат во црквата Св. Пантелејмон на Плаошник.

Точно на пладне на градскиот плоштад, пред момументалниот споменик на Св. Климент Охридски беше положено свежо свеќе и беа доделени наградите на учениците од општинските основни и средни училишта на Литературниот конкурс, кој традиционално го распишува Општина Охрид во чест на својот Патрон.

- Како резултат на културната соработка помеѓу Општина Охрид и Амбасадата на Шпанија во Република Македонија во Охрид на 20.12.2022 година во изложбениот салон во НУЦК Ггригор Прличев се одржа изложба од македонскиот уметник Филип Фидановски по повод 140 годишнината од раѓањето на познатиот светски уметник Пабло Пикасо.

Три вечери по ред со почеток во 19.00 часот беа прикажани серија од познати шпански филмови на македонски јазик. На настаните присуствуваше Н. Е Хосе Луис Лосано Гарсија, Амбасадор на Шапанија во Република Македонија.

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 31.12.2022 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **5.401.737,оо денари,** од кои :

- **60.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „ **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.**
- **50.000 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј за одржување на традиционалниот **Василичарски карневал во с. Куратица ;**
- **600.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“;**
- **60.000,оо** денари се исплатени на Здружението за култура, уметност и информации „Ден и ноќ“ за поддршка на музичко –сценската манифестација:Малите ѕвездички со „КА Двојче“(КА-2);
- **340.000,оо** денари се исплатени на Здружението за интегриран развој „ Арт пријатели“ за започнување на првиот Етно фестивал Охрид 2022 година, кој има за цел да прерасне во традиција.
- **80.000,оо** денари се исплатени на Здружението на еѓипќани„Пирамида ЗЕМ“ од Охрид за поддршка на нивните активности во тековната 2022 година.
- **100.000,оо** денари се исплатени на Институтот за национални вредности „Култура 365“ за поддршка на нивните културни активности во тековната 2022 година.
- **35.000,оо** денари се исплатени на проф.д-р Павле Митрески за поддршка во издавањето на книгата: „Лев Огненов“ од авторите Павле Митрески и м-р Димитар Смилески.
- **10.000,оо** денари се исплатени на НУЦК „Григор Прличев“ за одржување на годинешното издание на културната манифестација **”Прличеви беседи**”;
- **10.000,оо** денари се исплатени на НУ библиотека „Григор Прличев“ за одржување на годинешното издание на културната манифестација **”Прличеви беседи**”;
- **600,**оо денари се исплатени на НУБ Св.Климент Охридски за издавање на ЦИП – запис за публикацијата „Охридски раскажувачи“ од проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски во издание на општина Охрид;
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен издавачи договор со авторот на книгата „Охридски раскажувачи“, проф.д-Р Димитар Пандев;
- **50.403,оо** денари се исплатени на МАА за склучен изведувачки договор со авторот на книгата „Охридски раскажувачи“, Славе Ѓорѓо Димоски;
- **11.082,оо** денари се исплатени на МАА за склучен авторски договор со Јованчо Димоски за техничко уредување(прелом) и графичко ликовно решение на корицата на книгата Охридски раскажувачи;
- **2.830,оо** денари се исплатени на МАА за склучен авторски договор со Зоран Пејковски од Друштвото на писатели на Македонија за одржана беседа во рамките на културната манифестација „Прличеви беседи“;
- **600,оо денари** се исплатени на НУБ Св.Климент Охридски за издавање ЦИП запис за книгата за светите браќа Кирил и Методиј.
- **4.530,оо** денари се исплатени на МАА за склулен авторски договор со д-р Бобан Карапејовски за промотор на книгата за светите браќа Кирил и Методиј;

- **60.000,оо** денари се исплатени на ОО на Сојуз на борци од Охрид и Дебрца за реализација на програмските активности за 2022 година.
- **25.000,оо денари** се исплатени на КУД Отекс Фолк за реализација на програмските активности за 2022 година;
- **11.082, оо** денари се исплатени на МАА за склучен авторски договор со Јованчо Димоски за техничко уредување (прелом) и графичко ликовно решение на корицата на книгата за светите браќа Кирил и Методиј;
- **42.645,оо** денари се исплатени на Ансамбл Билјана Јуниор и КУД Ѓердан од бисери за организација на целовечерен концерт по повод најголемиот христијански празник Воскресение Христово –Велигден;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружение на музичари и изведувачи за реализација на 23-то издание на детскиот –музички фестивал „Распеано рибарче“ ;
- **20.000,оо** денари се исплатени на Здружение на пензионери Охрид и Дебрца за поддршка во реализација на 20-та регионална ревија на песни, музика и игри.
- **50.000,оо** денари се исплатени на ЗГ Градски мешан хор „Вокс Лихнидос“ за реализација на програмските активности во тековната 2022 година.
- **30.000,оо** денари се исплатени на ЗГ „Охридски поетски бисер“ за одржување на традиционалната поетска манифестација „Охридки поетски бисер“;
- **100.000,оо** денари се исплатени на ЗГ „Аматер“ за проектот: „Алтернативно културно лето К.И.5 до 12“ 2022 година;
- **30.000,оо** денари се исплатени на КУД „Ѓердан“ за реализација на програмските активности за 2022 година;
- **70.000,оо** денари се исплатени на Дооел Охрид фест – Охриски трубадурии за одржување на традиционалниот фестивал Охрид фест – Охридски трубадурии;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Нина Ангелоска за проектот : „Охридскиот регион – универзален дух и природен раскош“- изложба на фотографии.

- **20.000,оо** денари се исплатени на Јагода Кленковска за поддршка во печатење книгата „Назад преку лицето“;
- **10.000,оо** денари се исплатени на писатело Пере Ристески за поддршка во печатење и издавање на книгата: „Охридска хаику поезија“
- **15.000,оо** денари се исплатени на писателката Марина Димоска за поддршка во печатењето и издавањето на книгата: „Езерото ми зборува“ поезија.
- **18.000,оо** денари се исплатени на охридскиот музички состав Трио Долче за поддршка на нивниот концерт во Рим на покана на Associazione culturale il tempietto – festival musicale delee nazioni., со која достојно ќе го промовираат нашиот град.
- **100.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев – Охрид, за поддршка на програмските активности на Охридскиот народен театар за 2022 година.
- **100.000, оо** денари се исплатени на Исламската верска заедница – Охрид за одржување на традиционалната верска манифестација „Ифтарска вечер.“
- **10.000,оо** денари се исплатени на писателот Мирко Томовски за поддшка во печатењто и издавањето на книгата: „Расеано семе“.

- **15.000,oo** денари се исплатени на охридскиот академски сликар Сашо Блажески за поддршка на неговиот изложба под наслов: „ Висок притисок“.
- **30.000,oo** денари се исплатени на еминентниот охридски сликар Славко Упевче за поддршка на неговата изложбен порект под наслов: „Муренките во изумирање во Радожда“.
- **25.000,oo** денари се исплатени на проф.д-р Гоце Џуклески за поддршка во издавањето на неговата монографија под наслов: „Муренките во изумирање“.
- **25.000,oo** денари се исплатени на познатиот охридски музичар и инструменталист Методија Бараковски за поддршка во печатењто и издавањето на книгта: “Песните по охридските сокаци“.
- **15.000,oo** денари се исплатени на младата охридска писателка Евгенија Веровска за поддршка во печатењето и издавањето на книгата:„ Искра во мракот“.
- **50.000,oo** денари се исплатени на Пик – продукција Дооел, за поддршка на петтото издание на Фестивалот на нов европски филм: „Beach film festival“.
- **400.000,oo** денари се исплатени на НУ Охридско лето за поддршка на годинешното издание на најреномираната културна манифестација „Охридко лето“.
- **25.000,oo** денари се исплатени на Детското – драмско студио Цвет за поддршка на нивните планирани програмски активности за 2022 година.
- **53.550,oo** денари се исплатени на печатницата Графо-ден ДООЕЛ –Скопје за печатење на книгата Охридски раскажувачи во тираж од 300 примероци.
- **26.250,oo** денари се испатени на ДОО Летра дизајн – Охрид по Договор за набавка на услуги за печатење, копирање и издавање, бр.09-3930/1 од 23.03.2022 година за печатење на книгата за светите браќа Кирил и Методиј;
- **26.250** денари се исплатени на ДОО Летра дизајн – Охрид по Договор за набавка на услуги за печатење, копирање и издавање, бр.09-3930/1 од 23.03.2022 година за печатење на книгата за светите браќа Климент и Наум;
- **100.000,oo** денари се исплатени на МАА за склучување на авторски договори со проф.д-р Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски за книгата за Климент и Наум;
- **42.094,**оо денари се исплатени за традиционалната културна манифестаација Вечер на Живко Чинго;
- **50.000,oo** денари се исплатени на Здружение за литература и култура „Мацково“ – за одржување на четвртото издание на Балканско – детско младински камп „Поетски искри од огништето на Ванчо Николески“;
- **50.000,oo** денари се исплатени на Здружението на граѓани „За Трпејца со љубов“ за одржување на традиционалното културно – забавно лето „На зајдисонце во Трпејца“;
- **30.000,**оо денари се исплатени на Танцов Клуб „СОНАТА“ за поддршка на нивните програмски активности за 20022 година;
- **60.000,oo** денари се исплатени кон Здружението на граѓани Поетска ноќ во Велестово за одржување на годинешното издание на традиционалната поетска манифестација „Поетска ноќ во Велестово“;
- **40.000,oo** денари се исплатени на Здружението на за култура и уметност Арт Вивенди за поддршка на програмските активности за 2022 година.

- **70.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Охридски хор за одржување на годинешното издание на традиционалната хорска манифестација „Охридски хорски фестивал“;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓанни За Трпејца со љубов за одржување на традиционалната„Интернационална ликовна колонија“;
- **30.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за традиционалната фолклорна манифестација „Балкански фестивал на народни песни и ора“ за 2022 година.;
- **25.000,оо** деннари се исплатени за Ансамбл Билјана за одржување на хумманитарниот концерт во чест на Андреј Лаброски;
- **20.000, оо** денари се исплатени на режисерот Агрон Биба за поддршка во печатењето и издавањето на книата: „Јас сум Григор Прличев“;
- **30.000,оо** денари се исплатени на Валентина Толеска, автор на традиционалното културно – забавно лето во Пештани;
- **15.000,оо** денари се исплатени на еминетнниот охридски писател Славе Ѓорѓо Димоски за поддршка во издавањето и преведот на неговата книга за потребите на Вашингтонската библиотека;
- **104.113,оо** денари се исплатени на МАА за настап на Нина Јанева на Фестивалот на виното и музиката;
- **1.109.477,оо** денари се исплатени на Крафт продукција за реализација на првото издание на Фестивалот на виното и музиката.
- **11.082,оо** денари се испалтени на Јованчо Димоски за графичко уредување на корицата за книгата за светите браќа Климент и Наум Охридски;
- **6793,оо** денари се исплатени на Јован Поп стефанија преку МАА за настап на Ансамблот Билјана на свеченоста по повод 11 Окомври – Денот на народното востание на Македонскиот народ;
- **5.662,оо** денари се исплатени на Димитар Ратајкоски – промотор на книгата за Светите браќа Климент и Наум охридски;
- **10.416,оо** денари се исплатени на стручната Комисија формирана д градоначалникот на Општина Охрид по Распишаниот награден ученички литературен конкурс по повод Патрониот празник на градот.
- **9.000,оо** денари се исплатени на добитниците на Наградниот ученички литературен конкурс распишан од Општина Охрид по повод Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид**;**
- **25.000,оо** денари се исплатени на КУД Илинден од Велгошти за поддршка на програмските активности за 2022 година;
- **7.000,оо** денари се исплатени на КУД Ѓердан од бисери за учество во кулутурно – уметничката програма организирана по повод 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба;
- **25.000,оо** денари се исплатени на КУД Фаланга за поддршка на програмските активности за 2022 година;
- **25.000,оо** денари се исплатени на КУД Ѓердан за поддршка на програмските активности за 2022 година;

- **10.000,оо** денари се исплатени на КУД Филиграни за поддршка во реализација на годишниот концерт во 2022 година;
- **30.000,оо** денари се исплатени на Здружението на граѓани Ретко е да си редок за поддршка во снимањето на видео-записот на Ретката песна за националната кампања за лицата со ретки болести за 2022 година;
- **50.000,оо** денари се исплатени на Здружението за класичен балет Наталис студио за поддршка на нивните програмски активности за 2022 година;
- **15.000,оо** денари се исплатени на НУ Библиотека Григор Прличев за поддршка во издавањето на монографијата: „70 години Библиотека Григор Прличев“;
- **30.000,оо** денари се исплатени на Никола Ристески за музичкиот проект „Дефинирани луѓе “ кој се состои од промоција на убавините на Охрид одржан во месец август на плоштадот кај х. Александрија;
- **25.000,оо** денари се исплатени на младата оперска пејачка охриѓанката Исабела Димовска за поддршка на нејзиниот настап **на** XVII Меѓународен натпревар по пеење „Монсерат Кабаје“ 2022г. во Мадрид;
- **33.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за закуп на простор за одржување на свечената академија по повод 8-ми Декември – Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид;
- **60.000,оо** денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за закуп на просотр за одржување на двата културни настани организирани во соработка на Шпанската амбасада во Република Македонија и тоа: Изложба на склуптури од македонскиот уметник Филип Фиданоски и промоција на трите шпански филмови кои беа прикажани пред охриѓани во период од 20.12.2022 до 22.12.2022 година;
- **60.000,оо** денари се исплатени на ДООЕЛ Нимо Охридњуз за поддрпка во реализацијата на традиционалната културна манифестација „Зимска бајка 2022“
- **136.599,оо** денари се исплатени на Ви –комерц за техничка реализација на активностите согласно Програмата за култура К4,согласно Договорот за услуги и поддршка за реализација на планираните програмски содржини(озвучување и осветлување), заведен под број 09-8273/1 од 12.08.2021 година и 09-14299/1 од 14.10.2022 година.
- **33.276,оо** денари се исплатени од К А, контно 482930 – Реконструкција на други обејкти кон ЈП Градски гробишта и тоа за изведувачки работи содрани во предмер пресметката за санација на монументалниот споменик на светите браќа Кирил и Методиј лоциран во централното градско подрачје.

*Процентот на реализација на програмата за култура К4 за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година е 70,42% проценти.*

**Број 08 – 3254/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/148** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

Преку програмата за работа со млади и невладини организации општина Охрид директно влијае во сферата на интерес и потребите на младата популација и признавање на улогата на младите во развојот на градот како позитивна движечка сила која е носител на развојот на градот Охрид и промотор на новите вредности на општеството и државата.

Од друга страна за општина Охрид значаен е придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството. Интенцијата на општина Охрид се движи во правец на вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките. Планирано е општина Охрид преку спроведувањето на оваа програма да воспостави партнерски однос и поделба на задачите со претставниците на граѓанскиот сектор во сегменти каде општината ќе има потреба а претставниците на невладините организации ќе имаат капацитет соодветно да одговорат на потребата. Секако во сите овие процеси општина Охрид силно ја почитува независноста и слободниот пристап на овој сектор при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од тука произлегува и основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид. Да биде главна контактна точка помеѓу потребите на младите, невладините организации и општина Охрид. Главната задача на вработените во ова одделение ќе биде преку остварување на активностите предвидени во оваа програма да овозможат: подобрување на положбата на младите во општеството, вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво, учество и вклучување во креирањето на младинските политики, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

Спроведувањето на програмата се одвива преку два клучни сегменти и тоа:

1. Поддршка на невладини организации
2. Поддршка на млади и младински политики

Силна поддршка за младите луѓе од 15 до 29 години кои живеат на територијата на општина Охрид е врвен приортет на локалната самоуправа.

Соработката со граѓанскиот сектор е еден од клучните постулати на работата на општина Охрид. Отворено, транспарентно секогаш почитувајќи ја нивната независност и самостојност во носењето на одлуките ќе се трудиме реализирајќи ги активностите од оваа програма да градиме партнерски однос базиран на взаемна доверба и почитување. Тоа секако ќе придонесе општина Охрид користејќи ги услугите на граѓанскиот сектор да испорачува поквалитетни услуги кон своите граѓани.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2022)**

**Поддршка на невладини организации**

***1. Учество во проектот ReLOAD2***

- **Јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2)**

По претходно потпишан меморандум за разбирање помеѓу општина Охрид и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) со цел да се обезбеди рамка за спроведување на проектот под наслов „Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан“ и одржани неколку средби со претставниците на УНДП на 04.02.2022 година беше објавен јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) и истиот траеше до 04.03.2022 година. Со цел да се помогне на заинтересираните граѓански организации да се подготват за јавниот повик, беше обезбедена помош пред и за време на повикот. Беше одржана обука за управување со

проектен циклус, а граѓанските организации добија помош и во форма на менторство при што еден од консултантите на УНДП држеше менторски сесии за управување со проектен циклус. Дополнително беше одржан и Инфо ден за граѓанските организации со цел да се објаснат сите процедури и процеси во рамките на јавниот повик.

Општина Охрид и проектот ReLOaD2 преку јавниот повик ги повикаа граѓанските организации да поднесат предлог проекти доследни на развојните цели на општина Охрид и приоритетните области кои претходно беа утврдени заедно со граѓанските организации. За потребите на повикот од страна на УНДП беа донесени насоки за подносителите за начинот, постапката и критериумите за пријавување и финансирање на проектите на граѓанските организации. Износот на средства за одобрени проекти ќе се движи од 307.000,00 денари до 1.845.000,00 денари, а општина Охрид во проектот учествуваше со 25% (600.000,00 денари) од вкупниот буџет на истиот.

За разгледување на пристигнатите апликации беше формирана и комисија за евалуација составена од претставници на УНДП и општина Охрид, а на 17.02.2022 беше објавен и јавен повик за изразување интерес за учество на претставник од граѓанските организации како набљудувач во комисијата за евалуација на предлог проектите во рамките на ReLOaD2 проектот во општина Охрид. Откако на повикот не се пријави ниту една заинтересирана страна, по консултација со носителите на проектот беше одлучено за набљудувач во комисијата за евалуација да биде избран претставник од Локалниот младински совет на општина Охрид. Комисијата за евалуација на предлог проектите се состана на 30.03.2022 година и на средбата беше утврдено дека се пристигнати вкупно 12 проектни предлози од граѓанските организации. Дополнително, на барање на една од организациите, една апликација беше повлечена и вкупно за техничка евалуација останаа 11 предлог проекти.

Четири од пристигнатите проекти беа дисквалификуван уште во техничка фаза поради некомплетна документација, судир на интереси, а беше доставен и проект кој веќе претходно е одобрен и финансиран од општина Охрид.

Активност која е во тек:

На 04.11.2022 година Општина Охрид во партнерство со програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) објави јавен повик за граѓански организации за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната Програма за Локална демократија во во Западен балкан 2 ReLOaD 2. Јавниот повик траеше до 02.012.2022 година. На повикот учествуваа11организации, едната беше отфрлена во процесот на еваулација порадипраќање на празни документи. Постапката за избор на Невладини Организации чии програми ќе бидат прифатени е во тек.

**Реализирани активности 01.01.2022 – 31.12.2022**

Во рамки на регионалната прогама на Западен Балкан( ReLOaD 2), Општина Охрид ги продолжи активностите за подршка на невладиниот сектор, со тоа што изврши контрола и мониторинг на трите избрани организации кои се финансирани во рамките на Регионалната програма за Западен Балкан (ReLOaD2):

- В.О.П.С Поддршка Охрид

Оваа организација имаше обврска да гиреализира предвидените активности во одобрениот проект. Во таа смисла 15 декември, во просториите на комплексот “Касарна“ официјално со работа започна првата инклузивна игротека во Охрид, под мотото “Сите деца се исти“.

- Здружение за заштита и одржлив развој на животната средина РЕГИОНАЛЕН ЗЕЛЕН ЦЕНТАР ОХРИД

  Во 2022 година оваа организација одржа неколку работилници на тема “заштита на трската во Охридското езеро “, на истите учествуваа повеќе есперти одобласта на екологијата, професори од таа област како и вработени лица од Хидробиолошкиот завод во Охрид.Завршниот настан беше на 24.02. 2023 година и на истиот беше промовиран филм за заштита на трската во Езерото.

- **„Жртва“- “Апликативни методи за превенција од виктимизација кај млади“**

„Жртва“ е организација која аплицираше и беше избрана со проектот “Апликативни методи за превенција од виктимизација кај млади“ . Целта на овој проект е идентификација, начини и постапки преку кои ќе се идентификуваат и ќе се решаваат проблемите кај младата популација. За овој проект вкупно беа предвидени 763,608.00 денари во кои според меморандумот за соработка меѓу Општина Охрид и UNDP od 13.09.2021г. општина Охрид учествува со 25% средства во реализацијата.

**И врз основа на Меморандумот за разбирање помеѓу општина Охрид и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) со број 09/9395/1 и договор за кофинансирање со број 09-101106/1 Општина Охрид на 15.07.2022 година префрли 600,000.00 денари.**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Средства наменети за кофинансирање на проектите на ГО во рамките на проектот ReLOaD2 | 600.000,00 |
| Реализирани средства | 600.000,00 |

**Поддршка на млади и младински политики**

1. ***Младински центар Охрид***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ќе ја подобрат положбата на младите во општеството. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

За таа цел Советот на општина Охрид донесе Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид. Со оваа одлука, општина Охрид на времено користење отстапи дел од просторот на кој општината има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид. Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три години).

За таа цел беше:

- **Објавен Јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид.**

На 13.01.2022 година беше објавен јавен повик за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Охрид.

За потребите на огласот е изготвен и донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар.

Формирана е и комисија за отварање, разгледување и одлучување по пристигнатите апликации. На ден 09.02.2022 година, во просториите на општина Охрид, комисијата

одржа состанок во полн состав. Комисијата утврди дека од архивата на општина Охрид е примена само една апликација доставена по јавниот повик. Комисијата констатира дека апликацијата е уредна и пристапи кон оценување на истата.

- **Избрана младинската организација Коалиција „ СЕГА “ која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид**

Водејќи се од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на младинската организација која ќе раководи со Младинскиот центар состави записник број 03-433/5 од 10.02.2022 година и до Градоначалникот достави предлог избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид.

Понатаму Градоначалникот на општина Охрид донесе решение број 09-433/6 со кое беше потврдено дека Коалиција на младински организации СЕГА се избира согласно јавниот повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар.

Со избраната младинска организација на 30.03.2022 година беше склучен Договор со број 09-4299/1 со кој беа регулирани меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, а во врска со координација и водењето на Младинскиот центар Охрид.

- **Отворен Младински центар Охрид**

Од 01.09.2022 година започна со работа Младинскиот центар. Просториите во кој е сместен Младинскиот центар Охрид, беа целосно опремени и прилагодени од страна на Општина Охрид и во истиот се вработени три лица, еден раководител и двајца младински работници избрани на претходно објавен оглас.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината. Исплатата на финансиските средства се изврши на младинската организација Коалиција „ СЕГА “ врз основа на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар

**Предвидени средства за трансвер до младинската организација која ќе го координира Младинскиот центар се 1,200.000,00 денари од кои 240,000.00денари се префрлени на 03.06.2022 година а останатите 949,990.00 се префрлени на 06.10.2022 година.**

**Во прилог Ви го доставувам финансискиот извештај за раководењето со Младинскиот центар Охрид од страна на Коалицијата на младиснки организации СЕГА како и кратко резиме на годишен извештај за 2022 година.**

| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ<br>01 јануари - 31 декември 2022 година<br>За раководење со Младински центар Охрид, Коалиција на младински организации СЕГА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Единица** | **Тип** | **Количина** | **Месеци/** | **Побарано од општина Охрид** | **Потрошени средства од Општина Охрид** | **Учество на апликантот** | **ВКУПНО** |
| | **Опис на трошокот** | **Тип** | **Цена** | **# Единици** | **Единици** | **(МКД)** | **(МКД)** | | **(МКД)** |
| **1. Персонал** | | | | | | **286,800.00** | **274,805.00** | **444,000.00** | **718,805.00** |
| 1.1 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 31,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | **372,000.00** | **372,000.00** |
| 1.2 | МЦО раководител | месец | 31,100.00 | 1 | 4 | 124,400.00 | 124,400.00 | **0.00** | **124,400.00** |
| 1.3 | МЦО Младински работник | месец | 20,300.00 | 2 | 4 | 162,400.00 | 150,405.00 | **0.00** | **150,405.00** |
| 1.4 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 6,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | **72,000.00** | **72,000.00** |
| **2. Патни трошоци** | | | | | | **15,120.00** | **7,012.00** | **48,000.00** | **55,012.00** |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 7 | 15,120.00 | 7,012.00 | 0.00 | 7,012.00 |
| 2.2 | Патни трошоци за учество на обуки и конференции | месец | 2,000.00 | 2 | 12 | 0.00 | 0.00 | 48,000.00 | 48,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **60,000.00** | **60,000.00** | **0.00** | **60,000.00** |
| 3.1 | Обука за сертифицирани младински работници | единица | 20,000.00 | 3 | 1 | 60,000.00 | 60,000.00 | 0.00 | 60,000.00 |
| **4. Други директни трошоци** | | | | | | **9,600.00** | **5,922.00** | **0.00** | **5,922.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 5,922.00 | 0.00 | 5,922.00 |
| **5. Индиректни трошоци** | | | | | | **15,600.00** | **26,177.00** | **24,000.00** | **50,177.00** |
| 5.1 | Канцелариски | месец | 1,200.00 | 1 | 7 | 8,400.00 | 15,660.00 | 0.00 | 15,660.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | материјали | | | | | | | | |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 4 | 4,000.00 | 5,685.00 | 0.00 | 5,685.00 |
| 5.3 | Одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 4 | 3,200.00 | 4,832.00 | 0.00 | 4,832.00 |
| 5.4 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | 0.00 | 24,000.00 | 24,000.00 |
| **6.Специфични трошоци поврзани со проектот** | | | | | | **139,160.00** | **139,341.00** | **0.00** | **139,341.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали | единица | 51,450.00 | 1 | 1 | 51,450.00 | 51,436.00 | 0.00 | 51,436.00 |
| 6.2 | Печатење на банер и штанд за промоција | единица | 7,200.00 | 1 | 1 | 7,200.00 | 7,178.00 | 0.00 | 7,178.00 |
| 6.3 | Патни трошоци за учесници (младински работници) на интерна обука во СЕГА | единица | 2,100.00 | 3 | 1 | 6,300.00 | 6,047.00 | 0.00 | 6,047.00 |
| 6.4 | Трошоци за освежување за организирање на настани | единица | 2,000.00 | 6 | 1 | 12,000.00 | 8,490.00 | 0.00 | 8,490.00 |
| 6.5 | Коктел и кетеринг за настан за официјално отварање на МЦО | единица | 30,000.00 | 1 | 1 | 30,000.00 | 30,390.00 | 0.00 | 30,390.00 |
| 6.6 | Изработка и хостирање на веб страна | единица | 23,400.00 | 1 | 1 | 23,400.00 | 23,400.00 | 0.00 | 23,400.00 |
| 6.7 | Хонорар за дизајн на лого | единица | 6,600.00 | 1 | 1 | 6,600.00 | 6,600.00 | 0.00 | 6,600.00 |
| 6.8 | Печатење на материјали | единица | 2,210.00 | 1 | 1 | 2,210.00 | 5,800.00 | 0.00 | 5,800.00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.Трошоци за опремување на МЦО** | | | | | | **564,620.00** | **577,997.00** | **0.00** | **577,997.00** |
| 7.1 | Лаптоп компјутери | единица | 26,000.00 | 3 | 1 | 78,000.00 | 85,943.00 | 0.00 | 85,943.00 |
| 7.2 | Рутер | единица | 8,000.00 | 1 | 1 | 8,000.00 | 11,211.00 | 0.00 | 11,211.00 |
| 7.3 | Флипчарт табла | единица | 3,500.00 | 1 | 1 | 3,500.00 | 3,800.00 | 0.00 | 3,800.00 |
| 7.4 | Платно за ЛЦД проектор | единица | 9,700.00 | 1 | 1 | 9,700.00 | 9,642.00 | 0.00 | 9,642.00 |
| 7.5 | Конгресни столици | единица | 2,200.00 | 30 | 1 | 66,000.00 | 65,844.00 | 0.00 | 65,844.00 |
| 7.6 | Плутени табли | единица | 1,000.00 | 2 | 1 | 2,000.00 | 2,200.00 | 0.00 | 2,200.00 |
| 7.7 | Модуларни маси | единица | 5,150.00 | 27 | 1 | 139,050.00 | 139,050.00 | 0.00 | 139,050.00 |
| 7.8 | Лејзи бегс | единица | 5,500.00 | 10 | 1 | 55,000.00 | 53,506.00 | 0.00 | 53,506.00 |
| 7.9 | Електричен бокал | единица | 1,000.00 | 1 | 1 | 1,000.00 | 599.00 | 0.00 | 599.00 |
| 7.10 | Инвертер клима 3,5 KW | единица | 32,000.00 | 1 | 1 | 32,000.00 | 29,952.00 | 0.00 | 29,952.00 |
| 7.11 | Инвертер клима 5,5 KW | единица | 44,000.00 | 1 | 1 | 44,000.00 | 48,802.00 | 0.00 | 48,802.00 |
| 7.12 | Столици во боја | единица | 2,600.00 | 10 | 1 | 26,000.00 | 25,990.00 | 0.00 | 25,990.00 |
| 7.13 | Клуб Масички | единица | 2,350.00 | 2 | 1 | 4,700.00 | 5,800.00 | 0.00 | 5,800.00 |
| 7.14 | Промотивна табла МЦО (влез) | единица | 3,000.00 | 1 | 1 | 3,000.00 | 3,000.00 | 0.00 | 3,000.00 |
| 7.15 | ПВЦ А табла | единица | 1,900.00 | 1 | 1 | 1,900.00 | 1,888.00 | 0.00 | 1,888.00 |
| 7.16 | Алумиумски рамки А1 (за промотивни постери) | единица | 2,350.00 | 5 | 1 | 11,750.00 | 11,750.00 | 0.00 | 11,750.00 |
| 7.17 | Модуларна гарнитура за седење | единица | 79,020.00 | 1 | 1 | 79,020.00 | 79,020.00 | 0.00 | 79,020.00 |
| **Вкупно директни трошоци** | | | | | | **1,090,900.00** | **1,091,254.00** | **516,000.00** | **1,607,254.00** |
| Административни трошоци, 10% од програмските трошоци | | | | | | MKD 109,090.00 | **MKD 109,090.00** | | MKD 109,090.00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **MKD 1,199,990.00** | **MKD 1,200,344.00** | **MKD 516,000.00** | **MKD 1,716,344.00** |

| Датум | Сума | Опис |
|---|---|---|
| | MKD 1,199,990.00 | Вкупно одобрени средства од Општина Охрид |
| 03.06.2022 | MKD 240,000.00 | I Трансфер на средства од Општина Охрид за предфинансирање (20%) |
| 06.10.2022 | MKD 949,990.00 | II Трансфер на средства од Општина Охрид |
| 31.12.2022 | MKD 1,200,344.00 | Потрошени средства |
| 31.12.2022 | MKD 354.00 | Повеќе потрошени средства од вкупно одобрените (не се побаруваат од Општина Охрид) |
| 31.12.2022 | MKD 10,000.00 | Биланс на неисплатени средства за спроведување на Годишната програма на Младински Центар Охрид за 2022 година кои се побаруваат |

**Резиме на на годишен извештај за 2022 година на Младиснки центар Охрид**

Младинскиот Центар во Охрид е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

Целта на постоењето на младинскиот центар Охрид е да обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформално образование: обучување и подучување на млади;
- информирање, менторство, подучување и советување;
- информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

Младинскиот центар е отворен секој работен ден и е достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите доаѓаат во Центарот, учествуваат во програмските активности и ги користат постојаните услуги, се дружат и ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот.

Во периодот до октомври до декември 2022 година, МЦО воспостави соработка со повеќе од 20 младински организации, ученички заедници, студентски собранија и граѓански организации. До крајот на 2022, МЦО ја официјализираше соработката со потпишување на меморандуми за соработка со 2 училишта и 2 граѓански организации, а просторот го даде на користење за организирање на настани во интерес на младите на 8 правни и физички лица.

Тимот на МЦО реализираше работилници, работни средби, локални дискусии и акции на различни теми: 1. Младинско учество: Работна средба „Да се слушне гласот на младите“ и Локална дискусија „Потребите и предизвиците на студентите“; 2. Корупција: Работилници на тема: „Зголемена транспарентност за стипендии во вистински раце!“ како и активности во рамките на проектот „Млади против корупција“; 3. Едукативни работилници: Едукативна работилница „Стоп за насилството врз жените и девојчињата“; 4. Врснички работилници: „Врсничка едукација за ментално здравје“; Хуманитарни акции: МЦО беше базата на една од најголемите хуманитарни акции во Охрид оваа зима: „Пакетчиња за сите дечиња“.

На Меѓународниот ден на волонтерите, Младинскиот Центар Охрид, го формираше својот Волонтерски клуб кој го сочинуваат повеќе од 30 млади. Повикот ќе биде континуирано отворен и во текот на 2023 година, со цел сите заинтересирани млади од Охрид да можат да станат дел од волонтерскиот клуб и заедно со тимот на МЦО да планираат и реализираат различни активности на принципот од младите за младите.

МЦО го воспостави и својот креативен клуб кон крајот на 2022 година, кој на 31 декември броеше 12 членови. Како и за волонтерскиот клуб, младите од Охрид ќе можат да се вклучат во креативниот клуб и во текот на 2023 година. Со членовите на креативниот клуб, на 16 декември 2022 година, се реализираше новогодишна креативна работилница која имаше за цел да се поттикне креативниот потенцијал на младите, но и Младинскиот Центар да биде украсен со новогодишни мотиви. На целодневната работилница активно учествуваа околу 40 млади.

На 17 декември 2022 година, со членовите на волонтерскиот и креативниот клуб МЦО организираше предновогодишна забава со организации, соработници и млади од Охрид. Целта на забавата беше украсување на МЦО, неформално дружење и забава преку забавни и друштвени игри, ice breaker games, karaoke party, новогодишен филм и сл.

Значаен фокус во периодот од октомври – декември беше ставен на промоција на МЦО. Беа воспоставени канали на социјалните мрежи (Facebook; Instagram; LinkedIn, YouTube). Фокусот беше ставен на фејсбук и инстаграм, па така до 31 декември 2022: страната на Facebook ја следат 744 профили, а опфатот на објавите е 38.524 корисници; страната на Instagram има 289 следбеници, а со постовите се опфатени 494 инстаграм корисници.

На 12 декември е официјално пуштена во употреба веб страната на МЦО: https://mco.mk. Страната е базирана на визуелно привлечен темплејт и содржи неколку менија во кои се објавуваат различни видови на информации во интерес на младите и младинските организации од Охрид. Па така, во менито: Информирај Се – се објавуваат информации за млади, младински организации, граѓански и образовен сектор; во менито: Охрид СЕГА – се објавуваат актуелни информации од Охрид [култура, забава, спорт, образование и сл.]; во менито: МЦО прајт – се објавуваат информации за програмските активности на МЦО; во менито: Настани – е содржан календар на настани во МЦО и во организација на МЦО; и во менито: За нас – се содржани информации за МЦО, нашиот тим, простории, Коалиција СЕГА и контакт. Имајќи во предвид дека веб страната беше достапна за корисниците нешто повеќе од половина месец, бројот на прегледи на веб страната надмина 2.345. Во периодот октомври – декември 2022, тимот на МЦО организираше 5 инфо денови за промоција на активностите и програмите на МЦО со дисеминација на промотивни материјали, и беа организирани 17 промотивни работилници во 4 средни училишта во Општина Охрид.

Во истиот период МЦО имаше повеќе од 1.100 посетители, главно млади и претставници од граѓански организации, и беа организирани 23 настани во интерес на младите: културни настани, обуки, едукативни и креативни работилници, презентации, турнири, и сл.

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Предвидени средства за трансфер до младинската организација која ќе го координира Младинскиот центар | 1.200.000,00 |
| Реализирани средства | ***1.200.000,00 денари*** |

***2 Локален младински совет***

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целта на реализација на оваа активност беше инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно единствено преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите.

Со формирањето на локално младинско собрание и Локалниот совет на млади се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Согласно законската регулатива, Општина Охрид како единица на локалната самоуправа води активна политика на обезбедување услови и превземање системски активности за поддршка на младите и следење на нивните потреби.

Со цел непречено функционирање на Локалниот младински совет и негово понатамошно активно делување, општината се обрза да издвои средства потребни за реализација на годишната програма на Локалниот младински совет.

Локалниот младински совет до службите ја достави својата програма во која се предвидени неколку предлог проекти со кои се таргетира младото население на територија на Општина Охрид и чија цел е поголема вклученост на младинската популација во општествените процеси. За потребите на **Советот на Млади** од буџетот на Општина Охрид во 2022 година без **издвоени312.000,00**, наменети за два проекти кои ги реализира Советот на Млади

**ПРОЕКТ 1 – професионализација и јакнење на капацитетот на советот на млади на Општина Охрид за раководење со процесите и подобрување на стандардите на младите, нивна интеграција во процесот, таргетирање на проблемите на младите на ниво на целата општина и зајакнување на младинската информираност**

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| професионализација и јакнење на капацитетот на советот на млади | ***192.000,00*** |
| Реализирани средства | ***0*** |

**Тука би сакале да напомениме дека иако се предвидени средства исите не се реализирани преку оваа програма од причини што активностите кои ги предвидува овој проект се реализирани преку Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) како и на Младинскиот центар Охрид.**

**ПРОЕКТ 2 - Урбана уметност – да се стави крај на уништувањето на фасадите и ѕидовите на различни објекти и живеалишта, со процес на претворање на истите во уметнички дела со мотиви каракеристични за објектот или средината на живеење.**

- Мапирање на места каде ќе можат да се нацртаат муралите и уметничките дела.
- Одредување теми поврзано со градот и местото каде ќе се изведуваат.

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Бои за ѕидови | 25.000,00 |
| Шаблони | 38.000,00 |
| Пипсови | 25.000,00 |
| Реквизити | 20.000,00 |
| Фото+видео документација | 12.000,00 |
| ***Вкупно:*** | ***120.000,00*** |
| **Реализирани средства** | ***120.000,00*** |

За реализација на овој проект Младинскиот совет поднесе барање бр.31-10017/1 од 18.07.2022 година за префрлање на 120,000.00 денари. Средствата предвидени од програмата на одделението млади и невладини по претходна соогласност бр.31-10017/1 од 18.07.2022 беа префрлени

**Во изминатиот период беа реализирани неколку работилници и обуки на кои земаа учество вработените во одделението за млади и невладини организации:**

- Работна средба во рамките на проектот Млади за иклузија, еднаквост и доверба во просториите на УНДП- УНФПА
- Обука за Младинско учество и младинска политика – улога на службениците за млади на локално ниво
- Национална работилница Унапредување на младинското учество во процесите на донесувањето одлуки
- Состанок на чинители во областа млади и младинска работа, на кој беше дискутирано за моменталната состојба развојот и предизвиците во полето на младинската работа во нашата земја во однос на формалните можности за образование за младински работници и процесот на основање општински младински центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.
- Учество на Регионална Конференција ReLOaD2 во декекмври 2022 година се одржа во Тирана, тоа е програма која во соработка со UNDP ја спроведуваат повеќе општини од неколку држави; Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија; Косово, Босна и Херцеговина.
- Учество на рабодтилници кои во рамки на ReLOaD2 ги организираше Регионалниот зелен центар. Имаше пет работилници на 30.11.2022, 14.12.2022, 22.12.2022 , 31.01.2023 и 15.02.2023 година, како и завршен настан промоција на филм за заштита на трската во езерото на 24.02.202
- Работна средба во рамките на проектот Млади за иклузија, еднаквост и доверба во просториите на УНДП- УНФПА
- Обука за Младинско учество и младинска политика – улога на службениците за млади на локално ниво
- Национална работилница Унапредување на младинското учество во процесите на донесувањето одлуки
- Состанок на чинители во областа млади и младинска работа, на кој беше дискутирано за моменталната состојба развојот и предизвиците во полето на младинската работа во нашата земја во однос на формалните можности за

образование за младински работници и процесот на основање општински младински центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Би сакале да напомениме:

Предвидени средства за програмата на Одделението за млади и невладини организации за периодот од 01.01. 2022 – 31.12.2022 година беа ***2.112.000,00*** денари од кои заклучно до 31.12.2022 година реализирани се **1*.920.000,00 денари*** или изразено во проценти **91%** реализација.

**Број 08 – 3254/39**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/149**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2022 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 31.12.2022 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 29.12.2021 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2022 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2022 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)
**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)
**ЧЕТВРТТО ТОРМЕСЕЧИЕ** (октомври, ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**СЕДМАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 31.01.2022 година. За работа на оваа седница беа предложени 46 точки на дневен ред. Беа повлечени 3 точки од дневен ред, и додадена 1 точка.

Советот усвои 44 Одлуки.

Комисија за урбанизам – беа предложени 30 точки, истите беа усцоени.

Комисија за финансии и буџет – немаше кворум не се одржа.

Комисија за општествени дејнбости – немаше кворум не се одржа.

Комисија за јавни и комиунални дејности – Беа предложени 4 точки, од нив 1 беше повлечена а останатите 3 беа усвоени.

Комисија за заштита на животната средина – немаше кворум и не се одржа

Комисија за верификација, збориу и именувања – Беа предложени 6 точки и истите беа усвоени.

**ОСМАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 10.02.32022. За работа на оваа седница беа предложени 42точки. Беше повлечена 1 точка. Советот усвои 4 Одлуки, 3 Решенија и 1 Програма. Седницата беше прекината на 10 тата точка.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 5 точки и истите беа усвоени.

Комисија за верификација, избори и именувања – бе предложени 3 Решенија и 1 Одлука. Сите беа усвоени.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 33 точки.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 4 точки., Од нив беа усвоени 2.

Комисија за урбанизам – беа предложени 33 точки.

**ДЕВЕТТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 15.03.2022 година.За работа на оваа седница беа предложени 84 точки. Советот усвои 51 Одлука, другите 33 не беа усвоени.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 17 точки. Комисијата усвои 15 Одлуки.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 33 точки.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 54 точки. Од нив беа усвоени 53 Одлуки.

Комисија за урбанизам – беа предложени 26 точки. Комисијата усвои 26 Одлуки.

Комисија за заштита на животната средина – беа предложени 27 точки. Беа усвоени 27 Одлуки.

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за туризам и локален економски развој – немаше кворум и не се одржа.

Комиисја за млади и спорт – беа предложени 2 точки. Комисијата усвои 2 Одлуки.

Во второто тромесечие беа одржани 3 седници и тоа:

**ДЕСЕТАТТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 18.04.2022. За работа на оваа седница беа предложени 24 точки, дневниот ред беше дополнет со 1 точкка. Советот усвои 23 Одлуки и 1 Програма.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 7 точки, се усвија 7 Одлуки.

Комисија за општествени дејности – беа предложени 8 точки, се усвоија 7 Одлуки и 1 Програма.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 4 точки и толку Одлуки се усвоија.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 16 точки, се усвоија 11 Одлуки.

**ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА** – се одржа на ден 20.05.2022. За работа на оваа седница беа предложени 100 точки, од дневниот ред беше повлечена 1 точкка. Советот усвои 99 Одлуки.

Комисија за верификација, избори и именувања – беше предложена 1 точка, се усвои 1 Одлука.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 63 точки и толку Одлуки се усвоија.

Комисија за млади и спорт – беа предложени 3 точки и толку Одлуки се усвоија.

**ДВАНАЕСЕТТА СЕДНИЦА -** се одржа на ден 08.06.2022. За работа на оваа седница беа предложени 35 точки, дневниот ред беше дополнет со 1 точкка. Советот усвои 36 Одлуки.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 4 точки, се усвоија 2 Одлуки.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 28 точки и толку Одлуки се усвоија.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 6 точки, се усвоија 4 Одлуки

Во третото тромесечие беа одржани 4 седници и тоа:

**ТРИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 12.07.2022 година. За работа на оваа седница беа предложени 32 точки на дневен ред.

Советот усвои 34 Одлуки.

Комисија за урбанизам – беа предложени 22 точки, истите беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за јавни и комиунални дејности – немаше кворум и не се одржа.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 29.07.2022. За работа на оваа седница беа предложени 25 точки. Советот усвои 21 Програми и 4 Одлуки.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 10 точки и беа усвоени 9, додека за едната немаше претставник.

Комисја за урбанизам – не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 22 точки од нив беа усвоени 13 додека за останатите немаше Претставник ио не беа разгледани.

Комисија за заштита на животната средина – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за општествени дејности – не се одржа.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за млади и спорт – беа предложени 3 точки, 2 беа усвоени додека за 1 точка немаше претставник

**ПЕТНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 26.08.2022 година. За работа на оваа седница беа предложени 104 точки. Додека 1 одлука не беше усвоена.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 26 точки, од нив беа усвоени 25 а за едната немаше претставник и не беше разгледана.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 73 точки, дневниот ред беше дополнет со уште 2 точки. Комисијата усвои 44 точки, 13 не усвои додека за 18 точки немаше претставници и не беа разгледани.

Комисија за урбанизам – беа предложени 6 точки од нив 5 беа усвоени додека за едната немаше Претставник.

Комисија за заштита на животната средина – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за туризам и локален економски развој – немаше кворум и не се одржа.

Комиисја за млади и спорт – беа предложени 4 точки и истите беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – не се одржа.

**ШЕСТНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 14.09.2022. За работа на оваа седница беа предложени 42 точки. Советот усвои 42 Одлуки.

Комиисија за јавни и комунални дејности – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за општествени дејности – немаше кворум и не се одржа.

Комиисја за урбанизам – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 3 точки, 1 не се усвои додела за 2 немаше претставници.

Комисија за верификација, избори и именувања – беа предложени 2 точки но немаше претставник и не беа разгледани.

Во четвртото тромесечие беа одржани 5 седници.

**СЕДУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА –** се одржа на ден 07.10.2022. За работа на оваа седница беа предложени 27 точки. Советот усвои 23 Одлуки, 1 Заклучок, 1 Иницијатива и 2 Програми.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 5 точки и истите се усвоија.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 16 точки од кои 11 се усвоија.

Комисија за финансии и буџет – немаше кворум и не се одржа.

**ОСУМНАЕСЕТТА СЕДНИЦА –** се одржа на ден 07.10.2022. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка – СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА СЕДНИЦА-** се одржа на ден 15.11.2022. За работа на оваа седница беа предложени 58 точки. Советот усвои 16 Програми и 42 Одлуки.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени 10 точки и сите беа усвоени.

Комиисја за урбанизам – не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 30 точки од нив беа усвоени 29.

Комисија за заштита на животната средина – немаше кворум и не се одржа.

Комисија за општествени дејности – не се одржа.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за млади и спорт – беа предложени 2 точки и истите беа усвоени.

**ДВАЕСЕТТА СЕДНИЦА –** се одржа на ден 28.11.2022. За работа на оваа седница беа предложени 64 точки. Советот усвои 30 Нацрт - Програми, 33 Одлуки и 1 Заклучок.

Комиисија за јавни и комунални дејности – немаше кворум и не се одржа

Комиисја за урбанизам – не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – беа предложени 59 точки истите беа усвоени.

Комисија за заштита на животната средина – беа предложени 8 и сите беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – беа предложени и усвоени 19 точки.

Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.

Комисија за млади и спорт – беа предложени 4 точки и сите беа усвоени

Комисиај за еднакви можности – несе одржа.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА СЕДНИЦА -** се одржа на ден 22.12.2022. За работа на оваа седница беа предложени 72 точки. Имаше дополнување со уште една точка. Советот усвои 31 Програми и 42 Одлуки.

Комиисија за јавни и комунални дејности – беа предложени и усвоени 22 точки.

Комиисја за урбанизам – беа предложени 22 точки од нив 19 се усвоија..

Комисија за финансии и буџет – не се одржа
Комисија за заштита на животната средина – беа предложени 3 и сите беа усвоени.
Комисија за општествени дејности – не се одржа.
Комисија за туризам и ЛЕР – не се одржа.
Комисија за млади и спорт – беа предложени и усвоени 2 точки.
Комисиај за еднакви можности – не се одржа.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид, програма А0- Совет на Општина Охрид за период 01.01-31.12.2022 година**

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2022 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 25.747.278,оо денари. Реализираните расходи во висина од 24.509.857,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, со четвртиот квартал од 2022 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 5.795.807,оо денари. За наведениот период во делот на патните трошоци за потребите на советот реализирани се средства во висина од 10.700,оо денари. Во групата други материјали заклучно со овој квартал за потребите на советот и службата за поддршка на советот реализирани се средства во висина од 108.000,оо денари. За потребите на советот за копирање и печатење на потребните материјали, реализирани се средства во висина од 12.000,оо денари. За членарини во домашни и странски организации исплатени се вкупно 837.110,оо денари од кои кон Организација за светско културно наследство членарина за 2022 година во износ од 52.088,оо денари и 785.022,оо ден. членарина кон домашни организации- Зелс, износ од 445.992,оо ден. Југозападен плански регион износ од 321,330,оо денари и 17.700,оо денари кон Здружение на внатрешни ревизори и Ревизорско друштво. Од контото за чланарини во тековниот квартал исто така има зафаќање по извршни решенија во износ од 500.000,оо ден. Општина Охрид преку Советот како нејзин орган со Одлука за субвенционирање на ЈП има исплатено 6.000.000,оо денари кон ЈП „Водовод‘‘ Охрид, директни субвеници со цел надминување на проблемите предизвикани од ценовниот шок на електричната енергија.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и здруженија на локално ниво, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до здруженија на граѓани и фондации на износ од 1.229.990,оо денари и трансфери кон хуманитарни организации во висина од 770.000,оо денари заклучно со овој квартал.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2021-2022 година од одобрените средства со Буџетот во оваа програма за 2022 за стипендии исплатени се вкупно 405.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се вкупно 8.693.000,оо денари од кои позначајните исплати дадени се подолу во текстот и се однесуваат: износ 1.563.000,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за секое новородено дете, 888.000,оо денари исплатено по решение на комисијата за донесување на урбанистички планови и 600.000,оо ден.учество во проект финансиран од УНДП и општина Охрид ReLOaD2 а за средства предвидени во програмата за млади и невладини организации и износ од 5.588.000,оо денари согласно јавниот повик за субвенционирање на линискиот превоз на територијата на општината Охрид.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година има извршено 95,19 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2022 година..

**Број 08- 3254/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/150** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/42**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТА НА КЕМ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ**
**ЗА ПЕРИОДОТ 01/01/22 – 31/12/22**

Програмата на КЕМ помеѓу мажите и жените беше усвоена од Советот на Општина Охрид. Со донесување на буџетот за 2022 год, предвидени се средства за реализација на програмата на Комисијата за Еднакви можности помеѓу мажите и жените.

Во програмата се предвидени мерки и активности за реализација на Мисијата и визијата на донесената Стратегија за Родова еднаквост на Општина Охрид 2022-2027 со детално објаснати и разработени цели на делување.

Покрај Комисијата за еднакви можности помѓу мажите и жените во општина Охрид е назначен и координатор за еднакви можности помеѓу мажите и жените со цел почитување на законската регулатива, кој покрај другите одговорности е задолжен за спроведување на акциониот план за родова еднаквост за 2022 година.

Реализацијата на планираните работилници и активности се одвиваа согласно предвидените програмски активности на КЕМ како и непредвидени програмски активности како учество на претставници на КЕМ и општински координатори и заменици коoординатори на покана на институции, здруженија на граѓани коии ја работат и обработуваат родовата еднаквост како свое поле на основање и дејствување.

Реализирани активности :

- Локален форум организиран од Националната платформа за женско претприемништво во Охрид на тема: Улогата на жените претприемачи во развојот на туризмот.
- Состанок со градоначалниците од Југозападен плански регион за потпишување на декларацијата за формирање на Совет за женско претприемништво каде главен акцент ќе се стави на улогата на жените во развојот на општата економска состојба во регионот, улогата на жените во развој на туризмот,жената како

иницијатор на руралниот туризам, план со мерки и активности за поддршка на жените претприемачи и сл.

- На покана на Центарот за управување со промени ЦУП , КЕМ помеѓу мажите и жените и општинскиот координатор и заменик координатор присуствуваа на завршна конференција на проектот :„Мерки за зајакнување на женски бизниси по Ковид 19“.
- Во организација на UN WOMAN и амбасадите на Швајцарија и Шведска КЕМ помеѓу мажите и жените и општинските координатори заменици присуствуваа на дводневна работилница во Струга на тема: „Родово буџетирање и родово одговорни програми за работа на општините“.
- Работилница за родови индикатори ; организатор УН Вомен- менторка Марија Ристеска; Учесници Општински Координатор, заменик Координатор, членови од интерсекторска група
- Медиумска Кампања во периодот од 25-ти Ноември до 10 –ти Декември во рамки на Кампањата “ 16 дена активизам против родово базирано насилство “.

Финансиски дел од Извештајот на КЕМ помеѓу мажите и жените за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

- Предвидените финансиски средства во Програмата за работа на КЕМ не се реализирани.
  Планираните програмски активности беа финансирани од страна на организаторите на активностите.

**Број 08 – 3254/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/151** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РМ“ бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 и 84 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2022 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

До општина Охрид во текот на изминатата 2022 година се поднесени вкупно 57 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барањата се поставени најмногу од невладини организации, и тоа 27 барања се поставени од невладени органзации 17 од политички партии и десет барања се поставени од физички лица и три од медиуми.

Со барањето се поставени вкупно 253 прашања од кои најголемиот дел 155 се прашања за секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште, 35 прашања се за секторот за финансиски прашања, 25 прашања се за одделението за инспекциски надзор, 13 за секторот за комунален развој улици и сообраќај, 10 се за секторот за животна средина, 10 за човечки ресурси, 5 за секторот за млади и невладини.

Општина Охрид на сите примени барања има изготвено одговор, од кои 12 барања се одбиени бидејќи од секторите известиле дека не се во можност да ги достават бараните информации од причини што не располагаат со нив, или не се завршени постапките.

По одбиените барања се вложени Жалби, а од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер усвоиле 7 жалби, по што од општината се преиначени 6 решенија, а За едно решение е повторно одбиено барањето од барателот бидејќи постапките сеуште се во тек и не се завршени, па тука е применет член 6 став 1 точка 4 од законот,за што од Агенцијата повторно го вратиле предметот со насоки за достава на информации, поради што е поведена Тужба до Управен Суд.

Пет Жалби се повлечени од барателите по добивање на информациите и Агенцијата донесла одлука за Запирање на постапката со Решение.

**Согласно обврските кои ги има општина Охрид за објавување на линкови со потребни информации за општината и нејзиниот делокруг на работа, општината согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истите редовно ги ажурира.**

**Годишниот Извештај во законски рок е доставен до Агенцијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер.**

**Графички приказ на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | |
|---|---|
| Примени барања за слободен пристап до информации од јавен каратер | 57 |
| Позитивно одговорени барања | 45 |
| Негативно одговорени барања | 12 |
| Изјавени жалби | 12 |
| Усвоени жалби од Агенцијата | 7 |
| Одбиени Жалби од Агенцијата | / |
| Запрени Жалби | 5 |
| Преиначени Решенија | 6 - Едно е повторно одбиено бидејќи од секторот доставен е одговор дека постапката е сеуште во тек |
| Поведени Тужби | 1 |

**Број 08 – 3254/45**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/152**
**14.03.2023 год.**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**

**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2022 ГОДИНА**

**Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2022 година**

Превземените активности од страна на стручните служби на Општина Охрид, за реализација на програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2022 година соодветствуваат со усвоената Програма за работа донесена од страна на општинскиот Совет и предвидените средства во усвоениот буџет на Општина Охрид за 2022 година .

Наведените износи по квартали и вкупно, изнесени во извештајот го одразуваат степенот на реализација на поединечните активности без разлика на исплатата кон извршителите на работните услуги.**Спроведени активности за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2022 година**

- Извршено е поплочување на краци во Лескоец;
- Извршена е санација на патна мрежа во населените места ;
- Извршена е реконструкција со асфалтирање на три краци во село Велгошти со соодветни пропусти;
- Изграден е потпорен ѕид и рампа кај Градски Гробишта ;
- Извршено е асфалтирање на краци во Лескоец, Велгошти, Пештани и Горно и Долно Лакочереј ;

Табеларен приказ на реализација на буџетски средства од програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици согласно усвоениот буџет за 2022 година

**ИЗГРАДБА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖАВУВАЊЕ НА УЛИЧНА ПАТНА МРЕЖА ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

| Реден број | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2022 31.03.2022 | Извршено 01.04.2022 30.06.2022 | Извршено 01.07.2022 30.09.2022 | Извршено 01.10.2022 31.12.2022 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на проектна и техничка документација | 550.000,оо | 100.000,оо | 120.000,оо | 140.000,оо | | 360.000,оо |
| 2. | Стручна ревизија на проекти | 150.000,оо | | | 75.000,оо | | 75.000,оо |
| 3. | Изработка на елаборати за животна средина на проекти | 100.000,оо | | | | | |
| 4. | Изградба , реконструкција на улична патна мрежа, крпење на ударни дупки и асвалтирање на тесни улици во населените места во Општина Охрид | 7.000.000,оо | | 3.200.000,оо | 3.800.000,оо | | 7.000.000,оо |
| 5. | Изградба, санација и рехабилитација на мостови, пропусти и потпорни зидови на улична патна мрежа во населени места и локални патишта | 1.500.000,оо | | 780.000,оо | 390.000,оо | 330.000,оо | 1.500.000.оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Изградба, реконструкција и одржување на тротоари и други површини со бехатон елементи во населените места во Општина Охрид | 2.200.000,оо | | 1.420.000,оо | 310.000,оо | 420.000,оо | 2.150.000,оо |
| 7. | Реконструкција и асфалтирање на улици во рурални населени места | 6.000.000,оо | | | | 6.000.000, оо | 6.000.000, оо |
| ВКУПНО | | 17.500.000,оо | 100.000,оо | 5.520.000,оо | 4.715.000,оо | 6.750.000, оо | 17.085.000,оо |

**Број 08- 3254/47**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ 2022-2024 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2022-2024 за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/153** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2022-2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОД 01.01. ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2022-2024 за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/48**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**
**ЗА ПЕРИОД ОД 2022-2024 ГОДИНА**

Активностите утврдени во усвоената програма, предвидено е да се реализираат со ЈП Водовод и избран економски оператор по пат на оглас.

Наведените износи по квартали и вкупно, изнесени во извештајот го одразуваат степенот на реализација на поединечните активности без разлика на исплатата кон извршителите на работните услуги.

Спроведени активности во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година :

- Изведба на водоводна линија на ул.АСНОМ;
- Изведба на водоводна линија на ул. Македонски Просветители;
- Замена на водоводна линија на ул. Македонски Просветители;
- Замена на водоводна линија на ул. Дејан Војвода ;
- Изведба на водоводна линија на дел од ул.Булевар Туристичка ;
- Изведба на водоводна линија на дел од ул.Кленоец;
- Изградба и санација на резервоари за вода во с. Свињишта и с. Лакочереј ;
- Изведба на дел од водоводна линија во с. Лескоец;
- Изведба на дел од водоводна линија во с. Куратица ;

Изработена проектно- техничка документација за водоводна линија во Индустриска зона Мауцхер;

| **Реден број** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2022 31.03.2022** | **Извршено 01.04.2022 30.06.2022** | **Извршено 01.07.2022 30.09.2022** | **Извршено 01.10.2022 31.12.2022** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на проектна и друга попратна документација за изградба на водоводни системи во Општина Охрид | 600.000,оо | | | 64.722,оо | 144.070,оо | 208.792,оо |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изградба на водоводни линии во град Охрид и населените места во општина Охрид во зависност од реализација на урбанистички планови | 5.000.000,оо | 3.313.873,оо | 950.000,оо | 230.000, оо | 485.000,оо | 4.978.873, оо |
| 3. | Изградба на улични водоводни линии во село Лескоец | 1.500.000,оо | | 830.000,оо | 278.000, оо | 259.848,оо | 1.367.848, оо |
| 4. | Појачување на постојни водоводни мрежи, изградба и реконструкција на резервари за вода во рурални средини | 1.700.000,оо | 791.780,оо | 375.000,оо | 235.000, оо | 285.560,оо | 1.687.340, оо |
| 5. | Појачување на постојни водоводни мрежи со изградба и реконструкција на резервари за вода во с.Куратица | 650.000.оо | | | | 640.551,оо | 640.551,оо |
| 6. | Набавка и поставување на пумпна станица во Шипокно | 2.000.000,оо | | | | | * |
| 7. | Реконструкција на постојна хидрантска мрежа во стар град | 300.000,оо | | | | | |
| 8. | Партиципација на Општина Охрид при изградба на водоводна мрежа на дел од ул. Гоце Делчев | 1.000.000,оо | | | | | |
| ВКУПНО | | 12.750.000,оо | 4.105.653,оо | 2.155.000,оо | 807.772, оо | 1.814.979,оо | 8.883.404 оо |

* Активностите предвидени во точка 6 Набавка и поставување на пумпна станица во Шипокно сеуште не е реализирана поради решавање на имотно правни односи на локацијата на која треба да се постави пумпата и постапката е во тек.

**Број 08- 3254/49**
**14.03.2023 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/154**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/50**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

Јавното осветлување на подрачјето на општина Охрид согласно склучен договор за јавно приватно партнерство е доделено на јавен партнер. Согласно склучениот договор, општина Охрид од јавниот партнер побара да биде доставен акционен план во кој ќе бидат вклучени активностите за санација на оштетени столбови. Согласно планот, а врз основа на споменатиот договор континуирано се врши замена на капаци на електричен дел на столбот.

-Новите мрежи и проширување на постојните не се опфатени во договорот за јавно приватно партнерство. Во тој конктекс, општина Охрид спроведе постапка за јавна набавка и започна со изведба на улично осветлување на ул.Македонски Просветители, изврши осветлување на кружни токови од аспект на осветлување и изготви план за проширување на постојните мрежи, кои врз основа на Програмата се изведуваат на територија на Општина Охрид .

- табеларен приказ на реализација на буџетски средства од програмата за јавно осветлување согласно усвоениот буџет за 2022 година.

**ЈЗ Експлоатација на мрежи за јавно осветлување**

| **Ред. број** | **ОПИС** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2022 31.03.2022** | **Извршено 01.04.2022 30.06.2022** | **Извршено 01.07.2022 30.09.2022** | **Извршено 01.10.2022 31.12.2022** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошена електрична енергија за јавно осветлување за цела 2022 година за сите улични светилки како и семафорски системи | 71.470.000,оо | 15.580.398,оо | 16.180.000,оо | 23.720.000,оо | 15.989.602,оо | 71.470.000,оо |
| 2 | Средства за електрични инсталации и нови мрежи | 8.000.000,оо | | 4.450.000,оо | 1.780.000,оо | 720.000,оо | 6.950.000,оо |
| 3 | Средства за осветлување на кружни крстосници | 200.000,оо | 107.000,оо | 22.000,оо | 31.200,оо | 30.300,оо | 190.500,оо |
| ВКУПНО | | 79.670.000, оо | 15.687.398, оо | 20.652.000,оо | 25.531.200,оо | 16.739.902,оо | 78.610.500,оо |

**Број 08- 3254/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2022-2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2022 ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/155** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2022-2024 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2022-2024 година за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/52**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ**
**НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2022-2024 ГОДИНА**

**Програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадна вода**

Превземените активности од страна на стручните служби на Општина Охрид, за реализација на програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадна вода соодветствуваат со усвоената Програма за работа донесена од страна на општинскиот Совет и предвидените средства во усвоениот буџет на Општина Охрид за 2022 година .Наведените износи по квартали и вкупно, изнесени во извештајот го одразуваат степенот на реализација на поединечните активности без разлика на исплатата кон извршителите на работните услуги.

Носители на ваквата активност се Ј.П. Нискоградба и економски оператори избрани по пат на јавна набавка.Со цел реализација во наведената програма изготвен е план за делокругот на дејствување на јавното претпријатие ЈП Нискоградба и за делување на избран економски оператор. За реализација на активностите избран е извршител на услугата -изработка на проекти. Од страна на јавното претпријатија извршени се следните активности:

- Изведба на фекална канализација на ул.Будва - фаза 3 ;
- Изведба на фекална канализација на дел од ул.Ариф Мустафа;
- Изведба на фекална канализација на дел од ул. Живко Чинго - фаза 2 ;
- Изведба на фекална канализација на пресек на ул. Мирче Ацев и ул. Галичица ;
- Промена и санација на фекална канализација на ул.Македонски Просветители;
- Промена и санација на атмосферска канализација на ул.Македонски Просветители;
- Изведба на фекална канализација на дел од ул.Даме Груев;
- Чистење и санација на фекална канализација на ул. Македонски Просветители
- Чистење и санација на фекална канализација на ул. Кеј Македонија;
**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА ООМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ООМУ„Методи Патче“- Охрид за 2022 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-39/5 од 16.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/85** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОСУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/179**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОСУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид за 2022 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-115/3 од 28.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/86**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА СОСУ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/180** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА СОСУ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ - Охрид за 2022 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-117/4 од 24.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/87** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2022 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/181** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА НА ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ - Охрид за 2022 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-185/3 од 23.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/88** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.-31.12.2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за финансиското работење на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид за периодот 01.01.-31.12.2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/182** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 01.01-31.12.2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за финансиското работење на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ – Охрид за периодот 01.01.-31.12.2022 година, донесен со Одлука на Управниот одбор бр.02-56 од 24.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/89** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА 2021/2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2021/2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/183** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА 2021/2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2021/2022 година, донесена од Управниот одбор бр.02-130/5 од 23.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/90** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за именување член во Комисијата за заштита на животната средина, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/184** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 44 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

1. За член во **КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** се именува:

   **ЕДИС ЗЕЈНУЛА**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/91** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за именување член во Статутарно - правна комисија, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/185** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 44 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

1. За член во **СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА** се именува:

**ЕДИС ЗЕЈНУЛА**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/92** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА РЕГИСТРИРАНИ ЗАНАЕТЧИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Правилникот за користење финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на регистрирани

занаетчии на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/186**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а согласно Програма Г1 програма за поддршка на локален економски развој од Буџетот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА РЕГИСТРИРАНИ ЗАНАТЕЧИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Правилникот за користење финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на регистрирани занаетчии на подрачјето на општина Охрид, донесен од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/93**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Правилник за критериумите и постапка за доделување еднократна парична помош на физички лица, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/187**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Правилник за критериумите и постапка за доделување еднократна парична помош на физички лица.

**Член 2**

Оваа одлука и Правилникот влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/94**
**14.03.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

## ПРАВИЛНИК
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање за добивање на финансиски средства-еднократна парична или друг вид на помош, критериумите кои треба да ги исполнат барателите, постапката за реализација и исплата на средствата/доделување на социјални пакети кон барателите.

Како баратели на средства може да се јават исклучиво физички лица, жители на општина Охрид.

Средства за доделување на парична и друга помош кон физичките лица се предвидени во тековниот буџет на општината.

**Парична и друга помош кон физички лица**

**Член 2**

Согласно усвоениот буџет, парична и друга помош кон физичките лица, ќе се доделува за следната намена:

- еднократна помош за лекување;
- еднократна помош за елементарни непогоди (пожари, поплави)
- еднократна помош за новороденчиња
- еднократна помош за прво новороденче во тековната година и
- социјални пакети во прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена(за социјално загрозени лица-приматели на гарантирана минимална помош, невработени лица)

**КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПОМОШ**

**А) Еднократна парична помош наменета за лекување во земјата и странство**

**Член 3**

Еднократна парична помош наменета за лекување во земјата и странство ќе се доделува на физички лица (поединци) кои не се вожност да ги покријат трошоците за испитување и лекување.

Висината на паричната помош од став 1 од овој член изнесува од 3.000,оо до 25.000,оо денари.

Во исклучителни ситуации, висината на паричната помош може да биде повисока од утврдената во став 2 на овој член, а најмногу до 30.000,оо денари и тоа кога барателт е во живото-загрозувачка состојба и му се потребни повеќе финансиски средства за извршување на оперативен зафат.

За наведената помош, физичкото лице доставува барање со прилог медицинска документација со која подносителот на барањето располага. Со поднесување на барањето, подносителот дава согласност за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Покрај медицинската документација, подносителот задолжително доставува фотокопија од лична карта и фотокопија од трансакциска сметка.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Градоначалникот врз основа на предлогот даден од Комисијата формирана за доделување на парична и друг вид на помош донесува решение за исплата на еднократна парична помош.

**Б) Еднократна парична помош за семејства настрадани од елементарни непогоди**

**Член 4**

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави, земјотреси) во висина до 30.000,оо денари.

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид од СВР-Охрид и потврда од ТППЕ Охрид.

За наведената помош од точка 1, физичкото лице доставува барање со записникот од извршениот увид од СВР-Охрид и потврда од ТППЕ Охрид. Со поднесување на барањето, подносителот дава согласност за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Градоначалникот врз основа на предлогот даден од Комисијата формирана за доделување на парична и друг вид на помош донесува решение за исплата на еднократна парична помош.

**В) Еднократна парична помош за новороденче**

**Член 5**

Еднократна парична помош на родители ќе се додели по основ на новороденче и тоа:
- за прво и второ новороденче 5.000,оо денари и
- за трето новороденче 8.000,оо денари.

Еднократната помош за прво и второ родено дете ќе се доделува врз основа на податоци добиени од ЈЗУ Општа болница Охрид.

Право на парична помош по овој основ има под услов еден од родителите да биде со постојано место на живеење на територијата на Општина Охрид.

За новороденчиња родени во друга здравствена установа надвор од подрачјето на општина Охрид, ќе се доделува паричната помош од став 1 по основ на доставено барање со прилог на доказ на еден од родителите за постојано место на живеење на територијата на општина Охрид и медицински извештај од здравствената установа за новороденото дете/извод од матичната книга на родени за новороденото дете.

За трето дете, се доделува паричната помош од став 1 по основ на доставено барање со прилог на доказ на еден од родителите за постојано место на живеење на територијата на општина Охрид и фотокопии, изводи од матичната книга на родени на сите три деца.

Со поднесување на барањето, подносителот дава согласност за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барањето за оставрување на правото на парична помош од став 1 на овој член се поднесува во рок од 3 месеци од раѓањето на детето.

Градоначалникот врз основа на предлогот даден од Комисијата формирана за доделување на парична и друг вид на помош донесува решение за исплата на еднократна парична помош.

**В) Еднократна парична помош за прво новороденче во тековната година во општина Охрид**

**Член 6**

Право на еднократна помош има мајката која ќе го роди првото новороденче во тековната година.

Висината на паричната помош од став 1 од овој член изнесува 20.000,оо денари.

Еднократната помош се доделува по добиена информација за родено прво дете во годината од старна на ЈЗУ Општа болница Охрид.

Градоначалникот донесува решение за исплата на еднократна парична помош за прво новороденче во тековната година во општина Охрид.

**Г) ДОДЕЛУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ ПАКЕТИ**

**Член 7**

Социјални пакети во прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена, ќе се доделуваат врз основа на доставено барање од физичко лице со прилог потврда за социјален статус и семејна состојба.

Со поднесување на барањето, подносителот дава согласност за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Помошта од став 1 на овој член може да се користи само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Градоначалникот врз основа на предлогот даден од Комисијата формирана за доделување на парична и друг вид на помош донесува решение за доделување на социјален пакет.

Набавката на социјални пакети ќе се врши од економски оператор избран со постапка за јавна набавка.

Нарачката на социјалните пакети од најповолниот економски оператор ќе се извршува со достава на налог за нарачка издаден од член на Комисијата формирана за доделување на еднократна парична или др. вид на помош.

Градоначалникот има право, по свое мислење да додели еднократна помош на лице со социјален ризк во висина на вредноста на еден социјален пакет.

Предност за користење на средствата имаат:

- жители на Општина Охрид
- непотполни семејства
- самохрани родители
- семејства во кои живеат хендикепирани лица
- семејства во кои не работи ниту еден член
- семејства во кои работи само еден член од семејството.

**КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА И ДРУГ ВИД НА ПОМОШ**

**Член 8**

По поднесените барања за доделување на парична или друг вид на помош согласно овој Правилник одлучува Градоначалникот на општината по претходен предлог на Комисијата за доделување на парична и друг вид на помош.

**Член 9**

Комисијата за доделување на парична и друг вид на помош(во понатамошниот текст: Комисија) составена од 5 члена, со решение ја формира Градоначалникот на општина Охрид од редот на вработените во општинската администрација. Членовите на Комисијата имаат мандатот на неопределено време, односно до добивање на известување за нивноиземање од истата.

**Член 10**

Комисијата има за задача да изврши евалуација на прибраните барања и оценка на нивната оправданост, за констатираната состојба, да изготви записник во кој ќе биде содржан

предлог до Градоначалникот на општина Охрид за одобрување на финансиската или друг вид на помош. За одобрените барања, Комисијата има задача да изготви решение за исплата/доделување на социјален пакет и да го достави до Градоначалникот за одобрување.

Одобрените решенија за еднократна парична помош има задача да ги достави до Секторот за финансиски прашања за исплата а додека за одобрените решенија за доделување на социјален пакет да изготви налог за нарачка и истиот да го достави до избраниот економски оператор.

Претседателот на Комисијата има обврска, секоја примена фактура за подигнат социјален пакет со наведен текст:„ социјалните пакети се доделени на лицата x, y i z” , да ја потврди со своерачен потпис и истата и да ја достави до секторот за финансиски прашања за понатамошен третман.

**Член 11**

Градоначалникот има право на директно одобрување на барање за доделување еднократна парична помош на максимален износ од 30.000,оо денари.

Во овој случај, вработените во одделението за поддршка на Градоначалникот изготвуваат решение за исплата на финансиска помош, кое потврдено со потпис од Градоначалникот имаат обврска да го достават до секторот за финансиски прашања за исплата.

**Член 12**

Со донесување на овој Правилник, престанува да важи Правилникот бр.08-2982/5 донесен на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Член 13**

Правилникот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/95** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на ЈП Водовод Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/188** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВОДОВОД ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за покривање на загубата од работењето на ЈП Водовод Охрид за 2022 година, донесена од Управниот одбор на ЈП Водовод Охрид бр.02-414/5 од 24.02.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/96** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ОКТА АД СКОПЈЕ ВО ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за примање на донација од ОКТА АД Скопје во проектирање и инсталација на фотонапонска централа во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година

**Број 09- 3254/189** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 18 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ОКТА АД СКОПЈЕ ВО ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОНАПОНСКА ЦЕНТРАЛА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Охрид се согласува да прими донација од ОКТА АД Скопје, која е насочена во проектирање и инсталација на фотонапонска централа во општина Охрид.

Фотонапонската централа ќе биде поставена на кровот од СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ Охрид, на катастарска парцела број 14985 КО Охрид 3.

**Член 2**

Предмет на оваа Донација е:

- припремата на основниот проект, потребни дозволи и решенија, како и изведбата на проектот;
- Инсталација на фотонапонска централа со моќност од 22 kW.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на општина Охрид да склучи Договор за примање на донација со ОКТА АД Скопје.

**Член 4**

Општина Охрид е согласна, согласно желбата на донаторот, по завршување на постапката за проектирање и инсталација на фотонапонската централа, истата да биде впишана како сопственост на СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ Охрид.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/97** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРОСТОРНО ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА ДИСПЕРЗИРАНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ ПО ФУДБАЛ ПРИ ДСУ „СПОРТСКА АКАДЕМИЈА“ - СКОПЈЕ ВО РАМКИ НА ОСУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за просторно преместување на дисперзираните паралелки по фудбал при ДСУ „Спортска академија“ - Скопје во рамки на ОСУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/190** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Закон за спортска академија („Службен весник на РМ“ бр.115/2014, 129/2015, 146/2015, 30/2016 и 142/16), член 3 и 7, член 15 став 1 точка 8 и член 18 став 1 точка 10 и 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), како и согласност од МОН број 13-1005/2 од 30.01.2023 година, Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРОСТОРНО ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА ДИСПЕРЗИРАНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ ПО ФУДБАЛ ПРИ ДСУ„СПОРТСКА АКАДЕМИЈА“-СКОПЈЕ, ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид во насока на остварување на својата функција и надлежност од областа на образованието преку основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, а се со цел овозможување на подобри услови за настава на учениците и збогатување на понудата на средните училишта на својата територија, презема континуирани мерки и активности преку прифаќање на сите иницијативи кои се движат во овој правец.

**Член 2**

Општина Охрид дава согласност за просторно преместување на дисперзираните паралелки по фудбал при ДСУ„Спортска академија“ Скопје, од просториите на ДУТУ „Ванчо Питошески“- Охрид во просториите на ОСУ „Св.Климент Охридски“- Охрид.

За оваа активност добиена е согласност од МОН број 13-1005/2 од 30.01.2023 година.

**Член 3**

Просториите во ОСУ „Св.Климент Охридски“-Охрид му се преотстапуваат на ДСУ„Спортска академија“-Скопје без паричен надоместок.

Се задолжува Директорот на ОСУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид да склучи договор со ДСУ„Спортска академија“-Скопје во однос на регулирање на обрските по основ подмирување на режиските трошоци (согласно утврдените критериуми за пресметување на нивната висина).

**Член 4**

Општина Охрид е согласна за потребите на дисперзираните спортски паралелки да ги отстапи на користење без надоместок и останати спортски терени и објекти кои се под нејзина надлежност, со цел развој на овие паралелки.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 3254/98** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ НА СТОЈАН ШУТЕВ, ТАСЕ ВАСЕВ И КОЛЕ ЈАНЕВ, ЗАГИНАТИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување локација за градба на спомен - обележје на Стојан Шутев, Тасе Васев и Коле Јанев, загинати за време на Илинденското востание, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/191** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 5 и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Сл.весник на РМ“ бр.66/04, 89/08 и 152/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во

согласност со Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја (Одлука бр.08-13369/32 од 26.09.2019 година), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ГРАДБА НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ НА СТОЈАН ШУТЕВ, ТАСЕ ВАСЕВ И КОЛЕ ЈАНЕВ, ЗАГИНАТИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ**

**Член 1**

Се утврдува локација за градба на спомен - обележје на Стојан Шутев, Тасе Васев и Коле Јанев, загинати за време на Илинденското востание, на **КП.бр. 836 КО Завој**, општина Охрид.

**Член 2**

Според техничкиот опис предвидено е спомен - обележјето да се гради од бетон и завршна обработка од вештачки пикован камен, а се состои од фундамент на кој ќе бидат поставени три бетонски елементи како симбол за трите загинати лица.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука се графичкиот приказ на локацијата и техничкиот опис на спомен-обележјето.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 08- 3254/99** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД ОД ПЕТ ГОДИНИ (СЕПТЕМВРИ 2019 - СЕПТЕМВРИ 2024)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за дополнување на програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од пет години (септември 2019 - септември 2024), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/192** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен - обележја („Сл.весник на РМ“ бр.66/04, 89/08 и 152/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД ОД ПЕТ ГОДИНИ (СЕПТЕМВРИ 2019-СЕПТЕМВРИ2024)**

**Член 1**

Во Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја за период од пет години (септември 2019 - септември 2024), („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.11 од 30.09.2019 година), по реден број 13 се додава реден број 14, со следниот текст: **Спомен - обележје „Охрид - центар на светскиот хуманизам“.**

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден по објавувањето во Службен гласник на Општина Охрид.

**Број 08- 3254/100** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА П**рограмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2023 година.

**Број 09- 3254/193** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 ), член 36 став 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 став 6 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и Мислењето на ЈЗУ Центар за Јавно Здравје Охрид бр.10-68/2 од 28.02.2023 година**,** Советот на Општина Охрид на седница одржана на ден 14.03.2023 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2023 година.

Програмата дефинира 6 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2) обезбедување хигиенски исправна вода во езерото;

3) отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);

4) вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација, и други хигиенско- технички мерки на населени места и други јавни површини;

5) обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и најавни места и

6) обезбедување на превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2023 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2023 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши ЈП „ Водовод“ Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти, Лескоец, Д.Коњско, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи кои се во системот ЈП „ Водовод“

Охрид се снабдуваат населените места: Трпејца, Љубаништа, Ливоишта, Вапила, Г.Лакочереј и Д.Лакочереј. Сопствени водоводи имаат селата: Рамне, Велестово, Косел, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта и Куратица.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи и тоа: Институт за јавно здравје на РСМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.Весник на РМ“ бр.183/18), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Охрид и Институтот за јавно здравје Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението, се врши два пати годишно на мостри на сирова вода (нехлорирана ) од 5 изворишта Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол во Институт за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена физичко - хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди
- Паразитолошка анализа и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за јавно здравје Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2023 година ќе врши еднаш неделно на 10 мерни места од системот за водоснабдување, а од останатите по една мостра месечно.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје Охрид се врши:

- Основна микробиолошка и хемиски анализа;
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи се прави и трета контрола од страна на вработените во ЈП „Водовод“ – Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата. Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење, од мај до септември по 35 примероци месечно. Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 170 според Националната програма за јавно здравје на РСМ. Испитување на квалитетот на водата кај градското пристаниште се врши и во јануари пред празникот Водици.

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали.

**Перманентни активности**

Покрај горе спомenатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници.

Вкупната должина на постојната канализациона мрежа изнесува околу 181,7 км, од кои:

- мешовита канализациона мрежа 41 км,
- фекална канализациона мрежа 94,7 км,
- атмосферска канализациона мрежа 45 км и
- 7 ( седум ) препумпни станици

